# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

18.12.2023 година
бр.19 година 58
Ресен



Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот
на Општина Ресен за 2023 година

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/1 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015,167/2016,151/2021 и 164/2022) Советот на Општина Ресен на 42-та седница, одржана на ден 14.12.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен**

**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -900.320 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 493210 | Отплата на главнината на долгорочни позајмувањ | 742.417 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРО** | | | | | |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на дру | 277.024 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485420 | Надомест за одземен имот | -277.024 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JA0** | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 500.320 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | -742.417 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2023 година.

Бр. 08-2583/4
14.12.2023 г.

Претседател на Советот на Општината
**Ирена Стрезовска Кукуловска с.р**

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за извршување на отпис на должничките салда на непостоечки-избришани фирми на правни субјекти и трговци поединци како и застарени побарувањана по основ на комунална такса за користење музика во јавни локали

Се објавува Одлука за извршување на отпис на должничките салда на непостоечки-избришани фирми на правни субјекти и трговци поединци како и застарени побарувањана по основ на комунална такса за користење музика во јавни локали, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/2<br>
18.12.2023 година<br>
Р е с е н

Градоначалник<br>
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 6 став 1 точка 1 и член 16 од Законот за комунални такси („Службен Весник на РМ“ бр.61/04...........151/21), а во врска со член 85-а од Законот за даноците на имот („Службен Весник на РМ“ бр.61/04...........151/21), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А

-за извршување на отпис на должничките салда на непостоечки-избришани фирми на правни субјекти и трговци поединци како и застарени побарувањана по основ на комунална такса за користење музика во јавни локали-

Член 1

Со оваа Одлука се бришат должничките салда на непостоечки-избришани фирми на правни субјекти и трговци поединци како и застарени побарувања по основ на комунална такса за користење музика во јавни локали.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е списокот на сите правни субјекти и трговци поединци на кои им се бришат должничките салда по основ на комунална такса за користење музика во јавни локали.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/5<br>
14.12.2023 година<br>
Ресен

Претседател<br>
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

# СОСТОЈБА НА ОБВРЗНИЦИ

КТ за музика за правни лица и ТП

| N. | ЕДБ | Обврзник назив | Салдо | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 4017989104807 | ВИКТОР МАНЕВ ВИКТОР Д.О.О.Е.Л. КУМАНОВО | 10.000,00 | одјавено |
| 2 | 4024000104869 | АЛ МОР БЛАГОЈА ПАВЛОВСКИ УВОЗ-ИЗВОЗ Д.О | 10.000,00 | одјавено |
| 3 | 4024000105792 | ЗАКЕРОНИ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ ЈАНКОВЕЦ РЕС | 10.000,00 | одјавено |
| 4 | 4024001104994 | СТАР СОКАК САШКО ТОДОРОВСКИ УВОЗ-ИЗВО | 10.000,00 | одјавено |
| 5 | 4024001105060 | КИТИМ УВОЗ-ИЗВОЗ Д.О.О. РЕСЕН | 10.000,00 | одјавено |
| 6 | 4024005107378 | МАНТАЛ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 10.000,00 | одјавено |
| 7 | 4024005107467 | СОНЕЛА УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 10.000,00 | одјавено |
| 8 | 4024005107734 | ВИКТОРИЈА 2005 УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 10.000,00 | одјавено |
| 9 | 4024005107807 | КРУНА-КОМПАНИ УВОЗ-ИЗВОЗ ДОО РЕСЕН | 6.250,00 | застарено |
| 10 | 4024006108300 | ГЕРАСОВСКИ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ С.ЈАНКОВЕЦ | 5.000,00 | одјавено |
| 11 | 4024006108521 | ПРЕСПА ТУРИСТ ДОО РЕСЕН-ВО СТЕЧАЈ | 6.250,00 | одјавено |
| 12 | 4024007109165 | АЛМОР ОАЗА УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 10.000,00 | одјавено |
| 13 | 4024007109262 | КЛУБЕР УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 5.000,00 | одјавено |
| 14 | 4024007109270 | ЗДВ КАФЕ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 5.000,00 | одјавено |
| 15 | 4024007500255 | КУКУЛ КОМПАНИ УВОЗ-ИЗВОЗ РЕСЕН | 5.000,00 | одјавено |
| 16 | 4024007500352 | ЛА МАР 2008 МАРГАРИТА УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ | 2.500,00 | одјавено |
| 17 | 4024008500593 | ВЛА МИЛ ТРЕЈД УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН | 9.000,00 | одјавено |
| 18 | 4024008500640 | МЕР-АЛ-БЕЛ ДООЕЛ РЕСЕН-МУСТАФОВА БЕЛКА | 2.500,00 | одјавено |
| 19 | 4024010501980 | ВЕНГА УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН-КАРАНФИЛО | 2.500,00 | одјавено |
| 20 | 4024010502390 | МИЛАН-АЦ ПРОМ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ РЕСЕН-Т | 10.000,00 | одјавено |
| 21 | 4024992102560 | ЈУЛИ-2 СТЕВЧЕ КОЗАРОВСКИ УВОЗ-ИЗВОЗ Д.О | 10.000,00 | одјавено |
| 22 | 4024998103933 | САЛМЕТ СТОЈАНОВСКИ ЈОНЕ Д.О.О.Е.Л. УВОЗ- | 5.000,00 | одјавено |
| 23 | 5024005102590 | АЛЕКСАНДАР ТП АНИТА ПЕЦЕ ПАВЛОВСКА | 5.000,00 | застарено |
| 24 | 5024005102639 | АНИРО РУМЈАНА А.ГЈОРГИЕВСКА ТП ЗА ТРГО | 2.500,00 | одјавено |
| | | | 171.500,00 | |

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Програма за спроведување на активности на спортски друштва и одржување на спортска инфраструктура во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за спроведување на активности на спортски друштва и одржување на спортска инфраструктура во Општина Ресен за 2024 година ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023година.

Бр.09-2644/3 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа(,Службен весник на РМ,бр.5/02), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021 ), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Ресен за 2024 година**

Согласно Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и Статутот на општината Ресен , Општината Ресен и во текот на 2023 година ќе продолжи со поддршка на спортските активности во градот и општината, се разбира во рамките на својот Буџет и можностите за реализација на истиот поради лимитот и работењето на општината со блокирана сметка.
Посебна поддршка како во изминатите години и во 2024 година ќе му се даде на развојот на масовниот спорт и на субјектите кои анимираат повеќе млади спортисти се со цел да се развие нивниот спортски дух и здравјето, посебно ќе се стави аспект на подршка на младинските школи за ракомет, фудбал и џудо кои се носители и веќе докажани во развој на младите како на спортски план така и во развој на стабилни, здрави и добро профилирани личности кои во иднина ќе помогнат во развојот и промоција на Општина

Ресен како на спортски така и на културен и општествен план како и инвестирање и поддршка на нови содржини и спортови кои полека се профилираат во изминатите години како што се пливачките спортови и триатлонот.
Во соработка со клубовите и спортските здруженија регистрирани на територијата на Општина Ресен во буџетот е предвидено поддршка на сите спортски здруженија .
Во текот на идната година ќе бидат поддржани повеќе спортски активности во Општината меѓу кои ќе ги наведеме:
-поддржување и поттикнување на работата на спортските клубови со пионери и спортските школи во кои се развиваат младите спортисти од 5 до 14 години,
-поддржување на спортските манифестации во училиштата по разни основи и помагање на школските спортски сојузи во организација на училишни турнири ,
-поддржување на традиционалните спортски натпревари и
-манифестации во нашата општина од локален, национален и меѓународен карактер во областа на спортовите кои се практикуваат во нашата општина -фудбал, ракомет, џудо и сл,
-поддржување на спортските натпревари организирани по повод одбележување на повеќе републички и општински празници,
-поддржување на спортско-рекреативните активности организирани од страна на граѓаните.
-поддржување на манифестации и форми на натпревари на лица со посебни потреби,
-поддржување на Општинскиот Спортски Сојуз , со поддршка на активностите кои ги спроведува Сојузот за потребите на спортските фудбалски клубови преку обезбедување па просторни, технички , материјални и кадровски услови за нивно редовно и непречено функционирање.
Освен тоа Општината Ресен ќе го поддржи и организирањето и одржувањето на повеќе спортски турнири.
Спортските објекти во сопственост на Општина Ресен и оваа година ќе работаат според донесената одлука од страна на советот на Општина Ресен за издавање на термини на рекреативните спортисти, додека клубовите регистрирани на територијата на Општина Ресен ќе бидат ослободени од плаќање на закуп.

## ФК ,,Преспа,, Ресен

Како и секоја година и оваа година Фудбалскиот клуб Преспа како најголем бренд на Општина Ресен кој е еден од најстарите клубови во државата ќе продолжи со успешните настапи во Третата македонска лига југозапад под истото име под кое е формиран во далечната 1919 година. Во 2020 година фудбалскиот клуб Преспа се фузира со младинската фудбалска школа Тотал фудбал, од каде што покрај својата школа, каде тренираат млади фудбалери после навршување на 15 годишна возраст ќе можи да ги превзема талентираните фудбалери и да врши надзор на развојот на помладите категории во оваа веќе профилирана младинска фудбалска школа. Во наредниот период ќе треба да се осетат придобивките од работата на оваа младинска школа со што би се вклучиле младите таленти во екипата на ФК Преспа.

Покрај својата основна активност натпреварување во Третата Македонска Фудбалска Лига , ФК Преспа ќе направи напори за одржување на фудбалската младинска школа со цел обучувањето на поголем број на млади спортисти од градот и регионот.
ФК Преспа како и во изминате неколку години така и во наредната година ќе се грижи за теренот и соблекувалните на Градскиот фудбалски стадион во Ресен.
ФК Преспа во текот на 2024 ќе се бори за влез во Втората Македонска фудбалска лига доколку дозволат условите и финансиската состојба на клубот.
За реализација па програмските активности ФК Преспа потребни се средства од **1,200,000,оо денари** од кои дел ќе треба да ѓи подржи Општина Ресен.
Оваа година во план на ФК Преспа е оддржување на фудбалски интернационален турнир во младински категории.
Турнирот се планира да се оддржи во летниот период и бројот на екипи зависи од финансиската состојба. За оваа активност потребни се **околу 300,000,оо денари**

## Фк ,, Лирија’’ Грнчари

Фудбалскиот Клуб ,,Лирија’’ од с.Грнчари во изминатите неколку години по ред успешно се натпреварува во Трета македонска лига Југозапад, која после неколку успешни натпреварувачки сезони покрај пласман во горниот дел од табелата изграде одлична спортска инфраструктура за настап на својата екипа и ја унапреде младинската школа од каде во иднина ќе црпи потенцијални играчи за настап во повисоките лиги во нашата држава во оваа натпреварувачка сезона 2023/2024 се надева на висок пласман со можност за борба за шампионската титула во Третата македонска лига југозапад.
Екипата на Лирија во минатите години редовно го одржува својот фудбалски стадион и обезбедува солидна тревната површина како и инфраструктура за одигрување на натпреварите од третата Македонска фудбалска лига. За одигрување на претстојната сезона екипата на Лирија има планиран буџет од околу **1.000,000,оо денари**.

## Спортски Ракометен Клуб ,,Преспа 2015,, Ресен

Спортскиот Ракометен клуб Преспа Ресен како наследник на еден од најуспешните спортски колективи екипата на Јафа Промет од Ресен и оваа година продолжи да се натпреварува во првата македонска ракометна лига.
Во овој ракометен колектив свое многу важно место зазема младинската екипа , која три сезони со ред го освојуваше високото трето место во Младинската супер лига. Овој ракометен клуб секоја година продуцира одлични ракометари кои во моментот се главни носители на играта во екипата на шампионот Вардар како и играчи кои настапуваат во други екипи во Македонската супер лига.
Во склоп на СРК Преспа работи и кадетска екипа која се натпреварува во Кадетската лига на Македонија.
Во текот на минатата година СРК Преспа обезбеди соодветни средства од

страна на повеќе спонзори и имаше можност да го искористи ваучерот доделен од Агенцијата за млади и спорт.
СРК Преспа оваа натпреварувачка сезона 2023/2024 го започна подмладувањето на екипата и во својот состав има ракометари кои се на возраст до 20 години, со што ќе им овозможи шанса за нивен прогрес во понатамошната кариера. Екипата планира да избори пласман во средината од табелата на Првата македонска ракометна лига.Клубот за натпреварувачката сезона 2023/24 ќе треба да обезбеди финансиски средства од **1.300,000,оо денари** за одигрување на сите натпревари.

**Ракометна школа Преспа Вардар**

Општина Ресен како и секоја година така и оваа година ќе ги поддржи сите спортски колективи кои се регистрирани на овој простор и успешно ја претставуваат општината во нашата држава.
Еден од спортските колективи кои во минатите неколку години стана препознатлив по своите одлични успеси и претставува одличен репрезент на нашата општина е Ракометната школа Преспа Вардар која поради учество на турнири и продолжување на својата успешна работа во 2024 година ќе биде подржан и од Буџетот на Општината Ресен. Буџетот потребен на Ракометната Школа изнесува **300,000,оо денари**

**Ракометна школа Младост Јуниори Вардар**

Општина Ресен оваа година повторно ќе ги поддржи сите младински школи кои се регистрирани на територијата на Општина Ресен, пред се школи кои во изминатите неколку години докажаа дека работаат на развој на младинските категории на спортисти каква што е ракометната школа на Вардар јуниор, која има бројни успеси во сите младински категории на натпреварување. Во изминатата година школата на РК Младост беше организатор на меморијалниот трунир ,,Зоран Стојановски‘‘ во рамките на манифестацијата ,,Преспански Јаболкобер‘‘ каде за првпат настапија и клубови од женска конкуренција. За нормално функционирање на школата во 2024 година потребни се финансиски средства од околу **300,000,оо денари**

**Џудо Клуб ,, Преспа ,,**

Џудо клубот ,, Преспа “ кој веќе е докажан спортски колектив и вистински репрезент на нашата општина како во нашата држава така и надвор од неа со учество на бројни меѓународни турнири за кои успеси сосема заслужено во 2016 година во рамките на Преспански Јаболкобер 2016 беше награден од страна на Општина Ресен за најдобар спортски колектив. Со изградбата на новата спортска сала во ОУ ,, Гоце Делчев‘‘ клубот за џудо сега има можност своите тренинзи да ги одржува во многу подобри услови и се надева на уште поголем интерес на младите за оваа боречка вештина.

Во наредната 2024 година повторно планира учество на бројни турнири и натпреварувања во земјата и странство а за што ќе биде подржан со дел од потребните средства од Буџетот на Општина Ресен со цел тие средства да бидат искористени за патување на турнири и членарина во Џудо федерација на Република Македонија. Потребниот буџет за одржување на овој спортски колектив изнесува **300,000,оо денари**

**Фудбалска Школа ,, Преспа Тотал Фудбал,,**

Фудбалската школа Тотал Фудбал од Ресен која веке постои 10 години и секоја година се повеке ја промовира нашата општина со своите успешни настапи низ Во 2023 година беше организатор на традиционалниот турнир ,,Благој Котларовски- Баги“ кој се одржа во рамките на Преспански јаболкобер 2023 година. Фудбалската школа Тотал Фудбал во 2020 година се преименува во Преспа Тотал фудбал и потпишаа меморандум за соработка со ФК Преспа со што оваа школа во наредниот период ќе работи како младинска школа на Фудбалскиот клуб Преспа.
Тука се поставуваат темелите на фудбалските клубови на Ресен и Преспа кои се натпреваруваат во македонските фудбалски лиги.Фудбалските членови се натпреваруваат во Детската лига на ФФМ со генерации кои се родени
Средствата кои ѓи добиваме од Општина Ресен ни се потребни за :

- Котизација за учество во лигата на ФФМ

-Патувања и учество на турнири

-Фудбалска опрема за членовите маички дресови копачки и фудбалски топки

-Организирање на турнири на пионерски, младински и кадетски категории

Се грижиме за социјално загрозени групи во нашата општина кои се ослободени од плакање членарина а сепак се трудиме да му посветиме внимание исто како и подобро ситуираните деца.
За оваа организација им се потребни средства од околу **600,000,оо денари** за дел од овие средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината.

**Тениски терен, повекенаменско игралиште и спортско- рекреативен комплекс Починалиште**

Во 2015 година за првпат во нашата општина добивме и терен за тенис и повекенаменско игралиште за ракомет, мал фудбал и кошарка кој терени беа полн погодок во 2015 година и можност за нашите граѓани да имаат уште неколку алтернативи за практицирање на спортови кои досега немаа можност да ги користат.

Во 2023 година се изврши реконструкција и ставање во употреба и користење во ноќните часови ако дозволат условите со високата цена на електричната енергија, бидејки во летниот период дневните температури се пречка за нивно користење, со реконструкцијата на теренот за тенис се

овозможи новоформиранaта тениска школа да започне со одржување на тренинзи на овој терен. Во 2024 година од страна на тениската школа планирано е организација на тениски турнир за младински категории.

**Спортско рекреативни манифестации кои се организираат на територија на Општина Ресен**

Во изминатите 3 години на Преспанското езеро се одржа пливачки маратон во организација на Акваспирит од Охрид на кој настапија учесници од краевите на цела Македонија. Во наредната 2024 година исто се планира продолжување на Пливачки маратон ,,Преспа 2024‘‘ кој има план да стане традиционален и секоја година да се зголемува бројот на учесници. За организација на овој заеднички настан потребни се **300,000,оо денари**

**Училишни спортски клубови**

На територијата на Општина Ресен регистрирани се 5 училишни спортски клубови и како подршка за нив за организација на спортски натпревари и меѓучилишни турнири планирани се **100,000,оо** денари подршка од буџет на Општина Ресен.

| Ред. број | Името на здружението/клубот | Средства по програма на субјектите | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | ФК ,,Преспа,, Ресен | 1,500,000,оо ден | |
| 2. | ФК ,, Лирија’’ Грнчари | 1,000,000,оо ден | |
| 3. | Ракометен Клуб ,,Преспа,, Ресен | 1,300,000,оо ден | |
| 4. | Ракометна школа Преспа Вардар | 300,000,оо ден | |
| 5. | Ракометна школа Младост Јуниори Вардар | 300,000,оо ден | |
| 6. | Џудо Клуб ,, Преспа ,, | 300,000,оо ден | |
| 7. | Фудбалска Школа ,, Преспа Тотал фудбал,, | 600,000,оо ден | |
| 8. | Спортско рекреативни манифестации, Пливачки маратон, Триатлон куп и други манифестации на територијата на Општина Ресен | 500,000,оо ден | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.** | **Мегуопштински традиционален Турнир 2024 во мал фудбал** | **250,000,оо ден** | |
| **11.** | **Набавка на спортски реквизити, мали поправки и одржување на спортски објекти на територија на општина Ресен** | **300,000,оо ден** | |
| **12.** | **Училишни спортски клубови** | **100,000,оо ден** | |
| **13.** | **Тениска школа за организација на тениски турнир** | **60,000,оо ден** | |
| | | | |
| | **ВКУПНО:** | **6,510,000,оо** | |

Согласно Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) општината Ресен во текот на 2023 година ке ги подржи следните спортски активности :

- ќе организира спортски приредби и манифестации

- ќе ги подржува спортските натпревари на општинско ниво во сите спортски активности и категории

- ќе ги подржува традиционалните спортски натпревари и манифестации од национален и мегународен карактер

- ќе го подржува училишниот спорт

- ќе ги подржува спортските активности на лица со посебни потреби

- ќе ги  подржува масовните спортско рекреативни активности на граганите

- ќе ги подржува општинските сојузи

- ќе ги одржува спортските објекти во сопственост на општината

Од Буџетот на Општината Ресен за 2024 год. спортските активности ке се подржат со 1.600,000,00 ден. од кои што со 1,300.000,00 ден. ќе се подржат спортските клубови со директна финансиска поддршка, согласно Законот за спорт, додека 300.000,00 денари за тековно одржување на

спортските објекти. Градоначалникот на Општината Ресен во соработка со спортските клубови а врз основа на претходно утврдени критериуми кои ќе бидат составен дел на Правилник за начинот на распределба на средства до субјектите – корисници кој ќе се изработи и ке биде усвоен од страна на Советот и согласно Законот за спорот, ќе изврши распределба на одобрените средства со Буџетот на Општина Ресен за 2024 година и истиот зависи од условите бидејки Општина Ресен работи со блокирана сметка.
Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година во рамките на планираните средства за оваа Програма.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08 – 2583/6 Претседател
14.12.2023 год. Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за културни активности што се финасираат од Буџет на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за културни активности што се финасираат од Буџет на Општина Ресен за 2024 година ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023година.

Бр.09-2644/4 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на РМ'',бр.5/02), а во врска со член 23 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'',бр.7/2010 , 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) на седницата одржана на ден 14.12.2023 година Советот на Општина Ресен, донесе

**ПРОГРАМА**
**за културни активности што се финансираат од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година**

**1.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**
**2.АКТИВНОСТИ**
- Организација и подршка на манифестации и други настани од културата

- Подршка на Здруженија на Граѓани од Општината во реализација на програми од областа на културата од значење на Општина Ресен
- Подршка на локални институции од културата
- Подршка на културата преку инвестиции
- Други посебни активности поврзани со реализација на програмата

**3.ФИНАСИРАЊЕ**

**4.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

**5.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**1.ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се :
- Обезбедување активен однос на Општина Ресен кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Ресен и Преспа;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Ресен;
- Презентирање и афирмирање на локални творци и интерпретатори од областа на културата, како и презентирање на здруженија,и локални институции во насока на подршка на развој на културата во Општина Ресен

**2.АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Ресен во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:
- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Ресен;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Ресен;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови и други институции со кои е воспоставена соработка од Општина Ресен;
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.
- Вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на услови за развој на културата во Општина Ресен

Ативностите во однос на реализација на програмата културни активности што се финансираат од буџет на Општина Ресен за 2024 година се поделени :

- Организација и подршка на манифестации и други настани од културата
- Поддршка на Здруженија на Граѓани од Општината во реализација на програми од областа на културата од значење на Општина Ресен
- Поддршка на локални институции од културата
- Поддршка на културата преку инвестиции
- Други посебни активности поврзани со реализација на програмата

## Организација и поддршка на манифестации и други настани од културата

| ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Манифестација** | **Рок на активноста** | **Носител** | **Забелешка** | **Средства од Буџет 2024** | **Од други институции** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| Матурска прослава или дефиле | Мај 2024 | **Општина Ресен во соработка со СОУ Цар Самоил** | - го организира и го поддржува настанот | 60.000 денари | / | 60.000 |
| Актерот на Европа | Почеток на Јули | НВО ,,Езеро без Граници‘‘ во соработка со **Општина Ресен** | - се поддржува настанот | 150 000 денари | | 150.000 |
| Преспански иселенички средби | Јули/Август | МЗ на Подмочани,Грнчари,Наколец,Брајчино,Болно<br>**Општина Ресен** | - се поддржува настанот | 50.000 денари | / | 50.000 |
| 49-ти Љубански Илинденски Иселеничк | Август 2024 | МЗ Љубојно,Организационен одбор за реализација на средбите во | - се поддржува настанот | 50 000 денари | / | 40.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| и Средби | | соработка со **Општина Ресен** | | | | |
| Најдобри од најдобрите | Август 2024 | СОУ Цар Самоил во соработка со Општина Ресен | Се подржува настанот | 30 000 денари | / | 30.000 |
| Преспански Поетски Срeќавања | Август 2024 | Општина Ресен поддршка и организација на поетски читања на локални поети | Ко-организатор Општина ресен | 10.000 денари | / | 10.000 |
| Традиционалната детска поетска манифестација „Детски Гласови‘‘ | Септември 2024 | Поддршка од Општина Ресен за ЗГ ЖАР Преспа | Го подржува настанот | 30.000 денари | | 30,000 |
| Преспански Јаболкобер | Септември 2024 | **Општина Ресен** во соработка со НВО,училишта,бизнис сектор, МЗШВ | - го организира настанот | 1,000 000 денари | 800,000(спонзорства и донации) | 1,800,000 |
| | | | | | | |
| Изложба на домашни и странски уметници по утврдена програма | По приоритет | Дом на Култура во соработка со **Општина Ресен** | се подржуваат настаните | 30 000 денари | / | 30.000 |
| Активности за Негување на културата,обичаите и традициите на заедниците | По утврдени приоритети | **Општина Ресен** | се подржуваат | 30 000 денари | / | 30.000 |
| Промоции на книги | По утврдени приоритети | Матична Библиотека и **Општина Ресен** | се подржува | 20 000 денари | / | 20.000 |
| Априлијада 2024 | 1 ви Април 2024 | Основни училишта, градинки и Општина Ресен | Коорганизатор | 50 000 денари | | 50.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Велигденски хепенинг | 19 ти Мај 2024 | Основни училишта, градинки и Општина Ресен | Коорганизатор | 50 000 денари | | 50.000 |
| Обележување на Нова Година<br>- Новогодишна свеченост | 31 декември, ПО посебна програма и украсување на градот | **Општина Ресен** | се организира од Општина Ресен | 500 000 денари | **/** | 500.000 |
| Непредвидени манифестации | Во тек на 2024 | **Општина Ресен** | | 60 000 денари | / | 60.000 |
| **Вкупно средства** | | | | **2.120.000** | **800.000** | **2.920.000** |

Реализација на програмата и горенаведените активности зависи од блокираната сметка на Општина Ресен

## Поддршка на Здруженија на Граѓани од Општината во реализација на програми од областа на културата од значење на Општина Ресен

На територија на Општина Ресен функционираат Културно Уметнички Друштва, Агенции за Фолкор, НВО со делување во областа на културата, Приватен етно музеј-Подмочани ,Ресенска керамичка колонија и други организации кои со своите активности допринесуват кон остварување на целите на оваа Програма. Општина Ресен во рамките на своите надлежности предвидува средства за подршка на Здруженија на Граѓани за реализација на нивните годишни програми во делот на нивни активности од значење на Општина Ресен.Подршката на Општинна Ресен во оваа категорија на предлог програмата се однесува кон обезбедување на финасиска,техничка и организациона подршка на програмите на Здруженијата на Граѓани кои го промовираат , презентираат и афирмираат културниот идентитет на Општина Ресен во земјата и странство. Здруженијата на Граѓани предвидените средства ќе можат да ги користат по утврден приоритет во согласност со Програмата за културни активности што се финансираат од буџет на Општина Ресен за 2024 година и во согласност со Програма за одбележување на значајни настани и личности од Општина Ресен за 2024 година.Општина Ресен ќе формира посебна комисија за распределување на овие средства на Здруженијата кои во текот на годината ќе треба да се обратат до комисијата со изготвени барања за користење на средства со елаборирани предлог активности по однос на барањето или ќе можат да учествуваат на јавни повици од областа на културата кои би ги распишала општина Ресен.

| | Активност | Носител | Период на активноста | Средства |
|---|---|---|---|---|
| Подршка на ЗГ од областа на културата | По утврден приоритет | Општина Ресен | 01.01.2024-31.12.2024 | 350.000 денари |

**Подршка на локални институции од областа културата**

Општина Ресен за остварување на целите на оваа програма предвидува подршка на локални институции чиј делокруг на работа е поврзан со презентација,промоција,афирмирање и зачувување и унапредување на културниот идентитет на Општина Ресен. Подршката на овие институции согласно целите на Програмата за културни активности што се финансираат од буџет на Општина Ресен за 2023 година и во согласност целите на Програма за одбележување на значајни настани и личности од Општина Ресен за 2023 година, ќе се насочи кон подршка на :

| Институција | Активност | Период на реализација | Носител |
|---|---|---|---|
| Дом на Култура Драги Тозија | Подршка при реализација на проекти/кофинасирање според приоритет | 2024 | Општина Ресен |
| Матична Библиотека при Дом на Култура Драги Тозија | Збогатување на фондот на книги | 2024 | Општина Ресен |
| Спомен Куќа на Татарчеви | Промоција на вредностите на Спомен куќата | 2024 | Општина Ресен |
| Музеј на Македонија- Археолошки, Етнолошки и | Промоција на вредностите на | 2024 | Општина Ресен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историска Музејска збирка во Домот на културата "Драги Тозија"-Ресен | музејската збирка | | |
| Основни училишта и средно општинско училиште на Територија на Општина Ресен | Подршка во оранизирање на манифестации | 2024 | Општина Ресен |

За реализација на Активностите поврзани со Подршка на локални институции од обласка културата вкупно се предвидуваат финансиски средства во износ од 250.000 денари

## Подршка на културата преку инвестиции

| **Инвестиција во** | **Носител** | **Период на реализација** | **Средства од Буџет 2024** |
|---|---|---|---|
| Изработка на промотивен материјал за природното и културно-историско наследсто на Општина Ресен | Општина Ресен | 2024 | 50 000 денари |
| Изградба на спомен обележја и заштита на постојните | Општина Ресен | 2024 | 100 000 денари |
| Вкупно | | | **150 000 ден.** |

### Други посебни активности поврзани со реализација на програмата

Со оваа активност се регулираат постапки кои се однесуваат за посебни активности пред се во областа на логистичка и техничка подршка во реализација на програмата.

| **Активност** | **Период на активност** | **Носител** | **Средства од Буџет за 2024** |
|---|---|---|---|
| Репрезентација за културни манифестации | 2024 година | Општина Ресен | 30 000 денари |
| Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации | 2024 година | Општина Ресен | 40 000 денари |
| Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата | 2024 година | Општина Ресен | 30 000 денари |
| Други договорни услуги за застапништво на авторски права ,обезбедувања на награди и признанија | 2024 година | Општина Ресен | 100 000 денари |
| Непредвидени трошоци | 2024 година | Општина Ресен | 20.000 денари |
| **Вкупно** | | | **220. 000 денари** |

За 11-ти Септември, денот на Општината Ресен се подготвува специјална програма со содржини од областа на спортот,култура,Свечена седница на Совет на Општина Ресен и одавање на почит на значајни настани и личности и борци учесници во ослободување на градот
На свечената седница можат да се доделат посебни признанија и награди,кои се доделуваат од буџет на општина Ресен по утврдени критериуми, а се финансираат со посебна ставка на буџетот на Општина Ресен.
Исто така и во рамките на манифестацијата ``Преспански јаболкобер`` се доделува востановена награда и други признанија и награди.Исто така заради одржување на манифестациите општина Ресен треба да склучи во предвидена постапка годишен договор со застапничка агенција за авторски права за регулирање на настапите на изведувачите.

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Ресен предвидени за 2024 година, спонзорства и донации.
При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Ресен ќе ги поддржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички
лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

- Други извори.

| Активност | Предвидени средства |
|---|---|
| **Организација и поддршка на манифестации и други настани од културата** | **2.120.000,00 денари** |
| **Поддршка на Здруженија на Граѓани од Општината во реализација на програми од областа на културата од значење на Општина Ресен** | **350.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| | |
| **Поддршка на локални институции од културата** | **150.000,00 денари** |
| **Поддршка на културата преку инвестиции** | **150.000,00 денари** |
| **Други посебни активности поврзани со реализација на програмата** | **220.000,00 денари** |
| **ВКУПНО** | **2.990.000** |

## 4.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации

По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

| Средства предвидени по Прогрма за Општина Ресен во областа на културата за 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Сопствени ( Општина Ресен ) | Буџет на РМ | Спонзорства и донации | Вкупно |
| **2,990.000** | | **800.000** | **3.890.000** |

## 5.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Нацрт-програмата за активностите на Општина Ресен во областа на културата за 2024 година пред се базира врз стратешки усвоените документи на локално и национално ниво , како и врз реалните потреби за остварување на целите на оваа програма. Исто така оваа програма се адаптира и на активностите кои ќе се спроведуваат во

формирањето на мрежа за културен развој на пелагонискиот Регион како и врз воспоставени национални програми и манифестации.

Оваа програма во еден дел посебно во инвестиции во културата,заради специфичноста на финасиска состојба на општината е продолжение на Програмите за културни активности што се финансираат од буџет на Општина Ресен за неколку години наназад .

Нацрт-програмата за активностите на Општина Ресен во областа на културата за 2024 година е предложена во меѓусекторска и меѓуоделенска корелација на службите во Општина Ресен , и во консулатција и корелација со другите институции чија примарна или секундарна дејност е поврзана со активности во културата и чии активности на тоа поле се од посебно значање за Општина Ресен.

Поддршката на Здруженија на граѓани од областа на културата се темели на реалните барања од овие здруженија кои се од поширок интерес и ги задоволуваат потребите на поголема целна група граѓани.Општината од своја страна ќе се труди активностите превземени од оваа целна група да ги промовира и да ги стави во функција на развој на културата во Општина Ресен

Предложената Програма во делот на реализација на активностите е поделена во подпрограми во кои е даден опис на активностите со цел да се систематизираат активностите и да се насочат кон поефективно нивно извршување.

Во делот на активностите за организирање и подршка на манифестации таа претставува продолжување на традиционални настани и манифестации кои се одржуваат во Општината и кои се нејзин белег.Посветено е внимание притоа настаните и манифестациите да го задржат карактерот на културниот идентитет на Општината кој се одликува со традиционални вредности на меѓунационален и меѓурелигиски соживот притоа потенцирајќи ги и вредностите кои општината ги има од аспект на културно-историското минато и функционалноста кон потребите на заедницата.Исто така во голем дел од активностите предвидени со оваа подпрограма се дава значаен допринос кон подршка на туризмот во општината со организирање на низа манифестации во летниот период и низ различни локации низ Општина Ресен.

Подршката пак на институциите е допринос кој треба на истите да им помогне во профилирањето како места од каде директно ќе се практикува културата.Според нашите сознанија и искуства потребно е подиректно вмрежување на овие институции со цел нивните вредности

кои ги промовираат да бидат ставени во функција во развој на културниот живот во општината.

Општината во рамките на своите надлежности ќе се труди да активностите на институциите како Домот на Културата, Музејската збирка, Матичната библиотека,Спомен Куќата на Татарчеви и др., да бидат подостапни за граѓанине на Општината, затоа што истите според нашите убедувања се најдобриот промотор на културниот капацитет на општината.

Инвестициите во културата се реална потреба за нејзино адекватно спроведување.

Изработка на промотивен материјал за афирмирање на културно историско богатсво на општината е од базично значење за општината како во насока на сопствена промоција на културата така и во насока за подршка за развој на туризмот посебно неговите алтернативни форми.

Изградбата пак на спомен обележја за кои треба да се изготви и посебна програма се во насока за збогатување на материјаната културна понуда во Општината.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08 –2583/7 Претседател
14.12.2023 год. Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/5 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски
с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,бр.5/02), а во врска со член 23 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'',бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) на седницата одржана на ден 14.12.2023 година Советот на Општина Ресен, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за одбележување на значајни настани и личности од Општина Ресен за 2024 година**

## 1.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се :

- Обезбедување на активен однос на Општина Ресен кон значајни настани и личности во Општина Ресен во 2024 година
- Обезбедување на активен однос на Општина Ресен кон настани и личности од национален и интернационален карактер од значење за Општина Ресен
- Сочувување, негување и афирмирање на материјалното и духовно наследство
- Сочувување,негување ,афирмирање и јакнење на историскиот идентитет на Општината Ресен
- Ставање на локалното материјално и духовно наследство и искористување на историскиот идентитет во функција на промоција и развој на Општина Ресен .

## 2. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Ресен во одбележувањето на значајни настани и личности во Општината Ресен ќе бидат насочени кон иницирање, поттикнување,подржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одбележување на значајни настани и личности

- Одбележување на значајни настани и личности кои и даваат посебно обележје на Општина Ресен
- Унапредување на меѓугенерациската, меѓуетничката и историската поврзаност и континуитет меѓу граѓаните на Општина Ресен
- Остварување на продуктивна соработка со асоцијации,организации и фондови кои го реализираат и помагаат одбележувањето на овие датуми и личности.
- Вклучување на Општина Ресен во одбележување на настани и личности од национален и интернационален карактер од значење за Општина Ресен

Во рамките на оваа Програма во 2024 година ќе се одбележат значајни настани и личности од револуционерното минато на Општина Ресен и Република Македонија, како и дел на други културно -уметнички манифестации кои таргетераат настани во согласност со целите на оваа програма на кои Општината ќе им даде посебно внимание.

Оттаму, во текот на 2024 година во рамките на оваа Програма посебно внимание ќе им се посвети на:

1. Одбележување на личности кои и даваат посебно обележје на Општина Ресен
2. Одбележување на настани кои и даваат посебно обележје на општина Ресен

**Одбележување на личности кои и даваат посебно обележје на Општина Ресен за 2024 година**

| Личност | Годишнина | Активност за одбележување | Датум на одбележување | Носител | Средства од општински Буџет | Краток опис за значењето на личноста<br><br>За Општина Ресен |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Кераца Висулчева<br><br>1910-2004 | 114 од раѓањето | Промоција на постојаната поставка на Изложба од сликарски дела од Кераца Висулчева во Ресенскиот сарај, и запознавање на учениците од ОУ во Општина Ресен со нејзините дела изложени во Ресенскиот Сарај | 7 април | Општина Ресен,Дом на култура,Музеј на Македонија – музејска збирка Ресен | 1000 ден | Македонска сликарка.Целокупното творештво од над 500 дела (слики, пастели, акварели и скулптури) Висулчева го остави во трајна сопственост на Македонската држава. Нејзината последна желба беше уметничките дела да не се продаваат, туку да останат како дел од националното богатство на Македонија. Денес тие се изложени во Ресен и Скопје |
| 2.Ахмед Нијази Бег | 111 год. од смртта | Историски час | 17 април | Општина Ресен, НВО | 1000 ден. | Политичар,воен лидер, визионер,еден од предводниците на младотурската револуција,градител на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (1873-1913) | | | | | | ресенскиот сарај. |
| 3.Гоце Делчев<br><br>(1872-1903) | 121 год. од смртта | Полагање свежо цвеќе, посебна програма на ОУ Гоце Делчев,историски час | 4 мај | ОУ Гоце Делчев, Општина Ресен | 1000 денари | македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската револуционерна организација, апостол и срцето на револуционерна Македонија , идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век |
| 4.Славејко Арсов<br><br>1878-1904 | 120 години од смртта | Историски час,полагање свежо цвеќе, организирањ на изложба | Август/септември година | Општина Ресен, ОУ Славејко Арсов | 1000 денари | Околиски војвода во Ресенската околија. Учествувал активно на Смилевскиот конгрес и во Илинденското востание во борбите што се воделе во Ресенско |
| | 105 години од раѓањето | Полагање на свежо цвеќе,посета на | 11/12 Септември | ОО на СЗБ, ОУ Мите Богоевски,МЗ Болно , Општина | 1000 денари | Македонски револуционер и поет, народен херој на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.Мите Богоевски<br>1919-1942 | 81 години од смртта | спомен шума и спомен куќа, Поетско читање, | 31 Октомври | Ресен,Дом на Култура | | Македонија |
| 6.-J.J. Свештарот и<br>- Мите Трповски Војводата<br>1904-1943 | 81 години од загинување | Полагање на свежо цвеќе на споменикот на револуцијата | 6 октомври | Општина Ресен,ОО СБАНОБ,МЗ Царев Двор и Покрвеник | 1000 денари | - Народен херој<br>- Првоборец |
| 7.Цар Самоил<br>958-1014 | 1010 години од смртта | Полагање на свежо цвеќе на споменикот на револуцијата во центарот на градот, историски час, изложба | 6 октомври | Општина Ресен,<br>СОУ Цар Самоил | 1 000 денари | средновековен македонски владетел чија прва престолнина била во Преспа |
| 8.Д-р Христо Татарчев<br>1869-1952 | 72 години од смртта | Полагање на свежо цвеќе на споменикот на револуцијата,историски час | 16 декември | Општина Ресен | 1000 денари | Еден од основачите на Македонската револуционерна организација и прв претседател на Централниот комитет |

**Одбележување на настани за 2024 кои и даваат посебно обележје на општина Ресен**

| Настан | Датум на одбележување | активност | Носител на одбележувањето | Краток опис за значењето на настанот |
|---|---|---|---|---|
| 1.Меѓународен ден на жената | 8 март | Во пресрет на празникот носителот на оваа активност ООЖ од Ресен ќе организира активности и ќе одржи свечена академија посветена на меѓународниот ден на Жената. Во склоп на оваа активност ќе се одржи традиционалниот прием кај Градоначалникот на активиски од ООЖ-Ресен, а ќе се организираат и посети на и културно – историски споменици во Преспа. Во | ООЖ,Општина Ресен<br>Средства од Општински Буџет | На II Меѓународна конференција на жените социјалистки, организирана на иницијатива на Клара Цеткин во Копенхаген е одлучено датумот 8 март да се слави секоја година како „Меѓународен ден на жената“.од тогаш меѓународниот ден на женатазапочнува да се слави низ многу земји од светот, овај ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | склоп на активностите се предвидуваат и хуманитарни активности во прибирање и доделување помош на семејства и слично | 10 000 денари | |
| 2.Денови на пролетта | 21 март | Еколошка акција , чистење и уредување на училишните и други простории,дворни места и пошумавање на површини, на денот на пролетта во градот ќе се одржи дефиле,со културно-уметничка програма посветена на манифестацијата, со учество на ученици од предучилишното и основното образование | Општински координативен одбор, НВО,Училишта, Детска градинка,ЈКП<br>Средства од Општински Буџет<br>5000 денари<br>Средства од Општински Буџет | Прв ден на пролета |
| 3.Меѓународен ден на ромите | 8 април | Прием за претставници на ромската заедница по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на Ромите | Општина Ресен,НВО<br>Средства од Општински Буџет | меѓународен ден ромите е прогласен во 1992 година од ОН и ЕУ. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2000 денари | |
| 4.Ден на Европа,победа над фашизмот | 9 мај | Посебна културно уметничка програма | Општински координативен одбор, ООБАНОВ- Ресен<br>Средства од Општински Буџет<br>5 000 денари | На овој ден во 1950 година Роберт Шуман го презентираше предлогот за создавање на обединета Европа, како опција за одржување на мирот на со војните разурнатиот и поделен континент. Предлогот, попознат како „Шуманова декларација,исто така овој ден се одбележува како ден на победа над фашизмот кога во 1945 година нацистичка Германија го ратификува актот за безусловна капитулација |
| 4.Ден на македонските просветители,24 мај | Мај 2024 | литературно читање и историски час | Училишта,Општински координативен одбор<br>Средства од Општински Буџет<br>1000 днари | Празникот е во чест на Св. Кирил и Св. Методиј, основачите на првата словенска азбука – глаголицата. Денот на македонските светители е прогласен за државен празник |
| 5.Формирање на партизански одред ``Даме Груев | 6 јули | посебна програма | СЗБАНОБ од Ресен и Битола | Формиран над с. Златари на пл. Бигла, Ресенско, 6 јули 1942 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Средства од Општински Буџет<br>2000 денари | |
| 6.Одбележување на светиот месец Рамазан | Согласно верски календар | Организирање на Ифтар од страна на Градоначалникот за верници и великодостојници од муслиманската вероисповед во општина Ресен | Општина Ресен<br>40 000 денари<br>Средства од буџет на Општина Ресен | Рамазан е исламски празник кој трае во текот на целиот деветти месец од исламскиот календар. Рамазан е еден од петте столба на исламот. Тоа е месец на добрина, милост, љубов и простување, Муслиманите сметаат дека Рамазан на секој дом му носи полни раце дарови - милост, бериќет и проштевање. Куранот вели дека Рамазан има четири димензии - духовна, морална, солидарна и здравствена. |
| 7.Иванден | 7 јули | Во склоп со традицијата на овие простори верскиот празник иванден ќе се одбележи со адекватна активности | Општина Ресен,НВО,Дом на Култура<br>Средства од Општински Буџет<br>5000 денари | Еден од големите летни верски празници што македонскиот народ ги празнува со многу обичаи и верувања.Посебноста на прославувањето во преспа го прави Иванден еден од белезите на преспанската традиција |
| 8.Илинден | 1-2 Август | Со низа активности и на соодветен начин пред споменикот во село Крушје, | Општина Ресен,ООСЗБ и МЗ на Крушје,Љубојно | На македонски национелен празник Илинден се одбележува 121 годишнината од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | со Илинденските денови во Љубојно, | Средства од Општински Буџет<br>3000 денари | илинденското Востание, (Илинден 1903 година), |
| 9.Преспанско советување | 2-4 август | На споменикот на Преспанското советување на ЦК на КПМ во Отешево низа активности | Општина Ресен , ООСЗБ<br>Средства од Општински Буџет<br>2000денари | Преспанско советување на ЦК на КПМ (2-4 август 1943 година) е втор состанок на Централниот комитет на КПМ, одржан во Преспа, во непосредна близина на село Отешево. |
| 10.Формирање на баталјонот Мирче Ацев- Ден на АРМ | 18 август | Полагање на свежо цвеќе на споменикот на револуционерната борба, историски час | Општина Ресен , ООСЗБ<br>Средства од Општински Буџет<br>1000 денари | На Славеј планина во Дебарца е формиран баталјонот Мирче Ацев ,со што ооj датум се смета како ден на АРМ |
| 11.Ден на независноста | 8 септември | Културно уметничка програма | Општина Ресен | Годишнина од референдумот за Независна Република |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Средства од Општински Буџет<br>10 000 денари | Македонија |
| 12. 80 години од олободувањето на Ресен | 11 септември | Свечена седница на Совет на Општина Ресен,Прием кај Градоначалникот за Борците и нивни потомци,полагање на свежо цвеќе на споменици,посебна програма | Општина Ресен<br>Средства од Општински Буџет<br>3 000 денари | 11 септември 1944 година е датумот на ослободување на Ресен и Преспа од фашистичката окупација |
| 13.Ден на антифашистичкото Востание | 11 октомври | Историски час,полагање на свежо цвеќе на споменикот на револуционерна борба. | Општина Ресен,училишта<br>Средства од Општински Буџет<br>3 000 денари | На 11 Октомври 1941 во Прилеп и Куманово е дигнато востание против фашистичката окупација на Македонија. 11 Октомври е државен празник во Р.М |
| 14.Ден на револуционерната борба | 23 октомври | Историски час,полагање на свежо цвеќе на споменикот на револуционерна борба. | Општина Ресен<br>Средства од Општински Буџет<br>2000 денари | Празникот се празнува по повод формирањето на македонската револуционерна организација во Солун на 23 октомври 1893 година.<br>23 Октомври е државен празник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15.Ден на Албанската Азбука | 22 Ноември | историски час ,трибина,рецитал | Оптина Ресен.ОУ Славејко Арсов,Соу Цар Самоил<br>Средства од Општински Буџет<br>3000 денари | Во 1908 година во Битола е унифицирана албанската азбука |
| 16.Ден на Албанското знаме | 28 Ноември | Посебна програма | НВО,Општина Ресен<br>Средства од Општински Буџет<br>3000 денари | Во Валона (Влора) на 28 ноември 1912 година, Исмаил Ќемали, ја прогласи независноста и го официјализира албанското национално знаме. Празник на албанската заедница во Македонија. |
| 17.Меѓународен ден на лицата со инвалидитет | 03 декември | изложба | Дневен центар за деца со посебни потреби,Дом на Култура ,Општина Ресен<br>Средства од Општински Буџет<br>5000 денари | 3 декември е меѓународен ден на лицата со инвалидитет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18.Ден на настава на Турски јазик | 21 декември | Рецитал,трибина | Општина Ресен,НВО,ОУ Мите Богоевски | Денот на настава на турски јазик 21 декември кога во скопското училиште „Тефејуз“ во 1944 година било возобновено образованието на турски јазик |
| | | | Средства од Општински Буџет | |
| | | | 3000 денари | |

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите за одбележување на значајни настани и личности од Општина Ресен за 2024 година утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Ресен предвидени за 2024 година, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата организаторите во одредени активности на манифестациите и проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош може да очекуваат од :

- Министерството за Култура на Република Македонија;

- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

- Други извори.

## 4.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди декасе во согласност со целите на Програмата.

## 5.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одбележување на значајни настани и личности од Општина Ресен за 2024 година

- почесно покровителство на градот Ресен,

- обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината за потребите на реализирање на Програмата,

- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации,

- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градотпри одржување манифестации и реализирање на активности од Програмата.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Ресен.

Табела. Финансисрање на Програмата за одбележување на значајни настани и личности од Општина Ресен за 2024 година

| Активност | Буџет на Општина Ресен 2024 |
|---|---|
| 3. Одбележување на личности кои и даваат посебно обележје на Општина Ресен | 8 000 денари |

| | |
|---|---|
| 4. Одбележување на настани кои и даваат посебно обележје на општина Ресен | 108 000 денари |
| 5. Непредвидени манифестации | 30 000 денари |
| 6. Обезбедување на сместувачки услуги | 30 000 денари |
| 7. Почесно покровителство | 30 000 денари |
| **Вкупно** | **206 000 денари** |

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2583/8
14.12.2023 година
с.р
Ресен

Претседател на совет
Ирена Стрезовска Кукуловска

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/6
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'',бр.5/02), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'', бр.7/2010 , 13/2013, 8/2015 , 11/2015 и 10/2021 ) а во врска со член 11 став 1 алинеа 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22 и 65/23 ) на седницата одржана на ден 14.12.2023 година Советот на Општина Ресен донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за унапредување на здравствената и социјална заштита**
**во Општина Ресен за 2024 година**

Годишната Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 година се изработува во согласност со законската регулатива за социјална и здравствена заштита, Националната Програма за развој на социјалната заштита, Статутот на Општина Ресен и Законот за локалната самоуправа, како и Социјалниот план на Општински Совет за социјална заштита на Општина Ресен кој е особено важен од аспект на надлежностите на општината во полето на интерес во овие сфери на општествениот живот.
Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Ресен. Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита, како и помеѓу здравствените институции, локалната власт и здруженијата на граѓани.

**Здравствена заштита на граѓаните**

Здравствената заштита ја сочинуваат мерките, активностите и постапките за зачувување и унапредување на здравјето и животната и работната средина, правата и обврските што се остваруваат во здравственото осигурување, како и мерките, активностите и постапките кои ги преземаат организациите од областа на здравството за зачувување и унапредување на здравјето на луѓето, спречување и сузбивање на заболувањата, повредите и другите нарушувања на здравјето, раното откривање на заболувањата и состојбите на здравјето, навремено и ефикасно лекување и рехабилитација со примена на стручно-медицински мерки, активности и постапки.
Надлежностите на државните управи, општините, здравствените установи и другите физички и правни лица во полето на здравствената заштита се дефинирани со Законот за здравствена заштита.
Министерството за здравство и општините ги реализираат своите надлежности преку планирање, организирање, постојано следење на состојбите, спроведување на мерки како и надзор и контрола над спроведените мерки.
Општината е надлежна за вршење на работи од областа на здравствената заштита во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности;

заштита за здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразни болести; помош на пациентите со специјални потреби (на пр. ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области.
Организирањето и следењето на општите мерки за спречување и сузбивање на заразни болести е надлежност на општините во соработка со Заводот за здравствена заштита и истото е предвидено со Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Ресен.
Активностите предвидени во оваа Програма се дадени подолу во следниот табеларен приказ:

Табеларен преглед на активности 2024 година

| **Ред. бр.** | **Активност** | **Период на реализација** | **Корисници** | **Планирани средства** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | поддршка на социјално загрозените лица во реализација на здравствени услуги при транспорт и други здравствени услуги за кои што нема средства за партиципација | Континуирано во текот на целата година | • лица со неповолна социо-економска положба,<br>• неосигурани лица по ниту еден основ за 2024 година. | 50.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 2 | Превенција на населението од Заразни Болести | Континуирано во текот на целата година | Целокупното население во Општина Ресен | 50.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| **ВКУПНО :** | | | | **100.000 денари** |

**Социјална заштита на граѓаните**

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2019 ,146/2019,275/19,302/120, 311/20,163/21, 294/21,99/22, 236/22 и 65/23), како и Социјалниот План на Општински совет на социјална заштита на Општина Ресен. Според законот, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, преку донесување сопствени Развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, децата со еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на droги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вон институционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на

населението за потребите од обезбедување на социјална заштита) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјалната заштита, од особена важност е Законот за Локална самоуправа каде во член 22 (став 7), општините помеѓу другото, се надлежни и за социјална заштита и заштита на деца . Покрај овие два закони, од значење за креирањето на локалните политики во сферата на социјалната заштита е и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кој ги дефинира и поединечно ги разработува изворите на приходи и тоа како сопствените приходи на општините, така и оние што се обезбедуваат како трансфери од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите и можноста за финансирање преку задолжување. Исто така, во планирањето на социјалната заштита на локално ниво свое значење има и Законот за меѓуопштинска соработка, согласно кој општините можат да основаат заедничка јавна установа и од областа на социјалната и детската заштита.
Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.
Програмата предвидува соработка со надлежниот Општински центар за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална политика, и сите други министерства со кои ќе биде потребно да се соработува, приватниот сектор и невладините организации.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Ресен. Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита, .

Посебни цели на Програмата се следните:

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и донесување на одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Развој на здравствената и социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на Општина Ресен
- Продолжување на започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституциализација на социјалната заштита.

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основите социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик се подразбира ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност), ризици на старост и стареење, ризици на еднородителско семејство, ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и сл., ризици од сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.
Носители на социјалната заштита се Р.Македонија и општините, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со Законот за социјална заштита.

Општината е надлежна за вршење на работи од областа на социјалната заштита во смисла на финансирање, инвестиции и сопственост на детски градинки и домови за стари, обезбедува остварување на социјалната заштита на лицата загрозена социјална и материјална состојба, лица со инвалидност, децата без родители и без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита итн.

Согласно Законот за социјална заштита Општината во согласност со материјалните можности, може да утврди и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Имајќи го во предвид фактот дека социјалата е еден од трите основни столбови на одржлив развој, Општина Ресен ќе вложи максимални напори за поголем квалитет на живот на населението, а особено на оние лица кои се со загрозена материјална состојба. Со цел подобрување на социјалната состојба на овие лица ќе се воспостави редовна соработка со Центарот за социјална работа - Ресен, Агенцијата за вработување, невладиниот и бизнис секторот како и другите институции кои имаат надлежности во сферата на социјалната заштита.

За таа намена, Општина Ресен, како и изминатите години, ќе обезбеди финансиска и друга помош на лицата и семејства кои се нашле во положба на социјален ризик со загрозена социјална ситуација а тука спаѓаат следните категории на лица: лица со ниски прамања или приматели на гарантирана минимална помош.

Овие лица треба да достават барање за доделување на финансиска помош заради нарушена здравствена состојба и потреба од лекување или оперативен зафат или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за живот.

Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати и лекување, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи како и лица неспособни за работа.

Оваа активност ќе се спроведува континуирано во текот на целата година. За реализација на оваа активност потребни се 300.000 денари.

Средствата ќе се доделуваат на корисниците по претходно доставено барање за помош од нивна страна до Општината односно до Општинската Комисија за доделување на финансиска помош. Во прилог на барањето се доставува целокупна документација, утврдена согласно Правилникот за за еднократна парична помош.

Во 2024 година, Општина Ресен ќе излезе и во пресрет на потребите на ученици и студенти кои се вклучени во образовниот процес во високото образование, а кои потекнуваат од материјално загрозени домаќинства.

Исто така, Општина Ресен ќе излезе во пресрет на лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот и телесниот развој и лица со други пречки во развојот кои се вклучени во образовниот процес,како и лицата кои ги користат услугите на дневниот центар и центарот за ОКР .

Од буџетот на општината ќе се издвојат средства за патни трошоци за оваа категорија на граѓани и тоа од место на живеење до местото на образование и во обратен правец како и помош за други основни потреби кои произлегуваат од процесот на образование.

Лицата кои се опфатени во образовниот процес, а имаат потреба од финансиска помош од Буџетот на Општина Ресен, за покривање на патните трошоци треба да достават:

-барање до општината,

-потврда од Агенција за вработување дека родителите не се вработени,

-потврда за последно исплатена плата со наведен износ на нето плата,

-потврда од Управа за јавни приходи дека не поседува имот,

-потврда од Центарот за социјална работа за корисници на гарантирана минимална помош,

-потврда од образовната институција дека е запишан редовен ученик/ студент, и

-документ за потврда на успехот постигнат во претходната учебна година.

Вкупниот износ на средства наменети за помош на горенаведените категории на лица за 2024 година изнесува 300.000 денари.

Во 2024 година, Општина Ресен ќе пристапи кон изградба на пристапни рампи на два селектирани пристапи. Овие рампи се наменети за лицата со инвалидност а ќе се изградат со цел нивни полесни пристап до јавни места и институции. Вкупниот износ на оваа активност изнесува 100.000 денари.

Новитети кои ги воведе Општина Ресен во 2022, а ќе продолжати во 2024 година се: обезбедување на средства за деца кои се запишуваат во прво одделене во тековната учебна година на износ од 2000 денари. За оваа намена се предвидуваат вкупно 250 000 денари; Еднократна парична помош на лица и деца со попреченост од општина Ресен по 5000 денари по лица . За оваа намена се предвидуваат 500 000 денари.

Во рамки на своите активности, Општина Ресен ќе обезбеди средства за првородени деца во семејството чии родители имаат постојано место на живеење во Општина Ресен. Во соработка со Клиниките за гинекологија и акушерство во соседните општини, како и објавата за доставување на пријави преку веб страната на Општина Ресен и преку огласна табла во Фондот за здравство и социјална заштита ќе биде направена евиденција за првородени деца во општината и вклучување во оваа акција.
Со оваа акција, Општина Ресен своето внимание го насочува кон најмладите и кон нивните родители со цел да им се излезе во пресрет на младите родители за обезбедување на основните потреби после добивање на новороденче. Оваа активност ќе се спроведува во текот на целата година, заклучно 31. Декември 2024 год.

За реализација на оваа активност предвидени се 350.000 денари кои ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година. Со оваа активност се предвидува и прикладен подарок за прворođеното дете во новата година жител на општина Ресен.
Воведување или надградување на социјални сервиси во општината се воспостави во 2015 година со проектот Општествено корисна Работа кој континуирано се спроведува до денес. Со овој проект од година во година социјалните услуги се прошируваат и надоградуваат. Основната социјална услуга која се воспостави со овој проект - локални сервисни услуги за лицата со посебни потреби – лица со телесен инвалидитет и комбинирани пречки ќе продолжи и унапреди и во 2024 година. Општина Ресен проектот го спроведува во соработка со УНДП и Министерството за труд и социјална политика. Се предвидува да се користат средства од страна на донаторот УНДП во висина од 453.600 денари и сопствено кофинасирање од 113.400 денари.
Освен овој проект новитет за 2024 година е реализација на проект на општина Ресен во соработка со Здружението за рурален развој ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА ПРЕСПА Ресен дониран од УНДП. Со овој проект ќе се подготви и почне со работа сервис кој континуирано ќе нуди ,помош, нега и одмена на семејна грижа во домот на лицата со попреченост, болни лица, стари и изнемоштени лица кои имаат потреба од разни здравствени, здравствено поврзани и социјални услуги со коишто им се помага поради функционални ограничувања поради физички, когнитивни, ментални состојби, попречености, органски заболувања и имаат потреба од палијативна грижа и нега. Во првата година од траење на проектот ќе бидат опфатени 30 од овие лица. (од вкупно 230 потенцијални корисници на вакви услуги) Овој број се предвидува да порасне до 50 лица во период од 3 години. Со овој проект но и со другите наредни проекти општина Ресен и партнерите од граѓанскиот, јавниот и приватниот сектор предвидува вклучување на подобрување на просторните можности за понуда на социјални услуги- со зголемување на времето на користење на постоечките простории и објекти и со пренамена, реконструкција и опремување на нови.

Наредна активност предвидена со оваа програма се обезбедување на Божиќни хуманитарни пакети и пакетчиња за деца за семејства со низок социјален статус за Нова година. Општината ќе се потруди да обезбеди донација од пакетчиња за деца.Средствата потребни за оваа активност би биле во висина од 60.000 денари од Буџетот на Општина Ресен.
Во 2024 година општина Ресен во соработка со невладините организации од Преспа ќе подготви два проекти за унапредување на социјалните услуги и подобрување на компетенциите за вработливост преку развој на социјално претприемништво со кои ќе аплицира за добивање на неповратна помош од МТСП и донаторската заедница.
Општина Ресен материјално, логистички и технички ќе ги помага Здруженијата на Граѓани кои делуваат на територија на Општина Ресен кои како домен на нивната активност е овозможување ,воспоставување или спроведување на социјални сервиси кон засегнати граѓани , или оние здруженија на граѓани кои преку своите активности го подобруваат или унапредуваат стаусот на лицата изложени на социјален ризик . Средства предвидени во Буџетот за 2024 година по овој основ се предвидуваат 150.000 денари , а здруженијата истите ќе можат да ги користат со доставување на своја годишна Програма до Општина Ресен и конкретно барање за реализација на некоја активност содржана во Програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 година. Барањето ќе го разгледува посебна Комисија формирана од страна на општина Ресен.

Други активности од областа на социјалната заштита и заштитата на деца кои ќе бидат спроведени врз основа на оваа програма се оние кои не се предвидени со програмата а кои ќе произлезат како потреба во текот на 2024 година.
Финансиска помош за лицата жртви на семејно насилство .
За овие активности е предвиден износ од 60.000 денари , предвидени во Буџетот на општината.

- Со оваа програма предвидено е да се помага на социјално загрозени семејства за дел од погребот на нивни членови од семејствата, наречен социјален погреб ,а се однесува за лица приматели гарантирана минимална помош или низок социјален статус ,лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати и лекување, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и лица неспособни за работа. За тоа е предвидено средства во износ од 300.000,00 ден. од Буџетот на Општина Ресен.

**Табеларен преглед на активности во 2024 година**

| Р. бр. | Активност | Период на реализација | Корисници | Планирани средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна парична помош | Континуирано 2024 година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на гарантирана минимална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа. | 300.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 2 | Патни трошоци за студенти и лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот и телесниот развој вклучени во образовниот процес | Јануари – Јуни 2024 год Септември – Декември 2024 година | • студенти кои се вклучени во образовниот процес во високото образование а потекнуваат од социјално загрозени семејства.<br>• лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот и телесниот развој и лица со други пречки во развојот кои се вклучени во образовниот процес. | 300.000 денари од Буџет на Општина Ресен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Изградба на пристапни рампи | Септември 2024 | • Лица со инвалидност | 100.000 денари од Буџет на Општина Ресен/ донации |
| 4 | Доделување на парична помош за првородени деца во семејство на родители со постојано место на живеење во Општина Ресен | Континуирано 2024 година | првородени деца во семејство чии родители имаат постојано место на живеење во Општина Ресен | 350.000 денари од Буџетот на Општина Ресен |
| 5 | Унапредување на локални сервисни услуги за лицата со посебни потреби – лица со телесен инвалидитет и комбинирани пречки во Општина Ресен,помош и нега во домот, Промоција на згрижувачки семејства отварање на шелтер центар | По повик<br><br>Еднократна парична помош | Лица со посебни потреби, 7 невработени лица активни баратели на работа ангажирани како овозможувачи на сервисните услуги<br><br>Лица со посебни потреби со тежок телесен инвалидитет за помош и нега со лични асистенти | 453.600 денари од Донаторски Средства- УНДП. 113.400 денари кофинасирање од Буџет на Општина Ресен<br><br>Донаторски средства |
| 6. | Поддршка Здруженијата на Граѓани кои делуваат на | Континуирано преку целата година | Здруженија на Граѓани кои делуваат на територија на Општина Ресен | 150.000 денари од Буџет на Општина Ресен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | територија на Општина Ресен кои како домен на нивната активност е овозможување ,воспоставување или спроведување на социјални сервиси кон засегнати граѓани , или оние здруженија на граѓани кои преку своите активности го подобруваат или унапредуваат стаусот на лицата изложени на социјален ризик. | | | |
| 7. | Обезбедување на Божиќни хуманитарни пакети и пакетчиња за деца за семејства со низок социјален статус за Нова година | Јануари 2024 | Деца на семејства со низок социјален стаус | 60.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 8. | Други активности | Континуирано 2024година | Корисници на гарантирана минимална помош<br>Корисници на гарантирана минимална помош и жртви на семејно насислство | 60.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 9 | Социјален | Континуир | • лица приматели | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | погреб | ано 2024 година | гарантирана минимална помош низок социјален статус<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>лица неспособни за работа. | 300.000 |
| 10 | Еднократна парична помош за деца кои се запишуваат во прво одделене во тековната учебна година | Континуирано 2024 година | • Деца кои се запишуваат во прво одделение во учебната 2024 година | 250 000 |
| 11 | Еднократна парична помош за лица и деца со попреченост | По јавен повик | • Лица и деца со пореченост кои ќе приложат соодвентна документација | 500 000 |
| 12 | Еднократно доделување на школски прибор за ученици во основно образование од социјално загрозени | Согласно податоци добиени од ЦСР и ОУ | • Деца од социјално загрозени семејства | 100.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | семејства | | | |
| 13 | Месечно доделување на помош за лица од социјални загрозени семејства (за вон наставни активности ,спортски и едукативни активности и екскурзии ) . | Согласно подтоци добиени од ОУ и СОУ | • Лица/деца од социјално загрозени семејства | 200.000 |
| 14 | Еднократна парична помош за згрижувачки семејства | Континуирано 2024 година | • Згрижувачки семејстав во Општина Ресен | 100.000 |
| **ВКУПНО** | | | | **3.337,000,00 денари** |

Табеларен преглед на финасирање на Програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 година.

| | Програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2024 година | Буџет на Општина Ресен | МТСП или Министерство за Здравство | Други извори на финасирање | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здравствена заштита на граѓаните | 100.000,00 | / | / | 100.000,00 |
| 2. | Социјална заштита на граѓаните | 2.883.400,00 | / | 453.600,00 | 3 337.000,00 |
| | | | | | |
| | **Вкупно** | **2.983.400,00** | **/** | **453.600,00** | **3.437.000,00** |

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/9 — Претседател
14.12.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Ресен од областа на образованието во 2024 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Ресен од областа на образованието во 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/7 — Градоначалник
18.12.2023 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'',бр.5/02), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'', бр.7/2010 , 13/2013, 8/2015 , 11/2015 и 10/2021 ) на седницата одржана на ден 14.12.2023 година Советот на Општина Ресен, донесе:

**ПРОГРАМА**

**за активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2024 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Ресен кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

| Ред. број | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | МОН | Општина Ресен | Донација | |
| 1 | Манифестација по повод завршувањето на школската година 2023/24 | Јуни 2024 | Сите основни и средното училиште | | 10.000,00 | | 10.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Манифестација по повод започнувањето на школската година 2024/2025 | Септември 2024 | Сите основни и средното училиште | | 10.000,00 | | 10.000,00 |
| 3. | Организирана посета на Музеи и спомен куќите во Ресен (екскурзии) | По распоред | Сите основни и средното Училиште | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 4. | Поддршка на талентирани ученици и студенти за учество на меѓународни натпревари | По потреба | Општина Ресен | | 60.000,00 | | 60.000,00 |
| 5. | Електрична енергија | | Општина Ресен | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 6. | Дрва | | Општина Ресен | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 7. | Течни горива | | Општина Ресен | | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 8. | Осигурување на недвижости и права | | Општина Ресен | | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 9. | Правни услуги | | Општина Ресен | | 10.000,00 | | 10.000,00 |
| 10. | Превозни услуги | | Општина Ресен | | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 11. | Подршка на училишни спортови | | Општина Ресен | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 12. | Организирање | | Општина | | | 50.000,00 | 50.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на едукации на тема заштита при пожар, прва помош, насилство меѓу врсниците и заштита на децата во сообраќајот | | Ресен | | | | |
| 13. | Поддршка на активности од проектот Меѓуетничка интеграција на образованието - МИО | | Општина Ресен | | | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 14. | Поддршка за учество во натпревари и занимливости во соработка со други општини во Република Македонија | | Општина Ресен | | | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 15. | Други оперативни расходи | | Општина Ресен | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| | **ВКУПНО Основно образование** | | | | **960.000,00** | **180.000,00** | **1.140.000,00** |
| **II** | **Средно образование** | | | | | | |
| 16 | Електрична енергија | | Општина Ресен | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 17. | Течни горива | | Општина Ресен | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 18. | Превозни услуги | | Општина Ресен | | 200.000,00 | | 200.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Други оперативни трошоци | | Општина Ресен | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО Средно образование** | | | | **400.000,00** | | **400.000,00** |
| Ред. Бр. | **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| 1 | Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи и набавка на опрема во основните и средното училиште. | По утврден приоритет | | | 500.000,00 | 1.000.000,00 | 1.500.000,00 |
| 2 | Реконструкција на спортски објекти во основните и средното училиште | По утврден приоритет | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Изградба и реконструкција на отворени спортски терени и партерно уредување на дворни места во ОУ, СОУ | По утврден приоритет | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 4 | Поддршка на образовен портал | | | | 10.000,00 | | 10.000,00 |
| 5 | Учество на општината во непредвидени проекти | | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | | **760.000,00** | **1.000.000,00** | **1.760.000,00** |
| Ред.бр. | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| 1 | Обезбедување на училишните објекти | | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 2 | Легализација на објектите трошоци | | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | | **100.000,00** | | **100.000,00** |
| Ред.бр. | **ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** | | | | | | |
| 1 | Блок дотација --------------------- основно образование | | | **142.737.000,00** | | | **142.737.000,00** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Блок дотација –-------------------- средно образование | | | **37.800.000,00** | | | **37.800.000,00** |
| | **ВКУПНО** | | | **180.537.000,00** | **2.220.000,00** | **1.180.000,00** | **183.937.000,00** |
| | | | | | | | |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Ресен за 2024година.

**IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

Програмата ќе биде финансирана од: Буџетот на Општина Ресен, МОН и донации во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/10

14.12.2023 година

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Ресен

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за реализација на активностите на Општина Ресен во областа на заштитата и спасувањето за 2024 година

Се објавува Програма за реализација на активностите на Општина Ресен во областа на заштитата и спасувањето за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/8
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 23 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 07/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за реализација на активностите на Општина Ресен од областа на заштитата и спасувањето за 2024 година**

**1. Вовед**

Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се превземаат со цел навремено откривање и спречување како и отстранување на одредени последици настанати од природни непогоди и други несреќи на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.
Со мерките кои се превземаат, пред настанувањето на природни непогоди и други несреки и за време на настанувањето, се овозможува реална заштита на населението и другите материални добра на територијата на Општината.
Општина Ресен со оваа Програма ги опфаќа целите и активностите во областа на заштитата и спасувањето, кои ќе ги спроведе во соработка со другите субјекти, истите претставуваат активности од јавен интерес.

Заштита и спасувањето во Општина Ресен ќе се засноваат на следните начела:

- Секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- Во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;
- При настанување на природни непогоди и други несреќи секој е должен да помага во рамките на своите можности;
- Општина Ресен, Јавните претпријатија, установите, служби и трговските друштва се должни, навремено да ги организираат и преземааат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- Секое физичко и правно лице, во согласност со Закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;
- При ангажирање на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа Општината, Републиката и меѓународната заедница и
- Податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, од страна на надлежните органи и служби се јавни и мора транспарентно да се објават.

Планирањето на развојот, оперативното и тековното планирање на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување ќе се води и реализира според принципите, критериумите и стандардите кои важат во системот на планирање, програмирање и буџетирање.
Реализацијата на оваа Програма од областа на заштита и спасувањето во наредниов период за Општина Ресен е со обврзувачки карактер, со Закон, и не треба да трпи одлагања.
Општина Ресен, основните цели на заштитата и спасување ќе ги остварува преку:
- Општински Штаб за заштита и спасување;
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Ресен и
- Јавните претпријатија, установи и служби во Општината.
Потребна стручна помош за реализација на активностите од доменот на заштитата и спасувањето, на Општина Ресен ќе му дава Дирекцијата за заштита и спасување, преку Подрачното одделение Ресен.

**2. Основни цели на Програмата**:

- Преку Советот на Општина Ресен, одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за заштита и спасување;
- Во случај на природни непогоди и други несреќи, ги утврдува обврските на Јавните претпријатија, установи и служби кои ги формирале, за: гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко – технолошки други несреќи;
- Расчистување на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго;

- Укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести;
- Заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;
- Следење на подготвеноста на единицата на Локалната самоуправа за заштита и спасување;
- Одлучување за висината на средства од буџетот на ЕЛС за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи и
- Распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во ЕЛС.

**3. Финансирање на заштита и спасувањето**

Распоред на финансиски средства:

| Реден број | Заштита и спасување | Потребни средства |
|---|---|---|
| 1 | Набавка на опрема и средства, за единицата просторни сили за заштита и спасување на Општина Ресен | 180.000,00 денари |
| 2 | Основна обука на припадниците на единицата | 100.000,00 денари |
| 3 | Набавка на средства и опрема, за заштита од пожари, (за ППА, сервисирање на ППА, мерење на громобрански инсталации и хидрантски притисок). | 50.000,00 денари |
| 4 | Надоместоци за припадниците | 100.000,00 денари |
| 5 | Изработка на документација | 70.000,00 денари |
| 6 | **ВКУПНО** | 500.000,00 денари |

**4. Завршни одредби**

Носител и одговорен за реализација на Програмата за заштита и спасување во 2024 година е Градоначалникот и Советот на Општина Ресен.
Општина Ресен ќе остварува потребна соработка со Општинскиот Штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други органи и тела, ќе го следат спроведувањето и реализацијата на оваа Програма. Наведените органи и тела ќе покренуваат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.
Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.
Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник” на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2583/11 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за ревитализација по елиминирањето на кризи во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за ревитализација по елиминирањето на кризи во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/9 | Градоначалник
18.12.2023 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 5 став 2 алинеа 3 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и член 23 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр. 07/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Ресен за 2024 година**

**1.Вовед**

Со оваа Програма се утврдуваат организацијата и функционирањето, одлучувањето и употребата на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, планирањето и финансирањето на Општина Ресен при ревитализација на општината по елиминирање на кризата.

Со мерките кои ќе се превземаат, по елиминирање на кризата се овозможува враќање во функција односно во првобитна полижба на сите објекти и правни субјекти кои се под надлежност на Општина Ресен.

Општина Ресен со оваа Програма ги опфаќа целите и активностите, кои ќе ги спроведе во соработка со другите субјекти,со цел равитализација на општината и истите претставуваат активности од јавен интерес.

Во справувањето со кризи и враќање во првобитна положжба општините ги имаат следните надлежности:

- ги следат состојбите и дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општините,
- донесуваат процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општините
- донесуваат програма за ревитализација на општините и на градот Скопје по елиминирањето на кризата, - ги спроведуваат одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општините и на градот Скопје
- одлучуваат за висината на средствата за управување со кризи од буџетот на општините и на градот Скопје.

Во справувањето со криза градоначалниците на општините и градот Скопје, обезбедуваат координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

Реализацијата на оваа Програма за ревитализација на Општина Ресен по елиминирање на криза е со обврзувачки карактер, со Закон, и не треба да трпи одлагања.
Општина Ресен, основните цели на оваа програма ќе ги остварува преку:

- Градоначалникот и Советот на Општина Ресен
- Општински Штаб за заштита и спасување
- Противпожарната единица на Општина Ресен
- Просторните сили за заштита и спасување на Општина Ресен и
- Јавните претпријатија, установи и служби во Општината.

Потребна стручна помош за реализација на активностите од доменот на справување со кризи и ревитализација после криза, Општина Ресен ќе му дава Центарот за управување со кризи, преку Подрачното одделение Ресен.

**2.Основни цели на Програмата**:

- Враќање во функција ондосно првпбитна положба на сите објекти и правни субејкти под надлежност на Оптшина Ресен
- Изработување на единствена процена на штета предизвикана од кризна ситуација
- Одлучување за висината на средства од буџетот на ЕЛС за враќање во првобитна положба на сите објекти и субјекти под надлежност на општината
- Обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација по справување со кризата и ревитализација на општината

За реализацја и остварување на целите на оваа Програма, активностите на Општината и Советот на општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за ревитализација на општината по елиминирањето на поплави, прожари, земјотреси и од разни други видови на непогоди.

**3.Финансирање на активностие за ревитализација на општината по елиминирањето на кризата**

Финансирањето на активностие по елиминирањето на кризата, дејствувањето на сите субјекти под надлежност на Општина Ресен за ревитализација на општината, ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Ресен, Републичкиот Буџет, доброволни прилози и други средства од прави и физички лица.

Активности за реализирање на програмските одредби во доменот на на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата:

-Обнова и враќање во функција за објекти и правни субјекти по надлежност на општината
- Активности на комисија за проценка на штети од природни непогоди и други несреќи
- Безбедносна проверка на објектите под надлежност на општината
- Изработка на документација

За финансирање на основните цели и активности на Програмата, предвидени се средства во износ од 3.000.000,00 денари.

**4.Завршни одредби**

Носител и одговорен за реализација на Програмата за ревитализација по елиминирање на кризи во 2024 година е Градоначалникот и Советот на Општина Ресен.
Општина Ресен ќе остварува потребна соработка со Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и други органи и тела, ќе го следат спроведувањето и реализацијата на оваа Програма. Наведените органи и тела ќе покренуваат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.
Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.
Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник” на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2583/12
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Ресен
за 2024 година

Се објавува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/10 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 19 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 07/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/2021), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12. 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за спроведување на соодветни мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Ресен за 2024 година

## Вовед

Заштитата на населението од заразни болести претставува навремено спречување и рано откривање на заразни болести и инфекции, преку соодветни мерки кои ќе се спроведуваат, во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон. Со оваа Програма, се опфатени целите и активностите кои ќе бидат спроведени на територија на Општина Ресен, со цел соодветна и ефикасна заштита на населението.

Основ за донесување на Програмата со соодветни мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општината, претставува членот 14 став 2 од Законот за заштита на населенеито од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20).

Во организирање и следење на процесот на соодветни мерки Општината соработува со Центар за јавно здравје, ЈКП ,, Пролетер ,,Ресен и други правни лица корисници на објектите за третирање, кои во исто време ги обезбедуваат потребните финансиски средства.

### I.Цели

1.Спречување на појавата и ширењето на заразни болести,
2.Обезбедување на чиста и здрава животна средина,
3.Заштита на сите групи на население од заразни болести,
4.Обезбедување на хигиенско – исправна вода за пиење,
5.Редуцирање на популацијата на штетни глодари на подрачјето на Општина Ресен и доведување на ниво на биолошка толеранција,
6. Редуцирање на популацијата на комарци и други ситни инсекти на подрачјето на Општина Ресен и доведување на ниво на биолошка толеранција,
7.Обезбедување на хигиенски исправна вода во Преспанското Езеро,
8.Унапредување на здравјето на населението.

## II.Активности

Наведените активности во Програмата се во согласност со законските одредби во кои се дефинирани обврските на општината кои треба да бидат превземени за да се постигнат горе наведените цели.

| Реден број. | Актиности | Рок | Носител | Извори на средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** | Два пати во годината ( пролетна и есенска фаза ) | Општина Ресен во соработка со Центар за јавно здравје ( ЗЗЗ ) (1.1+1.2+1.3+1.4) | Општина Ресен |
| 1.1 | Анализа на терен за потребата од извршување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Март и Септември | | |
| 1.2 | Спроведување на мерката Дератизација во две фази во канализациони системи и ревизиони шахти, прифатни шахти околу објекти од јавен интерес, градската депонија ,, Алшеви Кошари ,, | ( пролетна и есенска фаза ) | | |
| 1.3 | Спроведување на мерката дезинсекција -Крајбрежниот дел на Преспанското Езеро од с.Стење до с.Перово и од с.Асамати до с.Д.Дупени, -Прочистителна станица - колектор с.Езерени, градската депонија -Теристичка (од земја) аеросолна дезинсекција против комарци со УЛВ метода со: ларвицидно (март-април) и адултицидно третирања (јуни-јули-август) во најмалку три фази -Вкупна површина во хектари изнесува 1200 хектари, Дезинсекција од воздух Две или три третирања | ( пролетна и летна фаза ) Пролет-лето | | Општина Ресен Влада на РСМ |
| 1.4 | Спроведување на мерката дезинфекција во: -сите училишта на | Два пати во годината | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подрачјето на Општина Ресен<br>-детската градинка<br>-центар со посебни потреби | | | |
| 2. | **Испитување на хигиенската исправност на водата за пиење** | Во текот на цела годин а | Општина Ресен и ЈКП Пролетер во соработка со Центар за јавно здравје ( ЗЗЗ ) и ( 2.1+2.2 ) | Буџет на Општина Ресен и ЈКП Пролетер |
| 2.1 | Следење на хигиенската исправност на водата за пиење од Регионалниот водовод | Во текот на цела годин | | |
| 2.2 | Следење на хигиенската исправност на водата за пиење во селските населби Контролирање на хлорирањето во селските населби | Во текот на цела годин а | | |
| 2.3 | Превземање на мерки за пречистување на водата за пиење ( хлорирање ) | Согласно добиени те анализ и | | |
| 3. | **Следење на хигиенската исправност на водата во Преспанското Езеро** | Во текот на цела годин а | Општина Ресен во соработка Центар за јавно здравје ( ЗЗЗ ) | Влада на РСМ |
| 4. | **Следење на хигиенската исправност на водата што се пречистува во путексите:** | Во текот на летната туристичк а сезона Мај- | Општина Ресен во соработка Центар за јавно здравје ( ЗЗЗ ) | Правното лице корисник на путексот |
| 4.1 | -Одморалиште ,, Младост ,,-т.н Претор | | | |
| 4.2 | -Автокамп Крани-т.н Крани | | | |
| 4.3 | -Одморалиште на МВР на РМ-т.н Крани | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.4 | Следење на хигиенската исправност на водата што се пречистува во пречистителна станица Езерани | | Општина Ресен и ЈКП Пролетер | |
| 5. | **Информирање на јавноста** | Во текот на цела | Општина Ресен | Општина Ресен |

**III.Финансирање**

Вкупно потребни средства:

- За дезинсекција, дезинфекција и дератизација 500.000,00 ден.
- Испитување на квалитетот на водата за пиење 50.000,00 ден.
- Обезбедување на заштита на водите за пиење, водите на реките и Преспанското Езеро 50.000,00 ден.

**Вкупно: 600.000,00 ден.**

Во случај на заразни болести од поголем обем, епидемија или пандемија , мерките и активностите преложени во оваа Програма ќе бидат усогласени со актите на Владата на Република Северна Македонија.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/ 13
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активности на Општина Ресен во областа на противпожарната заштита во 2024 година

Се објавува Програма за активности на Општина Ресен во областа на противпожарната заштита во 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/11 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’,бр.5/02),а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 , 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

**за реализација на активности во областа на противпожарната заштита на Општина Ресен во 2024 година**

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на противпожарната заштита и заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Ресен во 2024 година овие активности ќе ги остварува преку Општинскиот штаб за заштита и спасување, просторните специјализирани сили за заштита и спасување и Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Ресен.

### 1. Територијална противпожарна единица на Општина Ресен

Територијалната противпожарна единица на Општината ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;

- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Република Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување ;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;
- тековна поправка и одржување на техниката и опремата;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од обласна на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе и бидат доверени.

## 1.1. Програма за реализација

**1.** Во текот на 2024 година ТППЕ Ресен ќе се залага како и досега најбрзо и најефикасно да делува при интервенциите. На настанатите пожари ќе приоѓа со сета професионалност и максимално ќе се залага пожарите да ги ликвидира по најбрз можен начин и најминимални штети.

**2.** Во текот на 2024 година за време на наставата по сите наставни предмети ќе обработува теми со кои нивото на единицата ќе задржи континуитет и ќе се издигне на повиско ниво. Во наставната единица практични вежби ќе се изведуваат вежби со средства и опрема што ја поседува единицата. Тактичко показните вежби ќе се изведуваат во месеците Април, Мај, Јули , Септември ,Ноември и Декември.

**3**. Како и досега единицата ќе ги разгледува и анализира сите поголеми и покаректиристични пожари на кои самата интервенирала , од што ќе се спреми во иднина да ги остранува грешките доколку ги има во самите интервенции.

**4.** Во текот на годината а со цел оспособување на работниците ќе се донесат следните планови и програми :

- годишна програма за настава и обука
- тримесечна програма за настава и обука
- месечни програми за настава и обука
- елаборат за тактично покажни вежби кои единицата ќе ги обработува.

Во текот на годината доколку дојде до потреба за дополнување на наставата или поедини наставни единици за истите ќе се изготват дополнителни елаборати за совладување на методиските единици со сите вработени.

**5. .** Во текот на 2024 година ќе се изведат седум тактички показни вежби во градот и околината и тоа на следните објекти:

- во текот на месец март во објект – станбена зграда на ул. ``Ленинова``
- во текот на месец април во ОУ “Мите Богоевски“ - Ресен
- во текот на месец мај во објект- бензинска пумпа на “АЕ Петрол“ во с. Избиште
- во текот на месец јуни показна вежба –спасување во вода во туристичка населба Отешево
- во текот на месец септември показна вежба на ОУ “Браќа Миладиновски“ Царев Двор
- во текот на месец ноември во Дооел ``Стењетекс`` Стење
- во текот на месец декември во “Здравствен дом``-Ресен

Во текот на истата година можно е да се изведи и тактичко показна вежба со ТППЕ- Битола на заедничко ниво. Како и прекугранична соработка со Лерин и општина Лемос – Р. Грција со цел заедничко дејствување при појава на пожари во пограничните региони.

**6**. Во текот на годината ќе се врши редовна проверка на опремата, униформата и средставата за гаснење согласно член 25 од Правилникот за униформи и заштитната опрема. Во текот на годината ќе се извршат дневни, неделни и вонредни прегледи на исправноста на опремата, средствата за гаснење. Употребата на униформата и ознаките на униформите ќе бидат според Правилникот за носење на летна и зимска униформа.

**7.** Со цел да се има целосен увид во работата на единицата и нејзината успешност во текот на годината ќе се води следната евиденција :

- ќе се дополнуваат дојави за пожар,
- ќе се составуваат извештаи за секој настанат пожар,
- ќе се води евиденциона книга за прегледите на возилата и опремата,
- ќе се прави распоред на сменско работење.

**8.** Во текот на годината, особено во летниот период и грејната сезона, ќе се одржат едукативни предавања на населението, како и информирање преку јавните гласила и одржување на работни состаноци во претпријатијата кои стпанисуваат со земјоделски површини. Со истите ќе се ажурираат плановите за заштита од пожари и ќе се координира заеднички настап на евентуално настанатите пожари.

**9**. Во согласност со Правилникот за опремување, ќе бидат опремени возилата и вработените, а опремата ќе се одржува во исправна состојба.

**10**. Ќе се воспостават контакти со ЕВН и со нив ќе се координира работата особено за нивно брзо излегување на терен при евентуални пожари на објекти. Со јавното комунално претпријатие “Пролетер“ ќе се зголеми соработката и ќе биде доставено барање за навремено не известување за настанати дефекти во хидрантската мрежа или било какви прекини во снабдувањето со вода.

**11.** Во текот на месец јануари ќе се побара од “Макпетрол“ и други приватни бензински пумпи да ни достават листа на сите корисници кои складираат поголеми количини запаливи течности во нивните домови. Во текот на месец февруари ќе се посетат објектите на кои ќе се изведат тактичко показните вежби се со цел да се соберат повеќе податоци за изведување на вежбите.

**12**. Пред почетокот на летниот период ќе се направат напори опремата возилата и средствата за гаснење на пожари да се доведат во исправна состојба ако се неисправни. Ќе се одржи состанок со вработените со цел да се укаже на потребите од поголема будност и спремност на единицата за летниот период, и ќе се ажурира планот за мобилизација.

**13**. Во текот на година ќе бидат извршени предавања од заштита од пожари во сите основни и средни школи во општината.

**14**. Во текот на годината ќе се вршат контроли на работата на единицата за време на викенди, државни празници, во ноќните часови. Такви контроли ќе се вршат од четири до шест пати во текот на едне месец. Самите контроли ќе се евидентираат во Книгата за дежурства.

**15**. До 5-ти во месецот ќе се изготви Ивештај за работата во единицата за претходниот месец и на почетокот на наредната година Извештај за работата на единицата за претходната година

**16**. За нормално функционирање на ТППЕ ќе се изготви финансиска конструкција на потребите на ТППЕ која ќе биде како прилог на Програмата за работа.

## 1.2. Финансирање на ТППЕ Ресен

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди и други несреќи.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Ресен и по потреба во другите општини.

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма, ќе биде реализирано со средства од:

- Буџетот на Р.Македонија,
- Буџетот на Општина Ресен,
- Наплатени премии од осигурување на имот од пожари,
- Наплатени премии од осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила,
- Наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии,
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари,
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица, и
- Приходи од други општини.

### 1.2.1. Извори на средства и нивно распоредување:

**а) Приходи**

Со Насоките за изготвување на буџетите на Единиците на локална самоуправа за 2024 година доставени од Министерството за финансии и доставениот Преглед за дотациите што се трансферираат од Буџетот на РМ до Единиците на локална самоуправа за 2024 година доставени од Министерството за финансии и, Наменската дотација за ТППЕ Ресен

планирана е во износ од 7.072.992,00 денари. Овие средства се наменски за плати на вработените во ТППЕ Ресен.

Средствата планирани во расходниот дел ( без платите обезбедени од Буџетот на РМ) на Пограмата за работа на ТППЕ Ресен за 2024 година во целост се обезбедуваат од Буџетот на Општина Ресен и тоа: 1.755.000,00 денари од Буџетот на Општината. Исто така платите на 7 вработени во ТППЕ Ресен на ниво на Општина во целост се обезбедени од Буџетот на Општина Ресен и се прикажани во Програмата Е0-Општинска администрација.

**б) Расходи**

Во Програмата Н0-Противпожарна заштита средствата обезбедени од Буџетот на РМ како наменска дотација во износ од 7.072.992,00 денари се распределени на следниот начин:

| | |
|---|---|
| 40-Плати и надоместоци | 7.072.992,00 |
| 401-Основни плати | 4.468.355,00 |
| 401130-Основни плати | 4.072.765,00 |
| 401310-Персонален данок | |
| на доход од плати | 395.590,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 2.209.047,00 |
| 402110-ПИО | 1.270.055,00 |
| 402120-Бенифициран стаж | 317.499,00 |
| 402210-Здравство | 506.647,00 |
| 402220-Професионално заболување | 33.785,00 |
| 402310-Вработување | 81.061,00 |

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Насоките за изготвување на буџетите на ЕЛС, во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година во Програмата Е0 за редовно работење на ТППЕ Ресен планирани се средства во вкупен износ од 1.755.000,00 денари и истите се предлага да бидат наменети за следниве намени:

| | |
|---|---|
| - Вкупно | 1.755.000,00 |
| 420110-Дневници | 5.000,00 |
| 421110-Електрична енергија | 200.000,00 |
| 421120-Вода и канализација | 50.000,00 |

| | |
|---|---|
| 421320-Телефони | 35.000,00 |
| 421420-Регистрација на моторни возила | 40.000,00 |
| 423310-Униформи | 150.000,00 |
| 423320-Обувки | 150.000,00 |
| 424110-Резервни делови | 80.000,00 |
| 424120-Поправки и сервисирање на возила | 350.000,00 |
| 425230-Осигурување | 00,00 |
| 426990-Други материјали | 50.000,00 |
| 423810-Ситен инвентар | 5.000,00 |
| 425260-Осигурување на моторни возила | 30.000,00 |
| 425420-Примарна здравствена заштита | 20.000,00 |
| 425990-Други договорни услуги | 10.000,00 |
| 464990 - Трансфери | 600.000,00 |

## 1.3. Други форми на активности на ТППЕ Ресен

Освен со финансиски средства, Советот на Општината Ресен и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат овие активности со:

- одбележување на денот на пожарникарите -20 мај,
- прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски,
-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави.

Градоначалникот на Општина Ресен, Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Ресен ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 2583/14
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за еднакви можности на жените и мажите
за 2024 година.

Се објавува Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/12 | Градоначалник
18.12.2023 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’, бр.5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21) а во врска со член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’, бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, Советот на Општина Ресен, донесе

**П Р О Г Р А М А**
за еднакви можности на жените и мажите во
Општина Ресен за 2024 година

1.ВОВЕД

Општина Ресен согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската како и останатите области од општествениот живот.

Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Ресен за 2024 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21) Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност е уставна категорија. Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува

отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество. И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сѐуште не е реалност во секојдневиот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сè уште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости. Ваквите нееднаквости се резултат на традиционалниот и социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Ресен.

Комисијата е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

2.ЦЕЛИ

**Општа цел**

* промоција на концептот за еднакви можности на жените мажите и недискриминација;
* превенција и заштита од трговија со луѓе и други облици на родово базирано насилство;
* координација на политики за еднакви можности на жените и мажите помеѓу координаторите и претседателите на Комисија за еднакви можности на жените и мажите
* промоција и вклучување на Општина Ресен во родово буџетски иницијативи;
* Зајакнување на соработката меѓу комисијата за еднакви можности на Општина Ресен со граѓанските невладини организации (НВО секторот) на локално ниво.
* да ги поттикнува еднаквите можности за учеството во јавниот и политичкиот живот на сите членови во заедницата, како значаен аспект за развој на граѓанско општество;

**Посебни цели**

* Јакнење на улогата на жените и воспоставување на еднакви можности;
* Промена на перцепцијата за родовата рамноправност како дел од човековите права;
* Воспоставување на еднакви можностии и недискриминацијата по сите основи во образование;

3.ЗАДАЧИ

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Припадниците на обата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, економски и социјални сфери.

4. ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1.Насилството врз девојките и жените, семејното насилство и разни видови на дискриминација;
2. Родовото буџетирање;
3.Иницијатива за воведување на општината во родово буџетски иницијативи;
4. Еднакви можности на жените и мажите и антидискриминација во областа на образование;
5. Зајакнување на соработката меѓу комисијата за еднакви можности на Општина Ресен со граѓанските невладини организиации (НВО секторот) на локално ниво;

**I Насилството врз девојките и жените, семејно насилство и разни видови на дискриминација**

- промовирање самопочит, почит и соработка меѓу жените и мажите во процесот на социјализацијата (во семејството, училиштето и во пошироката заедница);
- промоција на мерките и механизмите во државата кои постојат со цел намалување на насилството врз жените и дискриминацијата врз основа на пол со посебен фокус на лица со ментална и телесна попреченост, граѓаните од различни етнички заедници, и разни типови на дискриминација;
- мобилизирање групи-сојузници за борба против половото насилство;
- ширење на СОС мрежата;

**II Родово буџетирање и социјалната политика**

- вклучување во грижата за ранливи групи;
- едукација на општинската администрација за родово буџетирање при креирање на годишниот буџет на општината;
-соработка со Министерството за труд и социјална политика- Одделение за унапредување на рамноправност на половите, како и со како и со другите министерства, и други институции, со Комисијата за еднакви можности, Законодавно правната комисија и другите тела во Собранието на Република Северна Македонија,со Црвениот Крст на Општина Ресен и Општина Ресен со Комисиите за еднакви можности во другите општини во Републиката, со релевантните невладини организации, меѓу кои се Националниот совет за родова рамноправност, Македонското женско лоби и и други невладини организации и институции.

**III Воведување на општината во родово буџетски иницијативи**

Единиците на локалната самоуправа, се должни (централната власт може да им препорача или да им укаже на потребата на единиците за локална самоуправа , а не да ги задолжи), да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку преземање на основни и посебни мерки.
Во рамките на своите надлежности, единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети, да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, како и да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи.

**IV Еднакви можности на жените и мажите и антидискриминација во областа на образование**

- развивање на соработка со педагошко психолошките служби во основните училишта во општината;
- воведување на начела за ненасилна комуникација и мирно разрешување на конфликтите во основните училишта;
- ангажирање на учениците во рушењето на предрасудите, заблудите и стереотипите
- современи модели на предшколски институции (градинки, игротеки);
- Опфаќање на што е можно повеќе деца од основните училишта, елиминирање на половата и други видови на дискриминација.

**V Зајакнување на соработката меѓу комисијата за еднакви можности на Општина Ресен со граѓанските невладини организиации на локално ниво.**

Воспоставување на механизам за одржлива соработка во креирањето на родовите политики и имплементација на легислативата.
Креирање на родова опсервација со цел мониторирање на процесот на спроведување на Законската легислатива и напредокот на воведување на родовите политики.
Формирање на механизми за редовна комуникација помеѓу КЕМ и НВО секторот и зголемување на учеството на НВО во дизајнирањето и имплементирањето на локалните акциони планови за 2024 год.

**VI Медиумска афирмација**

- промовирање на целта на КЕМ;
- постојан проток на информации од меѓународните организации и агенции;
- објавување и ширење на информации поврзани со рамноправноста на половите и дискриминацијата;
- изготвување на специјални изданија, брошури и друг пропаганден материјал и нивна дистрибиција;

Поддршка од медиумите во промоцијата на родовата рамноправност како приоритет за зголемено учество на жената во креирањето на медиумската политика.

**VII. Мониторинг и евалуација**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Ресен и координаторот за еднакви можности кои го изработуваа овој документ ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели. До Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештаи за имплементација на активностите и реализаци.

5. ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

* Јавни дискусии
* Тркалезни маси
* Индивидуални иницијативи
* Апели
* Лобирање и креативни притисоци
* Организирање дебати за определени прашања
* Работилници
* Семинари
* Организирање јавни расправи по определени прашања
* Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
* Информирање на граѓаните
* Медиумска афирмација
* Печатен материјалјата на целите

Потребен буџет:

- 100.000,00 денари за реализација на активностите и
- 185.817,00 денари за подршка на Советувалишен центар за помош и подршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство во Пелагониски Регион.

ВКУПНО: 285.817,00 денари.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/15
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен” бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Ресен од областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународна соработка
за 2024 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Ресен од областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународна соработка за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/13 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”,бр.5/02), а во врска со член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен”,бр.7/2010 , 13/2013, 8/2015 11/2015 и 10/2021) на седницата одржана на ден 14.12.2023 година Советот на Општина Ресен, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Ресен од областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународна соработка за 2024 година**

**Вовед**

Комуницирањето со јавноста претставува суштински елемент во функционирањето и управувањето на секоја отворена и отчетна локална власт. Постојаната двонасочна комуникација со: граѓаните, бизнис-заедницата, медиумите, невладините организации и другите засегнати јавности е присутна во секојдневното работење на општина Ресен. Ваквата цел ќе се остварува преку навремено, секојдневно и отворено информирање на граѓаните за работата на Општината и нивно активно учество во процесот на креирање политики и нивно спроведување. Но, и преку целосна транспарентност на Општината и отвореност кон граѓаните.

Врз основа на востановените практики на комуникација со јавноста и вклучувањето на сите сегменти од локалната самоуправа и општинската администрација која работи во различни области на надлежност, во 2024

година, комуникацијата со јавноста има за цел да го надгради воспоставениот систем од активности со кои ќе се подобри регулираниот начинот и опфатот на активностите во комуникација со јавноста во насока на подобрување на транспарентното работење во Општина Ресен и подигнување на учеството на јавноста во работата на Општина Ресен.

Развојот на меѓународната соработка на планот на воспоставување и регулирање на нови и одржување на веќе воспоставени односи со институции од меѓународен карактер соработа со локални и регионални власти од странство, вмрежувањето и зајакнувањето на постојните врски со збратимените општини и градовите пријатели како и со проектните партнери од европските земји е континуирана заложба на Општина Ресен. Реализацијата на взаемни активности и проекти и проширувањето на листата на партнери во минатите години потврди дека меѓународната соработка може да претставува солидна основа за градење на врски помеѓу граѓаните и реализација на конкретни активности кои допринесуваат за развој на Општина Ресен.

Токму поради комплексната природа на активностите во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства.

**Оправданост**

Програмата за комуникација овозможува одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница. Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Што се однесува до меѓународната соработка, таа во 2024 година ќе се насочи на интензивирање на активностите на Градоначалникот , Советот на Општината и општинската администрација со особен фокус на иницирање и учество на различен тип на манифестации , посети,приеми со цел привлекување на интерес на странските инвеститори кон Општина Ресен како и во активно вклучување на општината во меѓународни асоцијации и процеси кои ќе придонесат кон зголемување на капацитетот и конкурентноста на општината како еден условите за економски развој на истата и кон промоција на достигнувањата и капацитетите од сите сфери на живеење во општината пред меѓународната заедница при што ќе се осигура потребната препознатливост на Општина Ресен

Организацијата на Програмата во континуитет ќе ги следи планираните активности.

**Основни цели**

Оваа програма има основна цел кон зајакнување на комуникацијата со медиумите и граѓаните, промоција на општината и овозможување учество во комуникацијата со јавноста за сите актери во одрживиот развој на локалната заедница,искористување на предностите на меѓународните мрежи на соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните и другите меѓународни процеси.

*Цели:*

- Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината;
- Двонасочна комуникација -поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
- Обезбедување комуникација и распространување на информациите за посебни целни групи;
- Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност;
- Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината.
- Учество во комуникацијата со јавноста за сите актери во одрживиот развој на локалната заедница
- Зајакнување на капацитетите за промоцијата на општината
- Искористување на повратните информации од граѓаните за примена на принципот на постојано подобрување.
- Воспоставување и продлабочување на соработката со збратимените градови и општини со фокус на развојот на економијата, туризмот и заштитата на животната средина;
- Продлабочување на соработката со меѓународни организации
- Зајакнување на учеството на здруженијата на граѓани во меѓународните активности на Општина Ресен;
- Зајакнување на учеството на локалните установи во меѓународните активности на Општина Ресен;

*Целни групи:*

1. Граѓаните на Општина Ресен
2. Урбани и месни заедници;
3. Медиуми (локални, регионални и национални);
4. Бизнис-заедница;
5. Општинска администрација;
6. Земјоделци;
7. Потенцијални инвеститори;
8. Туристички организации;
9. Невработени;
10. Граѓански сектор;
11. Студенти и ученици;

12. Донатори;
13. Маргинализирани групи;
14. Институции;
15. Пошироката јавност и др.

| **Опис на активноста** | **Општина Ресен** | **Други извори на финасирање** | **Вкупно** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изработка и печатење на брошури за промоција на Општина Ресен | 100.000 | | 100.000 | Континуирано во текот на годината според потреба |
| 2.Изработка и печатење на материјал за запознавање на јавноста со тековното работење на општина Ресен | 20.000 | | 20.000 | Континуирано во текот на годината според потреба |
| 3.Изработка и печатење на Флаери и Плакати произлезени од активности за спроведување на програмата | 20.000 | | 20.000 | Континуирано во текот на годината според потреба |
| 4. Организација на јавни настани за промоција и презентација на активностите на општината | 20.000 | | 20.000 | Континуирано во текот на годината според потреба |
| 5.Објавување на соопштенија за јавноста и други прилози во печатените медиуми | 20.000 | | 20.000 | Континуирано во текот на годината според потреба |
| 6. Престој на Делегации од Странство во Општина Ресен | 120.000 | | 120.000 | Континуирано во текот на годината според |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | потреба |
| 7.Учество на промотивни саемски манифестации | 20.000 | | 20.000 | Континуира но во текот на годината според потреба |
| 8. Промоција на Индустриските развојни зони ,,Макази,, и ,,Преспатекс,, и привлекување на нови инвеститори. | 30.000 | | 30.000 | Континуира но во текот на годината според потреба |
| 9.Непредвидени трошоци | 20.000 | | 20.000 | Континуира но во текот на годината според потреба |
| **ВКУПНО** | **370.000,00** | | **370.000,00** | |

**Одржливост**

Востановената практика за флексибилност на програмата ја потврдува нејзината одржливост, особено на планот на континуирана комуникација со граѓаните преку медиумите, административните механизми, користењето на информатичката технологија како и достапноста. За одржливоста на програмата во голема мера придонесуваат граѓаните со следењето на работата на општината, реакциите, коментарите, предлозите и идеите.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/16 — Претседател
14.12.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**14.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма Г1-Локален економски развој на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма Г1-Локален економски развој на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/14 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“. бр. 5/02), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12. 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**Г1 – Локален економски развој**
**на Општина Ресен за 2024 година**

**1. Вовед**

Програмата за поддршка на локалниот економски развој се изработува врз основа на надлежностите на Локалната Самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Ресен.
Процесот на планирање на програмата е врз основа на законските обврски на Општина Ресен во соработка и со непосредно учество бизнис секторот, граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијасии и сл.
Цел на оваа програма е преку заеднички активности на сите засегнати страни, создавање на услови за одржлив локален економски развој на Општина Ресен.

**2. Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка Г1 од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година и од други извори на финансирање.

**Вкупно предвиден буџет: 5.000.000 денари**

**3. Предлог – Програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Ресен за 2024 година.**

Општина Ресен преку Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична, согласно своите надлежности и согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Ресен 2024-2027, Службен гласник на Општина Ресен бр.11/23 предвидува Програма Г1 за поддршка на локалниот економски развој во Општина Ресен за 2024 година.

**3.1 Партиципативно учество на заедницата во одржливиот локален економски развој на Општина Ресен**

3.1.1 Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на локалниот економски развој со вклучување на малите и средни претпријатија, месните заедници и граѓанскиот сектор по пат на јавен повик за финансирање на проекти од интерес на заедницата за 2024 година.

3.1.2 Организирање на едукативно информативни работилници наменети за индивидуални граѓани, граѓански сектор, земјоделци и други организации за можностите за искористување на средства од домашните и странските програми и фондови.

3.1.3 Организирање на Форум во заедницата во согласност со Проектот: „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ со цел унапредување на поддршката за развојот на локалните самоуправи.
Целта на оваа активност е зајакнување на општинските за ефективно и автономно исполнување на своите доделени улоги на претставување, надзор и донесување општински одлуки со активно вклучување на граѓаните.

**3.2 Подобрување на условите за инвестиции во локалната економија**

3.2.1 Потикнување на инвестиции во комунална инфраструктура, потикнување на инвестиции во подготовка на соодветна урбанистичка, техничка документација и изградба, реконструкција на патна инфраструктура, водовод, канализација, пречистителни станици, јавни објекти и сл.

3.2.2 Потикнување на формирање на индустриска развојна зона, лоцирање на соодветни парцели потикнување на инвестиции во подготовка на соодветна урбанистичка, техничка документација за воспоставување индустриска развојна зона, и изградба на соодветна комунална инфраструктура.

3.2.3 Поттикнување на претприемништво, поддршка на мали и средни претпријатија:
-Мапирање на МСП во Општина Ресен, изработка на база на податоци и адресар на локалното стопанство.
-Информирање, подигнување на капацитетите и поддршка на МСП за искористување на развојни прогрми, фондови мерки и кредити.
-Воспоставување на регионална институционална соработка за поддршка на претприемништвото, бизнис инкубатори, поддршка на стартап бизниси и сл.
-Унапредување на работата на Локалниот Социо-Економски Совет на Општина Ресен.

3.2.4 Унапредување на пазарот на трудот:
-Вмрежување на учесници на пазарот на трудот, информирање, подигнување на капацитетите и поддршка за искористување на стимулативни мерки при вработување и самовработување, поддршка на социјална инклузија при вработувањето, промоција на можностите за започнување и унапредување на бизниси.
- Унапредување на образованието во согласност со потребите на пазарот на трудот, анализа на пазарот на трудот, поттикнување на отворање паралелки за дефицитарни занимања, поддршка на иновативни програми, поддршка на неформално, перманентно и доживотно учење, поддршка на научно истражувачка дејност, развој на дуално образование.

3.2.5 Зелена економија:
Поттикнување и поддршка зелени бизниси и енергетска ефикасност.
-Информирање поттикнување и поддршка на стопанството за користење на средства прогрми, фондови мерки и кредити за зелени бизниси и енергетска ефикасност.
-Поттикнување на имплементација на стандарди за одржливост, интеграција, вредносни синџири, потикнување на инвестиции за енергетска ефикасност и обновлива енергија.

3.2.6 Поттикнување и развој на дигитална инфраструктура и дигитални услуги:
Потикнување на развој на платформа за дигитални јавни услуги и услуги за бизнис секторот, поставување на точки за бесплатен пристап до интернет на јавни површини и објекти ,развој на мобилни апликации за специфични услуги како бизнис услуги, социјални услуги, туристичка понуда и културно наследство и сл.

3.2.7 Поттикнување и унапредување на соработка на стопанските субјекти во ПРЕСПА прекуграничната област :
Активноста предвидува вмрежување, поттикнување на заеднички иницијативи за инвестиции, унапредување на производство, креирање на производи карактеристични за регионот во Преспа прекуграничната област и сл.

3.2.8 Поттикнување на партнерства, вмрежување, членување во организации и други форми на здружување во ЕУ:
Активности за вмрежување, поттикнување унапредување на соработката со партнери од ЕУ и ИПА држави. Имплементација на проекти на партнерски проекти, членување во Европски мрежи, организации и други форми на здружување.

3.2.9 Подигнување на капацитетите на општината за подготовка, апликација и реализација на проекти за локален економски развој:
Подигнување на капацитетите на локалната самоуправа за соработка со бизнис сектор, развој и поддршка на претприемништвото и иновациите, организација на настани за поддршка на бизнис секторот, поддршка на специфичните бизнис целни групи (млади, жени, социјално ранливи категории граѓани), развој на бизнис инкубатори стартап центри, поддршка на рурален развој, поддршка на локални акциони групи, поддршка на земјоделците,

развој и промоција на туризмот, прекугранична соработка, трансфер на знаења и искуства од добри практики.

3.2.10 Унапредување и ревитализација локалните занаети. Мапирање на локални занаети, локани занаетчиски производи, поттикнување на инвестиции за опремување на занаетчиски работилници, промоција на занаетчиски производи и услуги. Информирање, поттикнување и поддршка на локалните занаети за искористување на домашни и странски програми и фондови.

**3.3 Рурален развој**

Под рурален развој се подразбира процес на интегриран и одржлив развој на рурална средина од економска гледна точка, но во исто време со заштита на животната средина, културните вредности и обележја на просторот.

3.3.1 Поттикнување и унапредување земјоделството.

Потикнување на формирање организации на производители, организрање на информативни настани и работилници за индивидуалните земјоделци, земјоделски задруги, презентација на иновативни практики и примери на успешни вредносни синџири, воспоставување на смарт технологии и опрема за поддршка на производството, изработени студии и анализи, економски показатели и воспоставување на пилот вредносни синџири по ЕУ стандарди и пракси.

3.3.2 Поттикнување на развој на семејни земјоделски стопанства.

Информирање, поттикнување и поддршка на семејните земјоделски стопанства за искористување на средства за инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства, подигнување на капацитетите и подобрување на одржливоста и конкурентноста на производите на семејните земјоделски стопанства.

3.3.3 Поддршка на локални акциони групи.

Поддршка за формирање и регистрирација локална акциона група која ќе делува на територијата на општината. Групата ќе биде составена од претставници на јавниот сектор, невладиниот сектор и бизнис заедницата ќе работи на подготвување на под стратегија за рурален развој и ќе аплицира во ЛИДЕР програмата со цел реализација на проекти од општ интерес на граѓаните на Општина Ресен.

**3.4 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти**

Според утврдените правила за апликација на одредени проекти во согласност со правила на донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се исполнат како прв услов за аплицирање на проектот. Донатор определува посебни услови за финансирање, средства кои треба да бидат обезбедени од Буџет на Општина Ресен како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.

Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

3.4.1 Партиципација, сопствено учество на Општина Ресен за аплицирање и реализирање на проекти со посебен акцент на програмите на Владата, Министерствата, Агенциите, национални и странски донатори.

3.4.2 Партиципација, сопствено учество на Општина Ресен за аплицирање и реализирање на проекти во рамките на Пелагонискиот Плански Регион.
**Вкупно предвиден буџет за 2024 година 5.000.000 денари**

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/17
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

## 15.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма Г2-Поттикнување на развојот на туризмот во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма Г2-Поттикнување на развојот на туризмот во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/15
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“. бр. 5/02), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен”бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**Г2 - Поттикнување на развојот на туризмот во Општина Ресен за 2024 година**

**1. Вовед**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот се подготвува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на Општина Ресен, други позитивни законски прописи и препораки.
Согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Ресен 2024-2027, Службен гласник на Општина Ресен бр.11/23 Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка за буџетската 2024 година ја предвидува програмата Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.

**2. Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година и од други извори на финансирање.

**3. Предлог – Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Ресен за 2023 година.**

3.1 Управување со туризмот, евиденција, регистрација, категоризација и стандардизација. Активноста предвидува континуирана евиденција, регистрација, категоризациај и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал во согласност со надлежностите на локланата самоуправа.

3.2 Потикнување на инвестиции во туристичка инфраструктура.
Потикнување на подготовка на урбанистичка и техничка документација и изградба и реконструкција на инфраструктура во функција на развој на туризмот.
3.3 Поттикнување на формирање на туристичка развојна зона.
Лоцирање на соодветни парцели, подготовка на урбанистичка и техничка документација за воспоставување туристичка развојна зона.
Потикнување на изградба на соодветна комунална инфраструктура.

3.4 Поттикнување на локалните туристички и угостителски субјекти во унапредување на туристичката понуда.

- Информирање, поттикнување и поддршка локалните туристички и угостителски субјекти во искористување на домашни и странски програми и фондови за унапредување на туристичката понуда, и развој на нови туристички производи.
- Евиденција на туристичките и угостителски субјекти, туристички локалитети и знаменитости од интерес за развој на туризмот во Општина Ресен.

3.5 Подигнување на квалитетот, стандардизација и промоција на туристичката понуда.

- Анализа на состојбите на туристичкиот пазар, поттикнување на вмрежување на туристичката понуда, промоција и пласман на локални туристички производи, промотивни активности, изработка и пласман на промотивен материјал, дигитални алатки и промотивни настани.
- Подигнување на капацитетите на давателите на туристички и угостителски услуги преку подигнување индивидуалните капацитети на субјектите, стандардизација на туристичката понуда, споделување и имплементација на добри практики, соработка со научни институции од областа, вмрежување на туристичката понуда на локални и прекугранични субјекти.
- Поттикнување на вредносен синџир , поттикнување на туристичките субјекти за примена на нови практики, и иновативни алатки. Потикнување на инвестиции во енергетска ефикасност, подобрување на туристичките услуги, вклучување на субјектите во вредносен синџир, примена на ЕУ стандарди за услуги во туризмот , поттикнување на формирање на нови туристички субјекти.

3.6 Поттикнување на алтернативен, рурален и активен туризам во Општина Ресен.

Активноста предвидува подигнување на капацитетите малите стопанства за проширување на туристичката дејност во алтернативните видови на туризам.

3.7 Промоција на туристичка понуда на Општина Ресен.

Активноста предвидува изработка на промотивен материјал, изработка на интерактивни мапи и мобилни апликации, изработка и поставување на билборди со туристички мотиви од Општина Ресен, остварување на контакти со туроператори, остварување контакти со медиуми, организирање и настапување на саеми за презетација на туристичката понуда на Општина Ресен во земјата и странство.

**Вкупно предвиден буџет за 2024 година: 4.000.000 денари**

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/18 — Претседател
14.12.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**16.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма МБ – Прекугранична соработка во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма МБ – Прекугранична соработка во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/16 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“. бр. 5/02), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**МБ – Прекугранична соработка во Општина Ресен за 2024 година**

**1. Вовед**

Со цел подобрување на општата локална клима и подобрување на квалитетот на живот на локалното население, Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка за 2024 година ја предвидува Програмата за прекугранична соработка.
Оваа Програма е во согласност со надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на Општина Ресен, други позитивни законски одредби и во согласност со препораките на ЕвропскатаУнија и препораките на Владата за користење на средства од ЕУ фондовите.
Специфични цели на оваа Програма се: економски развој на Општина Ресен, унапредување на инфраструктурата, унапредување на добрососедските односи, негување на стабилноста, безбедноста и просперитетноста преку економски развој со акцент на одржлив развој на животната средина и заштитата, унапредувањето и управувањето на природните богатства и одржлив развој.

Оваа Програма се фокусира претежно на искористување на инструментот ИПА – инструмент за предпристапна помош насочен кон земјите кандидати за членство во Европската Унија, во сите области на делување на локалниот живот: јакнење на демократските институции и владеењето на правото; јакнење на јавната администрација; унапредување на економските услови; почитување на човековите и на малцинските права; промоција на родовата еднаквост и поддршка на развојот на граѓанското општество.

**2. Извори на финансирање на програмата**

Програмата предвидува приходна ставка од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година и од други извори на финансирање.

**3. Прекугранична соработка на Општина Ресен**

Согласно приоритетите во рамките на Стратегијата за локален економски развој на Општина Ресен 2024-2027, Службен гласник на Општина Ресен бр.11/23, Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка за буџетската 2024 година ја предвидува програмата МБ – Програма за прекугранична соработка во Општина Ресен.

**3.1 Поттикнување на партнерство и прекугранична соработка**

3.1.1 Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини е исклучиво во функција на користење на средства од европски фондови и размена на добри пракси и искуства.
За реализација на овие активности неопходно е да се организираат работни средби како на претставници на Општина Ресен во други општини, така и нивни претставници во нашата општина.

**3.2. Подигнување на административните капацитети на општината**

3.2.1 Со цел изготвување квалитетни проекти заради конкурирање пред европските фондови, неопходна е континуирана надградба на професионалните капацитети на општина преку континуирани обуки и професионална надградба на администрацијата.

**3.3 Средства за сопствено учество во имплементација на проекти**

Согласно утврдените правила за апликација на одредени проекти во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество како прв услов за аплицирање на одреден проект.
Секој донатор определува посебни услови за локалната самоуправа кои треба да бидат обезбедени како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.

Со оваа програма се предвидуваат средства за сопствено учество во аплицирање и реализација на проекти во рамките на програмите на различни странски донатори како Европската Унија, Светска Банка, меѓународни фондови, асоцијации, амбасади и сл.

**Вкупно предвиден буџет за 2024 година: 5.000.000 денари**

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/19 | Претседател
14.12.2023 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/17 | Градоначалник
18.12.2023 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“. бр. 5/02), а во врска со член 7 став 6 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 110/21 и 236/22) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

**Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Ресен за 2024 година**

**1.Резиме на програмата за енергетска ефикасност**

Во согласност со Законот за енергетика Општина Ресен изработува тригодишна Програма за енергетска ефикасност и имплементира годишен Акционен План за Енергетска ефикасност.

Акциониот план за енергетска ефикасност на Општина Ресен ги дефинира приоритетните проекти кои ќе се спроведат во текот на тековната година а кои се дефинирани во тригодишната програма за енергетска ефикасност.

Целта на изготвување на програмата за енергетска ефикасност на Општина Ресен за периодот од 2023-2025 година е прибирање на информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува како и да ги намали трошоците за енергија во општината, пред се во делот на јавни објекти. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика.

Главна цел на Програмата е да се придонесе кон заштеда и намалување на потрошувачката на електрична енергија, воспоставување и примена на мерки за искористување на потенцијалните извори на енергија и постигнување на енергетска ефикасност на јавните објекти во Општина Ресен.

Намалувањето на потрошувачката на енергија ќе има позитивен ефект и врз животната средина, затоа што паралелно со намалената потрошувачка на фосилни горива ќе се намали и емисијата на штетни гасови.

Цел на оваа програма е зголемување на свеста кај граѓаните преку презентирање на очекуваните и остварените бенефити за општината:

- Финансирање на проекти преку енергетски заштеди;
- Зголемување на стандардот на социјалните и здравствените општински услуги;
- Подобрување на општинската енергетска инфраструктура;
- Подобрување на стандардот за живеење и работа.

За остварување на целите на Програмата, општината континуирано ја следи потрошувачката на енергија и ќе ја ажурира својата база на податоци.

**2. Проекти за енергетска ефикасност кои се вклучени во акциониот план**

Планот за енергетска ефикасност на Општина Ресен ги има основните содржини кои се бараат согласно со Законот за енергетика, со посветување на посебно внимание на мерките кои се предвидени во националниот Акционен План за енергетска ефикасност, а се однесуваат на мерки и политики кои се од опсегот на одговорноста на општината.

Основна задача на Планот за енергетска ефикасност на Општина Ресен да определи:

-мерки и активности кои треба да се остварат (оптимален избор на мерки и објекти во зависност од ниво на инвестирање, големина на заштедена енергија, број на корисници на објекти)

-ниво на нивна усогласеност со националниот Акционен план за енергетска ефикасност

-динамика на реализација на мерките за енергетска ефикасност

-временски периоди кога може да се спроведат предвидените активности

-висина на потребни инвестициски средства за реализација на предвидениот план
-извори на потребни финансиски средства
-организациска поставеност и определување на одговорни служби и личности за реализација на предвидените мерки и активности (проектирање, набавка, надзор, следење на резултати.
Реализацијата на планираните проекти согласно Програмата за енергетска ефикасност на Општина Ресен 2023-2025 е во согласност од обезбедените финансиски средства во буџетот на општината и добиените финансиски средства од донатори.

Во годишниот план се предвидуваат приоритетните инвестициони проекти и тоа:

| Проект / Активност | Цел | Финансирано | Проценета инвестиција | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Обука на персоналот на зградите под управа на Општина Ресен за ЕЕ | Зголемување на квалитетот и мерките за ЕЕ што директно ќе влијае врз животната средина | - Општина Ресен<br>- Донатори | 200.000 | Зголемување на квалитетот и мерките за ЕЕ што директно ќе влијае врз животната средина |
| Изработка на соодветна техничка документација за енергетска ефикасност на објектите под управа на Општина Ресен | Добивање на реален приказ на моменталната состојба и мерки за подобрување на ЕЕ | - Општина Ресен<br>- Донатори | 1.000.000 | Корекција на сите слабости и генерално подобрување на ЕЕ како и придонес кон заштитата на жив. средина |
| Имплементација на мерки за енергетска ефикасност на фасада и кровна конструкција на објектите под управа на Општина Ресен со цел зголемување на енергетската ефикасност | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците | - Општина Ресен<br>- Донатори | 5.000.000 | Значително подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците |
| Имплементација на мерки за енергетска ефикасност на надворешна и внатрешна столарија на објектите под управа на Општина Ресен со цел зголемување на енергетската ефикасност | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците | - Општина Ресен<br>- Донатори | 2.500.000 | Значително подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците |
| Реконструкција и модернизација на системите за греење и ладење на на објектите под управа на Општина Ресен со цел зголемување на енергетската ефикасност | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците | - Општина Ресен<br>- Донатори | 4.500.000 | Значително подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реконструкција и модернизација на системите за осветлување на објектите под управа на Општина Ресен со цел зголемување на енергетската ефикасност | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците | - Општина Ресен<br>- Донатори | 2.500.000 | Значително подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците |
| Изградба (поставување) на фотонапонски панели осветлување на објектите под управа на Општина Ресен со цел зголемување на енергетската ефикасност | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците | - Општина Ресен<br>- Донатори | 3.500.000 | Значително подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците |
| Обука на тим за ЕЕ следење и аплицирање на ИПА фондови и други донаторски орг. од областа на ЕЕ. | Зголемување на квалитетот и мерките за ЕЕ што директно ќе влијае врз животната средина | - Општина Ресен<br>- Донатори | 200.000 | Зголемен пристап до фондови кои ќе влијаат на подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата |
| Изработка на физибилити студија за можностите за искористување на обновливи извори на енергија во Општина Ресен | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот на жителите на Општина Ресен | - Општина Ресен<br>- Донатори | 300.000 | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот на жителите на Општина Ресен |
| Енергетски контроли на зградите под управа на  Општина Ресен | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците | - Општина Ресен<br>- Донатори | 150.000 | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот и работата на корисниците |
| Имплементација на мерки за унапредување на енергетски ефикасен зелен транспорт. | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот на жителите на Општина Ресен | - Општина Ресен<br>- Донатори | 3.500.000 | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот на жителите на Општина Ресен |
| Обуки за подигнување свеста свеста и стимул мерки за имплементац на проекти за енергетска ефикасност на стамбени и индустриски објекти. | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот на жителите на Општина Ресен | - Општина Ресен<br>- Донатори | 1.000.000 | Подобрување на ЕЕ и квалитетот на животот на жителите на Општина Ресен |

**3.Цели кои треба да се постигнат со примената на мерките за енергетска ефикасност**

Општината Ресен, како доминантно урбанизирана општина со развиена инфраструктура, се стреми кон што поекономично и поефикасно користење на енергијата. Исто така, општината се фокусира кон задоволување на еколошките аспекти, што подразбира намалување на емисиите на штетни стакленички гасови во атмосферата.

3.1 Долгорочни цели на Општина Ресен:
До 2040 година да се намали просечната потрошувачка на енергија (kWh/m2) за 20 %,
До 2040 година да се намали делот за енергија во општинските инвестиции за 25 %,
Подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност во основните училишта и детски градинки во надлежност на општината,
Да се намали нивото на $CO_2$ емисии во атмосферата за 30 % во споредба со сегашното ниво, со што би се придонесло кон намалување на бројот на здравствени проблеми поврзани со внатрешната клима во училишните згради и детските градинки.
Брза идентификација и обнова на проблематичните системи во основните училишта и детските градинки со висока потрошувачка на енергија во основните училишта и детските градинки.
Стратегија на општината е дека горенаведените цели ќе ги постигне преку:
Понатамошно функционирање и работење на тимот за енергетска ефикасност во одржување на базата на податоци,
Основање на фонд за финансирање и реализација на проекти за зголемување на енергетска ефикасност, идентификација и изнаоѓање на нови донатори, идентификација и користење на нови извори на енергија.
Истовремено, за да се остварат горните долгорочни цели, општината има цел да промовира и работи на:
-Создавање на свест преку ширење на добри практики,
-Промоција на социјалната свест за потреба за создавање на одржлив развој,
-Градење на партнерства коишто вклучуваат јавен сектор, потрошувачи и енергетски фирми.
Овие цели се амбициозни, но нивното постигнување е императив за општината во нејзината идна работа.

3.2 Среднорочни цели на општината
Среднорочните цели кои се однесуваат на развојот на општината во областа на енергетска ефикасност во општината, во периодот до 2030 година:
До 2030 година да се намали просечната потрошувачка на енергија (kWh/m2) за 15%,

До 2030 година да се намали делот за енергија во општинскиот буџет за 20%,
Подобрување на внатрешните услови на удобност во 30% од зградите во надлежност на општината,
Да се намали штетната емисија на гасови за 10 % од сегашната,
Стратегија на општината за постигнување на овие цели е:
Планирање и имплементација на дел од буџетот предвиден за трошоци за енергетска ефикасност,

3.3 Краткорочни цели на општината
Целите во акциониот план за енергетска ефикасност за 2023-2025 година се следни:
Спроведување на најмалку еден проект годишно за намалување на потрошувачката на енергија,
Намалување на специфичната потрошувачка на енергија по m2 за 5 % во зградите под управа на Општина Ресен.

3.4 Општи мерки за енергетска ефикасност во зградите во надлежност на Општина Ресен
Да се проверат сите инсталации во системот и донесат на максимално ниво на ефикасност, да се обезбедат, испитаат, каде е потребно да се инсталираат контролни системи, термостати за регулирање на топлинската енергија, да се развие основен протокол за одржување и да се обучат / информираат луѓето кои управуваат со системите за начинот на управување и одржување на системите за греење, вентилација и ладење. Проверка на цевниот систем и подстаници, да се намали времето на греење и да се користи само тогаш е потребно, да се исклучи греењето за време на викендите.
Да се спроведе проверка на осветлувањето во просториите, доколку е економски оправдано и во корист на децата (зголемување на осветлувањето во просториите) да се употреби ефикасен систем на осветлување (на пример ефикасно LED осветлување), да се инсталираат сензори за контрола на осветлувањето во зависност од користењето / употреба на осветлување по групи, и слично.
Прозори:
Да се провери состојбата на прозорите во сите простории. Доколку се оштетени и стари, да се поправат или доколку е финансиски можно да се заменат со прозори со термопан стакло.
Изолација:
Потребно е да провери изолацијата на фасадата, подот и кровот и каде е потребно да се планира инсталирање на изолација.
Пумпи:
Проверка на пумпите за греење и снабдување со вода и анализирање на мотОрите поголеми од 0,5 kW дали се соодветно избрани и од аспект на ефикасност, и нивна замена каде е потребно.
Канцелариска опрема:
Купување на опрема и материјали кои што имаат ниска и ,, разумна ,, потрошувачка на енергија и кои што не ја загадуваат животната средина.
Нови технологии:
Поддршка за имплементација на нови технологии на енергетски системи.

## 4.Финансиски извори за имплементација на акциониот план

Согласно моменталната финансиска ситуација на Општина Ресен, од исклучителна важност е искористувањето на финансирање преку грантови за имплементација на мерки за енергетска ефикасност

| Капацитет на општината за финансирање преку грантови | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Буџетска ставка | тип | Максимален износ на предвидени средства по програма МКД | Удел во вкупните трошоци од од инвестиција (%) | Период на достапност |
| Развојна Банка на Република Северна Македонија | Заем со дел на грант | 30.675.000 | 60% РБРСМ 40% сопствени средства | Континуирано во период од 2010 |
| Министерство за финансии, Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (Светска Банка) | Заем со дел на грант | 2.859.750.000 | 80% заем 20% грант | 2021> |
| IPA 3 Програма за прекугранична соработка | Неповратен грант со сопствено учество од 15% | 523.000.000 | 85% грант 15% сопствени средства | 2021-2027 |
| ЕУ Програма Балкан Медитеран | Неповратен грант со сопствено учество од 15% | 2.443.250.721 | 85% грант 15% сопствени средства | 2014-2020 (се до целосно искористување на средства) |
| Програма за мали грантови, комисија за демократија, Амбасада на САД | Неповратен грант со сопствено учество од 20 % | 1.320.000 (по проект, се до искористување на средства) | 80% | 2021> |
| Мали проекти на ГЕФ | Неповратен грант со сопствено учество од 20 % | 1.000.000 – 5.000.000 (по проект, се до искористување на средства) | 80% | 2021> |

## 5. Мониторинг на енергетска ефикасност и напредокот на активностите

Согласно Годишниот план за спроведување на Програмата за ЕЕ, ќе се организира мониторинг над реализација на мерките за постигнување на енергетската ефикасност од Програмата, и мониторинг над потрошувачката

на енергија, и ќе се изготвуваат Годишни анализи за реализацијата на мерките за потрошувачката на енергија, а за резултатите ќе бидат известувани локалните власти.
Единицата на локалната самоуправа, најдоцна до крајот на Март, до Агенцијата за енергетика, ќе доставува Збирни извештаи за извршените енергетски контроли во претходната календарска година.
Единицата на локалната самоуправа, ќе ја следи и ќе управува со потрошувачката на енергија во зградите или градежните единици во кои што се вршат дејности на начин на кој се остварува енергетска ефикасност и заштеда на енергија.
Единицата на локалната самоуправа, покрај обврската да ја следи и да управува со потрошувачката на енергија во зградите или градежните единици во кои што се вршат дејности на начин на кој се остварува енергетска ефикасност и заштеда на енергија, ќе ја следи и ќе управува со потрошувачката на енергија во јавното осветлување на начин на кој се остварува енергетската ефикасност и заштеда на енергија.
Во Единицата за локална самоуправа, одговорниот службеник е задолжени за прибирање и внесување на податоци во Информацискиот систем и верификација на истите, како и други активности поврзани со следење и управување на потрошувачката на енергија, согласно со Правилникот за информациски систем и тоа:

- Ќе ги евидентира податоците за месечната потрошувачка на енергија за секоја зграда или градежна единица во кои се вршат дејности, односно за јавното осветлување и истите ќе ги внесува во Информацискиот систем;
- Ќе ги евидентира податоците за трошоци за потрошената енергија и истите ќе ги внесуваат во Информацискиот систем;
- Редовно ќе внесува во Информацикиот систем, точни, сеопфатни и релевантни податоци согласно со Правилникот за Информациски систем.

Акциониот план ќе биде финансиран од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства на Програма за енергетска ефикасност во Буџетот на Општина Ресен.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.082583/20 — Претседател
14.12.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**18.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/18
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен Весник на РМ“ бр. 5/02), член 39 и член 80 од Законот за градежно земјиште (,,Службен Весник на РМ“ бр. 15/15, 44/15 и 193/15, 226/15, 30/16 и 31/16 ), член 2, член 80, член 80-а и 81 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РМ“ бр. 244/19, 18/20 279/20 и 96/21), член 23 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр 07/10, 13/13, 08/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен, на седницата одржана на 14.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година**

**1.ВОВЕД**

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа Програма важи за 2024 година и со истата е опфатена урбаната опрема определена согласно член 2 став 4 од Закон за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РМ бр. 244/19, 18/20 279/20 и 96/21).

## 2.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Ресен,
- Естетеско облковање подобрување и воведување на нови стандарди во
  уредување на просторот,
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на
  животната средина,
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина
  (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвеќиња и др.),

## 3.ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

На градежно земјиште предвидено со урбанистички план или урбанистичка планска документација за плажи, може да се постави урбана опрема согласно урбанистичко – техничка документација за уредување на плажа одобрена од Градоначалникот на Општина Ресен. Урбанистичко – техничката документација за уредување на плажа е составен дел на договорот за краткотраен закуп на градежно земјиште.

## 4.ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА

**1. Тераси со или без настрешници**

Тераси со или без настрешници се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичка концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, односно непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

**2. Покриени и непокриени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на плоштад, во парк, на брег, покрај водни и рекреативни површини при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичка концепција на просторот.

Покриените и отворените шанкови не смеат трајно да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и тераса со или без настрешница.

**3. Продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна и сладолед**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна и сладолед да не биде поголема од 6.0 м2, а за продажба на цвеќе не поголема од 16.0 м2.

**4. Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.
Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбана опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Ресен.

**5. Информативни паноа**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на градот, возен ред и сл.) и огласување за културно – уметнички, спортски и други манифистации.
Поставување на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.
Ифомативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект сл.

**6. Рекламни паноа**

Рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и посебните акти на Општината.

**7. Јавни санитарни јазли**

Поставување на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близна на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини.
Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**8. Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

**9. Автобуски постојки**

Поставување на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот на јавните патишта.
При лоцирање на автобуски постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2.5 м.

**10. Детски игралишта**

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена.

Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило, парк, покрај водена површина и покрај паркинг простор.

**11. Пливачки објекти**

Пливачки објекти може да се поставаат на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена.
Пливачки објекти може да се поставаат и во уредено зеленило, парк и покрај водена површина.

**12. Настрешници кои се поставуваат на јавна површина**

Настрешница е лесен монтажен елемент кој се поставува на столбови кои не смеат трајно да бидат прицврстени за јавната површина.

**13. Опрема во функција на туристички, културни и спортски настани**

Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани може да се постави согласно посебни проекти, доколку такви се изготвени за јавни површини од посебен интерес за Општина Ресен.

**14. Платформи за јавни манифестации на копно и водена површина**

Платформите за јавни манифестации како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.
Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

**15. Типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објектите на органите на државната управа и резиденцијални објекти.**

Објектите да бидат од лесна конструкција, со унифициран изглед, усогласени со просторот на кој се поставуваат со површина не поголема од 4.0 м2.

Објектите или групацијата на објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, лица со инвалидитет и возила.

**16. Паркинзи во функција на објектите на органите на државната управа и објекти на општината**

Паркинзи во функција на објектите на органите на државната управа и резиденцијални објекти се поставуваат на градежно изградено земјиште со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда до 0.8 м.

**17.Опрема за спортско-рекреативни активности**

Опрема за спортско-рекреативни активности може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена.
Опрема за спортско-рекреативни активности може да се постави и во уредено зеленило, парк и покрај водена површина“.

**5.НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

Урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот во согласност со Закон за градење и општинските акти за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ресен.

Согласно Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на урбана опрема („Службен Весник на РМ“ бр. 36/10), Одобрението за поставување на урбана опрема се издава на образец во формат А4.

Точното позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управување со градежното земјиште.

Општина Ресен согласно Закон за градење води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистарот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управување со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Ресен, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно за време од 24 часа,
- краткотрајно, за период од 30 дена,
- сезонско, за период од 3-6 месеци и
- годишно, за период од 1 година.

Одобрението за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар) до Градоначалникот на Општина Ресен.

**7. ПАНИРАНИ ПОВРШИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

- Изградба на спортско игралиште во населба Пролет

**8.ВРШЕЊЕ НАДЗОР**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема врши овластениот инспектор за градежништво и урбанизам согласно Закон за градење и други акти на Општина Ресен.

Доколку овлатениот испектор утврди дека субјектот кој врши дејност, поставува урбана опрема и/или користи простор пред деловната просторија

без одобрението издава решение со кое ќе нареди отстранување урбаната опрема.
Доколку субјектот – корисникот во рок од 24 часа по добивањето на решението не ја отсрани урбаната опрема од просторот пред деловната просторија ќе се пристапи кон присилно извршување.
Ако корисникот на просторот преземе дејствија спротивни на одобрението со тоа што ќе постави платформа или друг вид на дејствие кое има карактер на градба, овластениот инспектор ќе постапи согласно овластувањето од Законот за градење.
Доколку овлатениот инспектор утврди дека корисникот има одобрение и истиот не се придржува кон условите наведени во одобрението или на било кој начин го попречува нормалното движење на пешаци, функционирањето на соседните локали, домувањето и слично, составува записник и изрекува мерка опомена.
Доколку и по издавената опомена повторно овластениот испектор констатира дека корисникот не се придржува на условите од одобрението, го известува Градоначалникот на општината со предлог одобрението да му биде одземено.
Доколку корисникот во рок од три дена по добивање на решението со кое се одзема одобрението не ја отстрани опремата и предметите од просторот, тоа ќе се стори по присилен пат.
На решението за одземање на одобрението субјектот има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управната постапка и постапка од работни односи во втор степен.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**79.ПРОЕДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализација на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Ресен во соработка со Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

**<u>Вкупно предвиден буџет за 2024 година: 1.500.000 денари</u>**

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/21
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**19.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма ЈЕ - Изградба на сообраќајна сигнализација за подрачјето на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма ЈЕ - Изградба на сообраќајна сигнализација за подрачјето на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/19
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 ст. (1) од Законот за локалната самоуправа( ,,Сл. весник на РМ”бр. 05/02), член 23 ст. (10) од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на Општина Ресен” бр. 7/10,13/13,8/15,11/15 и 1/16), член 52 ст. (3) од Законот за јавните патишта(,,Сл. Весник на РМ” бр. 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Советот на општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**

**ЈЕ-За изградба и одржување на сообраќајна сигнализација за подрачјето на**

**Општина Ресен за 2024 година**

Програмата опфаќа тековни мерки кои општината ги превзема за одржување на постојната сообраќајна сигнализација, како и мерки за поставување на нова сигнализација, со цел зголемување на безбедноста и функционалноста на локалните улици и патишта, а во интерес на сите учесници во сообраќајот.

Сообраќајната сигнализација опфаќа три компоненти и тоа:

- Вертикална
- Хоризонтална
- Поставување на забавувачи и заштитни огради

1. Вертикална сообраќајна сигализација

*Замена и одржување на сообраќајните знаци, поставување на нови сообраќајни знаци* ***150.000.00 денари***

*Електрична семафорска сигнализација* ***80.000.00 денари***

2. Хоризонтална сообраќајна сигнализација

*Осовинско бележење на патишта со бела боја, пешачки премини, коловозни стрелки, автобуски и такси постојки и паркинг простор* ***280.000.00 денари***

3. Забавувачи и заштитни огради

*Поставување на забавувачи и заштитни огради* ***90.000.00 денари***

Безбедноста на учесниците во патниот сообраќај е приоритет и императив што треба да се постигне со реализација на оваа програма. Поставувањето и одржувањето на хоризонталната односно вертикаланата патна сигнализација во границите на Општина Ресен е обврска која треба да се изврши со цел побезбеден сообраќај и правилно информирање на учесниците во сообраќајот за опасностите кои се закануваат на патиштата како и јавниот простор наменет за движење на пешаци.

Програмата во целост ќе биде финансирана од планираните средства во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

Потребна финансиска рамка за остварување на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година изнесува **600.000.00 денари** и реализацијата на истата зависи од расположливите средства од Буџетот на општина Ресен.

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на општина Ресен”.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/22
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**20.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма ЈГ - изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2024 година

Се објавува Програма ЈГ - изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/20 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 ст.(1), точка 6 од Законот за локаланата самоуправа (,,Сл. Весник на Р.М” бр.05/02), член 23 точка 13 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на Општина Ресен” бр. 7/10, 13/13, 08/15 ,11/15 и 1/16), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Советот на Општина Ресен на седница одржана на 14.12.2023 година.

**ПРОГРАМА**

**ЈГ- За изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2024 година**

**Вовед**

Со оваа програма за периодот на кој се однесува ќе се реализираат проекти за водоснабдување со чиста и питка вода за пиење и техничка вода, потребата од вода за пиење и техничка вода е суштинска, елементарна потреба за нормално функционирање. Водоводната мрежа е инсталација кој опфаќа процес на одржување, реконструкција и изградба на нови водоводи со цел задоволување во минимум потребите на физичките и правните лица на територијата на Општина Ресен.

Обезбедувањето на доволно вода за сите потрошувачи е обврска од императивен карактер која треба да се исполни кон сите корисници со најниска цена на чинење на истата по пат на гравитација и други начини кои користењето би го направиле поефтино, како во Градот Ресен така и во селските и вилските населби. Во програмата се опфатени населбите кои се приоритет односно кај кои се воочени проблеми во водоснабдувањето, секако и етапно заменување на азбестната водоводна мрежа, набавка на хлоринатори и други мерки потребни за ефикасно и нормално функционирање на водоснабителниот систем.

**Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на системи за водоснабдување во текот на 2024 година планирано е:**

**1. Ресен**
Изведба на куќни приклучоци на реконструирана водоводна мрежа во централно и пошироко подрачје во Град Ресен – III ФАЗА

Со цел комплетирање на новата водоводна мрежа во град Ресен а со тоа и намалување на загубите на вода, намалување на интервенции на дефекти на водоводната мрежа и заштита на животната средина. Се предвидува изведба на куќни приклучоци на реконструираната водоводна мрежа и тоа на улиците: ,,Наум Божиновски“, ,,Крсте Трајчевски“, ,,Иво Лола Рибар“ и ,,Милан Димов“.

Средства потребни за реализација **1.522.481 денари**

**1.1 Реконструкција на дел од водоводната мрежа во град Ресен**

Врз основа на искуствата и развојните планови на градот, потребно е да се преземат мерки за целосно решавање на проблемот со водоснабдувањето на населението во градот како и за развој на градот и подобрување на квалитетот на живот во наредниот период.

Средства во висина од **15.000.000 денари** ќе се обезбедат од Владата на Р.С.Македонија, Буџет на општина Ресен и донатори.

**2. Стење** – обезбедување на водоснабиделниот систем
Изградба на нов систем за водоснабдување односно, изградба на два нови експлотациони бунари за обезбедување на чиста вода за пиење.

Со активноста се предвидува: обезбедување на два нови експлотациони бунари со хидротехнички истражни работи, вградување на цевка Ф 140мм, вградување на филтерски гранулат, разработка на прифилтерскиот дел и прочистување на бунарот со метода на аерофилтрирање, иестирање на бунарот со три динамички нивоа и три различни капацитети и поставување на потопна пумпа, санација и продолжување на усисниот цевовод, усисна корпа, изработка на филтер станица со капацитет од 42м3/час, каде ќе се врши оксидација на водата, изградба на таложник, обезбедување на филтрирање под притисок и обезбедување на дезинфекција на водата, изведба на дозирана станица за реангенси, изведба на линиски флокулатор, таложник и комора за мешање, резервоар за исталожена вода, погонска пумпа за филтрирање, пумпа за испирање на песочни филтри, електрична инсталација, резервоар за чиста вода.

Вкупната вредност на проектот изнесува **9.649.400 денари**

Средствата ќе бидат обезбедени од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, Буџетот на Општина Ресен и донатори.

**3. Коњско –** изградба на водоснабдителен систем
Коњско е населба каде што не е решен проблемот со водоснабдувањето со исправна вода за пиење.

Со цел ставање во употреба на веќе изградениот цевовод за вода за пиење и изградената пумпа, потребно е да се изгради резевоар за за вода со што ќе се реши проблемот со изведениот бунар.

За активноста потребни се средства во висина од **1.860.000 денари.**

Средствата ќе се обезбедат од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, Буџет на Општина Ресен и донатори.

**4. Претор и Асамати –** обезбедување на исправна вода за пиење

За трајно решавање на проблемот со вода за пиење за селата Асамати и Претор потребно е изработка на проектна документација за примарниот цевководен систем од с.Курбиново до резервоарот во Претор и изградба или реконструкција на истиот во зависност од техничкото решение на проектната докиментација.

За т.н Претор, согласно изработеното техничко решение со кој е поставен резервоар за вода со капацитет од 50 000 литри и обезбедени дополнителни количини на вода потребно е одвојување од постојниот водовод на дел од т.н Претор односно да се одвои вилската населба со туристичката населба од кој вилската населба би се снабдувала од поставениот резервоар се до изградба на нов водоводен систем за Претор за кој е обезбедена техничка документација .

Средствата во висина од **11.328.000 денари** ќе се обезбедат Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, Буџет на Општина Ресен и донатори.

**5. Јанковец –** Изработка на техничка документација, реконструкција на водоводната
мрежа во с.Јанковец како и изградба на нов резервоар.

Средствата за реализација на активноста изнесуваат **15.000.000 денари** и истите се планираат да се обезбедат од извори на Републичкиот Буџет, од Буџетот на општина Ресен и донатори.

**6. Набавка и изведба на хлоринатори**

Повеќето населени места кои не се вклучени на регионалниот водовод, се снабдуваат со вода за пиење од локални извори каде што водата не е хлорирана. За таа цел се предвидува набавка и изведба на хлоринатори за водата да биде хемиски и бактериолошки исправна, вооедно безбедна за пиеење.

Средства потребни за реализација **4.800.000 денари,** истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ресен и донатори.

Вкупната сума за реализација на програмата изнесува 59.159.881 денари и истата ќе се реализира согласно расположливите средства од Буџетот на општина Ресен за 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/23
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**21.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма ЈИ-изградба на канализациони системи ЈИО-изградба на фекални канализации во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма ЈИ-изградба на канализациони системи ЈИО-изградба на фекални канализации во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/21 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 ст. ( 1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен Весник на Р.М“ бр. 05/02), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 14.12. 2023 год. ја донесе следнава

**ПРОГРАМА**
**ЈИ – изградба на канализациони системи**
**ЈИО – изградба на фекални канализации во Општина Ресен**
**за 2024 година**

**ВОВЕД**

Со цел решавање на проблемот со атмосферските и фекалните води во Општина Ресен како и од другите населени места на територија на Општина Ресен, делумно е решен со прифаќање на колекторскиот систем кој ги прочистува фекалните и атмосферските води од Градот како и селата: Јанковец, Царев Двор и Езерени.

Одредени селски населби и делови од градот не го имаат регулирано проблемот со фекалните и атмосферските води и за истите треба да се превземат соодветни мерки за решавање на проблемот.

Целта на оваа програма е изнаоѓање на трајни решенија за гореспоменатите проблеми, досега овие води воопшто не се третирани односно голем дел од нив слободно истекуваат по површината на теренот или пак во септички јами кои се полнат со подземни води и истекуваат.

Предметната програма ги опфаќа следните активности:

**1.Ресен**

- Крак на улица ,, Ленинова “ изработка на техничка документација за изградба на атмосферска канализација во должина од 140 метри, финансиска рамка – **272 000 денари.**

- Ул. 4-ти Јули изработка на техничка документација за изградба на атмосферска канализација во должина од 85 метри, потребни финансии – **170 500 денари.**

- Крак на ул. ,,Борис Кидрич” изработка на техничка документација за реконструкција на атмосферска канализација (стара слога) поставување на цевки со поголем дијаметар со цел зголемување на капацитетот во должина од 525 метри, потребни финансии – **9.500.000 денари**

- Крак на улица ,,Кузман Јосифовски” изградба на фекална канализација во должина од 80 метри, каде ќе се поврзи со веќе постоечката фекална канализација. Инвестицијата е планирана во висина од **170 000 денари.**

- Улица.,,Кочо Рацин” и крак 1 и 2 на ул.,,Кочо Рацин” атмосверска канализација.

Предвидено е да се изградат 4 колектор ,,КРАЦИ”, кои се гравитациони. Канализационата мрежа е од сепаративен тип, односно без прифаќање на фекални и подземни води со вкупна должина од 1 319,81 метри.

Вредност – **7.910.213,21**

- Ул.,,Михајло Бочкаровски” и крак на ул.,,Михајло Бочкаровски” атмосверска канализација.

Атмосферската канализација е проектирана по коловозот на улиците, а реципиент на атмосферската канализација се атмосферски шахти на улица ,, Кочо Рацин” со вкупна должина од 1.125,47 метри.

Вредност – **6.535.204,90**

- Фекална канализација на ул.,,5-та”

Во должина од 190 метри.

Вредност – **1.402.200**

**2.Стење** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е предвидена да се изгради на околу 300 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе изнесува 1,60 м и ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. Трасите на канализационите

водови минуваат по сите улици така што некаде е потребно да се изврши сечење на асвалтната лента со ширина од 1,00 м долж патот. По должина на трасата се предвидува да се поставаат ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста **42.424.095 денари.**

**3. Јанковец** - доизградба на фекална канализација

Со изградба на овој систем се планира канализирање на одпадните води кои се ослободуваат од од домаќинствата и другите објекти од селото. Истите ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собират во колектори кои фекалните и одпадните води ќе се носат во пречистителна станица.

Финансиски средства за реализација на активноста **12.239.562 денари.**

**4. Грнчари** - изградба на фекална канализација

Канализациониот систем во с.Грнчари, предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води и атмосферските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Финансиски средства за реализација на активноста **27.069.818 денари.**

**5. Долно Перово** - изградба на фекална канализација и пречистителна станица

Со изградба на канализационата мрежа во наеленото место Долно Перово, ќе се придонесе за унапредување на квалитетот на живот преку создавање на санитарно-здравствени услови за живеење, заштита на животната средина преку спречувањето на присуство на опасни материи и супстанци и загадување и друг вид на деградација на животната средина.

Канализационата мрежа за населеното Д.Перово предвидено е да се изгради колектор со што комплетно се опфаќаат домаќинствата и сместувачки капацитети од ова населено место за проектиран период од 30 години со околу 200 жители.

Мрежата е предвидено да биде од сепаративен тип, односно фекална, без прифаќање на атмосферски води и подземни води.

Финансиските средства за реализација на активноста изнесуваат **15.300.107,88 денари**

**6 .Крани-Арвати** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е предвидена да се изгради на околу 600 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон реката.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста **41.986.243 денари.**

**7. Дрмени** - доизградба на фекална канализација

Канализационата мрежа се изгради во 2017 година , но со до изградбата на уште 6 краци од канализационата мрежа се планира заокружување на целокупната примарна канализациона мрежа. Отпадните води кои се ослободуваат од домаќинствата и другите објекти од селото се канализираат во колекторски систем кој води до пречистителната станица во с.Дрмени .

Финансиски средства за реализација на активноста **1.602.020 денари**.

**8. Претор** со туристичка и вилска населба – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од туристичката и вилската населба. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста **73.802.953 денари**

**9.Долно Дупени**– изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната

длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста **47.955.048 денари.**

**10.Брајчино** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Финансиски средства за реализација на активноста **47.219.145 денари.**

**11.Сливница** – изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти.

Финансиски средства за реализација на активноста **37.784.540 денари.**

**12. Подмочани -** изградба на фекална канализација

Канализациониот систем во с.Подмочани, предвиден е да биде сепарационен, односно

би се одведувале само фекалните води и атмосферските води и понатаму би истекувале

слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор а кон него се приклучуваат

споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж

постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор

минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот

систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Финансиски средства за реализација на активноста **29.247.931 денари**.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ресен и донатори

Вкупната сума за реализација на програмата изнесува 402.591.581,00 денари и истата ќе се реализира согласно расположливите средства од Буџетот на општина Ресен за 2024 година, како и обезбедени средства од страна на донатори.

СОВЕТ НА ОПШИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/24 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**22.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/22 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на чл. 14 став( 4) од Законот за јавните патишта (,,Сл. Весник на Р.М” бр.52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13,39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), чл. 36 ст. (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа ( ,,Сл. Весник на Р.М” бр. 05/02), чл.23 точка 11 од Статутот на Општина Ресен ( ,,Сл. Гласник на Општина Ресен” бр.7/10,13/13,8/15,11/15,1/16), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 14 .12 . 2023 год. ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**ЈД - За изградба и реконструкција на локалните патишта и улици**

**за 2024 година**

**Вовед**

Изградбата и одржувањето на локалните патишта и улици е законска обврска која Општината во целост треба да ја исполни. Одржувањето на постојната патна инфраструктура опфаќа делумна и целосна реконструкција.

Општина Ресен континуирано ја следи состојбата со патиштата и улиците и врз основа на увидот што го има, превзема соодветни мерки. Покрај реконструкција на постојната патна мрежа се гради и нова патна инфраструктура со цел задоволување на потребите на населението во градот Ресен и селата во Општина Ресен.

**1. Асфалтирање на локални улици и патишта**

**1.1 Планирани активности за изградба и одржување на локалните патишта и улици во 2024 година во град Ресен :**

- **Ул. ,,Наум Веслиевски”**

*реконструкција во должина од 694,90 метри*
*вредност: 9.070.323,00 денари*

- **Ул. ,,Кузман Јосифовски’’**

*реконструкција во должина од 972 метри*
*вредност: 18.566.768,00 денари*

- **Ул.,,Михајло Бочкаровски’’и крак на ул.,,Михајло Бочкаровски”**

*реконструкција во должина од 1.142,77 метри*
*вредност: 22.409,980 денари*

- **Ул.,,Кочо Рацин’’крак 1 и крак 2 од ул.,,Кочо Рацин”**

*реконструкција во вкупна должина од 1.250,53 метри*
*вредност: 24.595.577,91 денари*

- **Ул. ,,Мите Трајчевски”**

*реконструкција во должина од 280 метри*
*вредност:1.008.000 денари*

- **Ул. ,,4 ти Јули”**

*реконструкција во должина од 85 метри*
*вредност:306.000 денари*

- **Крак на ул.,,11 Ти Октомври“**

*Реконструкција во должина од 65 метри*
*Вредност 351.000 денари*

- **Дел од ул.,,Обиколна‘‘**

*Реконструкција во должина од 230 метри*
*Вредност*
*1.449.000 денари*

- **Крак на ул.,,Славејко Арсов‘‘**

*Изградба во должина од 150 метри*
*Вредност 830.250 денари*

- **Ул.,,11 ти Септември‘‘**

*Реконструкција во должина од 225 метри*
*Вредност 1.245.375 денари*

**1.2 Локални патишта**

- Од Регионален пат Р 1307 до село Перово, во должина од 1.200 метри
  *Вредност 6.480.000 денари*
- Од ,,Нова Слога“ (29 Ти Ноември) до мост за с.Болно и с.Евла, во должина од 1.200 метри
  *Вредност од 6.480.000 денари*
- Дел од Лок. Пат, Ресен – с.Златари (од Жив.фарма до депонија) во должина од 1.450 метри

*Вредност од 7.830.000 денари*

- Од спој со Регионален пат Р1307 до с.Г.Дупени, во должина од 2.800 метри

*Вреднст од 15.120.000 ден*

- Од спој со Регионален пат Р1307 до с.Прељубје, во должина од 2.310 метри

*Вредност од 12.474.000 ден*

- Од спој со Регионален Пат Р1308 до с.Сопотско, во должина од 2.910 метри

*Вредност од 15.714.000 денари*

- Од спој со Регионален Пат Р1308 до с.Наколец , во должина од 860 метри

*Вредност од 4.642.679 денари*

**1.3 Планирани градежни активности за изградба и одржување на улици и патишта во селата на територија на општина Ресен:**

- **С.Асамати**
  *Изградба и реконструкција во должина од 100 метри*
  *Вредност: 553.500,00 денари*
- **С. Крани**

*Изградба и реконструкција во должина од 250 метри*
*Вредност 1.350. 000 денари*

- **С.Арвати**

*Изградба во должина од 600 метри ( од црркваСв. Богородица до село и од мостот до Св.Илија)*
*Вредност 2 160 000 денари*
*Изградба на во должина од 100 метри (од Џамијата до асфалтираниот што води до Арвати)*
*Вредност 540.000 денари*

- **С. Брајчино**

*Изградба во должина од 150 метри(од село до црква Св.Петка)*
*Вредност:540 000 денари*

- **С.Подмочани**

*Изградба во должина од 300 метри*
*1.620.000 денари*

- **С.Царев Двор**
  *Реконструкција во должина од 200 метри*
  *Вредност 1.080.000 денари*
- ***С. Езерени***

*Изградба во должина од 200 метри*

*Вредност 1.107.000,00 денари*

- ***С.Избишта***

*Изградба во должина од 250 метри*
*Вредност 1.383.750,00 денари*

- ***С.Горна Бела Црква***

*Изградба во должина од 100 метри*
*Вредност 550.000,00 денари*

- ***С.Грнчари***

*Изградба во должина од 420 метри*
*Вредност 2.268.000,00 денари*

**2. Санирање на ударни дупки**

Активноста опфаќа санирање на ударни дупки на територија на општина Ресен (локални улици и патишта во Градот и селата) по претходно утврдени приоритети според степенот на оштетеност и френквентност на улиците каде има оштетувања. Планирано санирање во површина од 1800 м2.

*вредност од околу 2 160 000 денари.*

**3. Изградба и реконструкција на тротоари и пешачки патеки**

Пешачка патека на ул.Јосиф Јосифовски во должина од 445 метри и ширина од 1(еден) до 2(два) метри.

*Вредност 812.125, 30 денари.*

**4.Реализација**

За извршување на програмата задолжен е градоначалникот на општина Ресен и истата ќе се реализира согласно утврдените приоритети и расположливите средства.

Извори на приходи за реализација:

- Јавно претпријатие за државни патишта
- Биро за регионален развој
- Агенција за финаниска подршка во земјоделството и руралниот развој
- Буџет на општина Ресен
- Донатори

**Вкупната сума за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици за 2024 год. изнесува 165.967.327,00 денари и истата ќе се реализира согласно расположливите средства од Буџетот на општина Ресен.**

**5.Завршни одредби**

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Сл.Гласник на општина Ресен”.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/25
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**23.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Р. Македонија за 2024 година

Се објавува Програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Р. Македонија за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/23
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 99 ст. (1) алинеја 1 од Законот за градежно земјиште ( Сл. Весник на Р.М бр. 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 ), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 14.12.2023 год ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**За работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Р. Македонија на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година**

**I.ВОВЕД**

Градежното земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко проектна документација, општ акт и проект за инфраструктура, градежното земјиште во смисла на Законот за градежно земјиште е изградено и неизградено земјиште, предвидено со актите од Законот за урбанистичко планирање.

Согласно член 7 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) градежното земјиште може да биде во сопственост на Р.С.Македонија, во сопственост на општините, општините во Градот Скопје и

градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти домашни и странски физички и правни лица под услови утврдени со овој закон и друг закон.

Прометот на градежното земјиште е слободен според позитивната законска регулатива и се врши врз основа на закон, градежното земјиште во сопственост на Р.С.Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права на начин и под услови предвидени со Законот за градежно земјиште.

Постапките за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште и за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во име на Република Северна Македонија ги водат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, секоја на своето подрачје утврдено со закон, освен постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва за изградба на дипломатско-конзуларни објекти.

Постапките за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште и за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се водат по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба.

Со непосредна спогодба, градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во име на Република Северна Македонија, Општина Ресен, како и останатите општини во Република Северна Македонија, го отуѓува во следните законски предвидени случаи:

- за потребите на верските заедници за изградба на верски објекти предвидени со урбанистички план или урбанистичка планска
- за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва за изградба на дипломатско-конзуларни објекти
- за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела
- на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и запишани во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежното земјиште
- на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти за кои е донесено решение согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности
- на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти запишани во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, на градежно земјиште на

кое имаат засновано право на долготраен закуп, доколку објектите се изградени согласно со урбанистички план или урбанистичка планска документација и доколку ја имаат исплатено закупнината за тековната година и другите давачки кои произлегуваат од договорот за долготраен закуп

- градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на објекти од јавен интерес се дава под долготраен закуп со непосредна спогодба
- градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија наменето за изградба на објекти предвидени со проекти или програма за работа на државните органи, јавните претпријатија и другите субјекти основани од Собранието на Република Северна Македонија или Владата на Република Северна Македонија се дава под долготраен закуп со непосредна спогодба на државни органи, јавни претпријатија и други субјекти основани од Собранието на Република Северна Македонија или Владата на Република Северна Македонија.

Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје може да ги вршат работите за располагање со градежното земјиште во сопственост на Р.С.Македонија доколку ги исполнуваат следните услови:

- Да имаат изготвено и усвоено едногодишна програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште сопственост на Р.Македонија
- Да имаат потребен број вработени лица кои имаат поседуваат овластувања
- Да имаат формирано Комисија за спроведувања на постапката за јавно наддавање и
- Да имаат вопставено електронски систем за јавно наддавање на градежното земјиште во сопственост на Р.С.Македонија

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Во оваа програма ќе се направи детален преглед на градежното земјиште на територијата на Општина Ресен со кое Општината има намера да располага во текот на 2024 година.

Предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Р.С.Македонија на територијата на Општина Ресен со постапка на јавно наддавање се градежните парцели во следните населени места и локалитети:

**1.Урбанистички план за вон населено место за изградба на ,, ФИНСКО СЕЛО” на м.в МАРКОВА НОГА, КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН, бр. на одлука на Совет на општина Ресен 07-277/9 од 15.02.2011 год.(Сл.Гласник на општина Ресен бр.01/2011)**

**1.1 Табеларен приказ со податоци за предметните парцели**

**Блок 1**

| Ред. Бр. | Површина на парцела во м2 | Површина за градба М2 | Висина во катови | Бруто развиена површина | Класи на намени | Намена на објектите | Потребни Паркинг места | % На изграденост | Коеф. на изграденост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| 1.2.1 | 1143.21 | 256.00 | П+Пк | 512.00 | А0 | Викенд куќа | 4 | 22.39 | 0.45 |
| 1.2.2 | 1144.49 | 256.00 | П+Пк | 512.00 | А0 | Викенд куќа | 4 | 22.37 | 0.45 |
| 1.3.1 | 1144.30 | 256.00 | П+Пк | 512.00 | А0 | Викенд куќа | 4 | 22.37 | 0.45 |
| 1.3.2 | 1145.02 | 256.00 | П+Пк | 512.00 | А0 | Викенд куќа | 4 | 22.36 | 0.45 |
| 1.4.1 | 1116.68 | 256.00 | П+Пк | 512.00 | А0 | Викенд куќа | 4 | 22.93 | 0.45 |
| | | | | | | | | | |

**Градежните парцели од програмата за располагање со градежното земијште за 2024 год. кои се во целосна сопственост на Република Северна Македонија.**

**1.2 Графички приказ на парцелите кои се предмет на програмата**

**- Урбанистички план за вон населено место за изградба на ,, ФИНСКО СЕЛО” на м.в МАРКОВА НОГА, КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН, бр. на одлука на Совет на општина Ресен 07-277/9 од 15.02.2011 год.(Сл.Гласник на општина Ресен бр.01/2011)**



### III. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Изработката на програмата и реализацијата на истата има за цел оптимизација во смисла на искористеност на градежното земјиште сопственост на Р.С.Македонија, со тоа и имплицирање на економски развој во рамки на територијата на Општина Ресен.

Таргет односно целна група на програмата се сите лица кои според Законот за градежно земјиште и други позитивно законски прописи можат да се стекнат со правото на сопственост. Со цел претставување на програмата односно на градежното земјиште кое ќе биде понудено на потенцијалните инвеститори ќе се користат електронски и печатени медиуми како и социјалните мрежи преку официјалните страни на Општина Ресен.

**Постапката и начинот на отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште во сопственост на Р.С.Македонија ќе се води исклучиво врз основа на позитивните законските прописи кои соодвествуваат на истата.**

### IV. ЛИЦА НАДЛЕЖНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Лицата надлежи за реализација на програмата имаат посетувано соодветни обуки и за тоа поседуваат овластување за водење на постапка за јавно надавање, отуѓување и давање по краткотраен односно долготраен закуп на градежно земјиште во сопственост Р.С. Македонија.

**V. ПРИХОДНА СТРАНА НА ПРОГРАМАТА**

Средствата од отуѓувањето, закупнината и од надоместокот за правото на стварна службеност на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во сооднос 20% за Република Северна Македонија и 80% за општина Ресен.

**VI. РАСХОДНА СТРАНА НА ПРОГРАМАТА**

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од:

- Трошоци по основ на администратирање на постапките за отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште во сопственост на Р.С. Македонија
- Трошоци за рекламирање, промовирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување односно давање под закуп

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/26
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**24.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма Ф-Урбано планирање Ф10-Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година

Се објавува Програма Ф-Урбано планирање Ф10-Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/24
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на чл. 40 од Законот за урбанистичко планирање(,,Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20) и член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ресен(,,Сл. Гласник Р.М. 01/2010,13/2013,8/15,11/15 и 1/16) Советот на Општина Ресен на седница одржана на 12.14.2023 год. донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**Ф – Урбано планирање**
**Ф10 – Урбанистичко планирање**
**Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2024 година**

**Вовед**

Со оваа Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Ресен во 2024 година се планираат активности за изработка на урбанистички планови како и нивни измени и дополнувања врз основа на анализата на постојните планови, анализата на реализацијата на плановите, застапеност на плановите, нивна неусогласеност со новонастанатите општествени промени и новите законски прописи за урбанистичко планирање.

Плановите од Програмата можат да бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија, од Буџетот на Општина Ресен и од заитересирани правни и физички лица.

За активностите околу изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Ресен, планирани се **18.638.021,00 денари.**

**I. Планови кои ќе ги финасира Општина Ресен**

**А. Планови кои се во фаза на изработка**

**1. Измена и дополна на ДУП за УЕ - 5 за посебен дел урбана зона 3**

Плански опфат е дефиниран со следните граници :
- север - дел од ул. ,, Таше Милошевски,, до спојот со ул. ,, Илинденска ,,
- исток – плоштад ,, Цар Самоил,,
- југ - дел од ул. ,, Мите Богоевски,,
- запад -ул. ,,Илинденска ,,

Површина:----- П= 1,67 ха.
Цена : ----- 144.956,00 ден.

**2. Измена и дополна на ДУП за УЕ - 3 за Кумсал**

Плански опфат е дефиниран со следните граници :
- север - по осовина на ул. ,, Наум Веслиевски ,, до Голема Река

- исток - граница до Голема Река
- југ – границата на ДУП Агроплод и по осовина на дел од ул. ,, 29 - ти Ноември ,, од спојот со ул. ,, 11 - ти Октомври ,,
- запад - по осовина на дел од ул. ,, 11-ти Октомври ,, и дел од осовина на ул. ,, Јосиф Јосифовски ,, до спој со ул. ,, Наум Веслиевски ,,

Површина:----- П= 20,00 ха.
Цена : ----- 200.600,00 ден.

**3. ДУП за ЗОНА I I за УЕ - 1**

Границите на планскиот опфат:
- исток -дел од ул. ,, Борис Кидрич ,,
- југ – до граница на ГУП
- запад- граница ДУП Нова Слога и дел од ул. ,, 29 - ти Ноември ,,
- север - ново проектирана улица,

Површина:----- П= 36,15 ха.
Цена : ----- 362.585,00 ден.

**4. ДУП за дел од УЕ - 1**

Границите на планскиот опфат:
- југ -ул. ,, Преспанска ,,
- исток -на дел ул. ,, Борис Кидрич ,, до џамија и дел на ул. ,, Јосиф Јосифовски,,
- запад -до границите на ГУП
- север-граница со Зона 3

Површина:----- П= 27,00 ха.
Цена : ----- 540.000,00 ден.

**5. Урбанистички план за вон населено место за туристичка населба Претор во Општина Ресен**

Границите на планскиот опфат:
Граници:Дефинирани со стариот ДУП за т.н.,,Претор,,
Површина:----- П= 95,00 ха.
Цена : ----- 448.400,00 ден.

---

**6. Урбанистички план за вон населено место за туристичка населба Царина во Општина Ресен**

Границите на планскиот опфат:
Граници:

- исток - ,, Преспанско Езеро ,,
- југ – кп.156 КО. Стење
- запад - дел од патниот правец П-503 ( Макази – царина - граница со Р.Албанија ),
- север - дел од патниот правец П-503 ( Макази – царина - граница со Р.Албанија ),

Површина:----- П= 13,00 ха.
Цена : ----- 150.000,00 ден.

---

7. **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА НА К.П.бр.1282, К.П.бр.1283, К.П.бр.1284, К.П.бр.1285, К.П.бр.1286, К.П.бр.1287, К.П.бр.1288 и 1289/1 м.в.Езериште, К.О.Сопотско, Општина Ресен**

Границите на проектниот опфат на УПВНМ се:
На север се граничи со катастарска парцела К.П.бр.2317, К.О.Сопотско
На исток граничи со К.П.бр.1289/2 и К.П.бр.1221 К.О. Сопотско .
На југ граничи со К.П.бр.1221 К.О. Сопотско.
На запад граничи со К.П.бр.1281 К.О. Сопотско и К.П.бр.2412 К.О.Ресен вон град.

Опфатот на вака предложениот УПВНМ има површина од 9.26 ха.

Дејноста што се одвива во овој опфат е Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ.

Површина:----- П= 9,26 ха.
Цена : ----- 900.000,00 ден.

---

**Вкупно : 2.746.541,00 ден.**

==========================================================
=

## II. Урбанистички планови за села во Општина Ресен

### 1. Урбанистички план за село Долно Дупени

Граници : Проширен опфат од постоечките граници на селото Долно Дупени

Површина:----- П= 64,00 ха.
Цена : ----- 768.000,00 ден.

### 2. Урбанистички план за село Стење

Граници : проширен градежен опфат

Површина:----- П= 45,70 ха.
Цена : ----- 548.400,00 ден

### 3. Урбанистички план за село Претор

Граници : Опфат на постоечкита граници на селото Претор

Површина:----- П= 25,00 ха.
Цена : ----- 300.000,00 ден.

### 4. Урбанистички план за село Крани

Граници : проширен градежен опфат

Површина:----- П= 45,00 ха
Цена : ----- 540.000,00 ден.

### 5. Урбанистички план за село Арвати

Граници : проширен градежен опфат

Површина:----- П= 40,00 ха
Цена : ----- 480.000 ,00 ден.

### 6. Урбанистички план за село Подмочани

Граници : Опфат на постоечките граници на с. Подмочани
Површина:----- П= 45,00 ха.
Цена : ----- 540.000,00 ден.

### 7. Урбанистички план за село Грнчари

Граници : Опфат на постоечките граници на с. Грнчари

Површина:----- П= 48,00 ха.
Цена : ----- 576.000,00 ден.

8. **Урбанистички план за село Сливница**

Уредување на градежно земјиште во смисла на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

## 2. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

I. Подготвителни работи

Под подготвителни работи се подразбира:

-Изготвување урбанистички планови со комоплетна инфраструктура

-Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати

-Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комуналана инфраструктура

-Регулирање на имотно-правните односи со сопствениците на имотите

-Извршување на основни гео – механички испитувања на градежните парцели каде ке се градат објектите од комунална инфраструктура

II. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели се врши со цел опремување на градежната парцела со објекти од комунална инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета на градежната парцела се смета:

-Отсранување, преместување на постојните комунални објекти и инсталации што сметаат при изградба и користење на нова градба

-Рушење на објекти и пренесување на шутот од урнатите објекти до депонија

-Асацинони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од отпад, растенија и други асациони зафати)

-Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност во објектите кои се урнваат, селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата.

## 3. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Надоместок за уредување на градежното земјиште
- изворни приходи на Општина Ресен
- Средства од Министерството за транспорт и врски
- Средства од Министерството за финансии (Светска банка)
- Средства од АФПЗРРМ
- Биро за регионален развој

## 4. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

| | ОПИС | Износ во МКД |
|---|---|---|
| **Ф10** | **Урбанистичко планирање** | **18.638.021,00** |
| **Ф20** | **Уредување на градежно земјиште** | **3.100.000,00** |
| 1. | Експропријација на градежно земјиште | 2.500.000,00 |
| 2. | Надзор над изведбата на градежни работи | 240.000,00 |
| 3 | Геодетски услуги (протоколи,нумерички и подлоги) | 360.000,00 |
| **ФАО** | **Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци)** | **2,500,000,00** |
| 1. | Изработка на проектна документација за инфраструктура | 2,500,000,00 |
| **Ј** | **Комунални дејности** | **461.751.462,00** |
| **ЈОО** | **Одржување на урбана опрема** | **1. 500.000,00** |
| **ЈГО** | **Изградба на системи за водоснабдување** | **59.159.881,00** |
| **ЈИО** | **Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадните води** | **402.591.581,00** |
| 1. | Изградба на фекална канализација во селски населби по Програма | 376.631.646,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Зимска служба по програма | 1.500.000.00 |
| **ЈЗО** | **Јавно осветлување** | |
| **ГДО** | **Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на Општина Ресен** | **24.350.000,00** **(**2023 – 2025) |
| | | |
| **Ј40** | **Јавна Чистота** | **4.127.320,00** |
| 1. | Одржување на јавна чистота по програма | 4.127.320,00 |
| **ЈДО** | **Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици** | **165.697.327,00** |
| 1. | По програма | 165.697.327,00 |
| **ЈФО** | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **600.000,00** |
| 1. | По програма | 600.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **678.264.130,00** |

## 5. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства во Буџетот на Општина Ресесн.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрението за градење за објектите од комуналната инфраструктура.

## 6.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Ресен.

Градоначалнкот на Општина Ресен е должен, за прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5% да го информира Советот на Општина Ресен, а за поголемо прераспоредување средства, одлука мора да донесе Советот на Општина Ресен.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од објавување во Службен Гласник на Општина Ресен.

Програмата ќе биде реализирана согласно расположливите средства од Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/29 — Претседател
14.12.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**27.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за чистење на речните корита на подрачјето на Оштина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за чистење на речните корита на подрачјето на Оштина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/27
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ број 5/02) и член 23 став (1) точка 17 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на општина Ресен,, број 7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За чистење на речните корита на подрачјето**
**на Општина Ресен за 2024 година**

**ВОВЕД**

**“и природата и општеството имаат удел во катастрофалните последици од поплавите„**

Последните неколку години интензитетот и фреквенцијата на поплавите значително е зголемена, како и нивната поврзаност со социо-економските последици.

Потребна е програма за подобрување на отпорноста/флексибилноста кон поплавите со која се развиваат и имплементираат различни

флексибилни и комплементарни мерки за намалување на влијанието и последиците од поплавите.

Водејќи се од потребата за Годишна програма за редовно чистење на речните корита на територијата на општина Ресен, со цел подобтување на отпорноста и непосредна заштита на населението од поплави и штети предизвикани од истите, општина Ресен преку Советот на општината секоја година ја носи Програмата за чистење на речни корита во која се опфатени сите критични т.н црни точки на излевање во случај на зголемен водостој на реките. Исто така како општина се повикуваме на релевантното македонско законодавство за управување со водните ресурси кое беше донесено во 2008 година, паралелно со процесот на хармонизација на нашето законодавство со актите на Европската Унија (ЕУ). Освен законодавството што директно го уредува управувањето со водите, постојат важни врски со законодавството за животна средина и со другото секторско и хоризонтално законодавство, кои влијаат врз институциите и постапките во полето на управувањето со води. Кохерентна и целосна нормативна рамка се воспостави со Законот за води од 2008 година.

Со законот се поставува правна основа за целосна хармонизација со законо- давството на ЕУ и тој е уреден врз основа на Рамковната директива за води и другите релевантни акти на Унијата.

**Интегрираното управување со водните ресурси,** денеска е прифатено како најдобар начин на **управување со водните ресурси на одржлив начин.**

Интегрираното управувањето со водите се состои од мерки и активности за рационално ефикасно користење на водите, за одржлив развој на водните ресурси, заштита на водите и заштита од штетното дејство врз водите, коишто опфаќаат: планирање, креирање јавни политики, закони, плански и стратешки документи, нивна имплементација преку издавање дозволи, мониторинг, финансирање и контрола и инспекциски надзор.

Интегрираното управување со водите во Северна Македонија е регулиран со Законот за водите (87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 124/2015, 146/2015 и 52/2016), како рамковен закон којшто ги поставува принципите, надлежностите, правата и обврските за управување со водите.

Структурата на законот го рефлектира сеопфатното управување со водите, и тоа управување со заштитата на водите, кое се однесува на заштитата на животната средина, што е првенствено цел на законодавството за води на Европската заедница, и интегрираното управувањето со користењето на водните ресурси, кое се однесува на користењето на водата и заштитата од поплави.

Според Законот за води, управувањето со водите подразбира преземање мерки и активности за одржливо, рационално и ефикасно користење на водните ресурси, за заштита на водите и заштита од негативни дејства на водите.

**Интегрираното управувањето со водите вклучува мерки и активности за:**

- Планирање и преземање мерки и активности за рационално и ефикасно користење на водите;
- Обезбедување одржливост на водните ресурси;
- Заштита на водите; и
- Заштита од штетно дејство врз водите.

Во контекст на хармонизацијата на внатрешното законодавство со придобивките на ЕУ, за некои инструменти на Унијата (за квалитетот на водата за пиење, квалитетот на водата за капење, третманот на урбаните отпадни води, управување со ризици од поплави) евидентен е потполн или висок тепен на хармонизација на законодавството.
За регулирање на прашањата кои што се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотоци или водотоците во кои што повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води, крајбрежните земјишта и водните живеалишта и нивното управување и заштитата од штетното дејство на водите и други мерки и активности се регулирани во Законот за водите од кој произлегува и обврската на единицата на локалната самоуправа да донесе една таква програма.

**ЦЕЛИ**

Пристапот на интегрирано управување со речните сливови се смета за клучен услов во намалување на ризикот од поплави. Овој пристап е составен дел на РДВ на ЕУ.

Оддржувањето на чисти речни корита и одводни канали е од исклучителна важност за заштита на населението, домовите, инфраструктура и земјоделските обработливи површини од ризикот од поплави.

Од аспект на интегрираното управување со ризиците од поплави, потребно е да се потикне трансформациска промена во управувањето, забрзувајќи ја промената од чисто реактивни одговори кон интегриран систем за управување со ризиците од поплавите, ранливостата и изложеноста на заедницата и добрата, со цел да се спречат или намалат штетите и да се намали влијанието од идните поплави и последици.
Со донесување на оваа програма пред се сѐ придонесува за минимизирање на евентуални штети од поплави, потоа минимизирање на деградацијата на животната средина и природата и секако заштита, зачувување и подобрување на расположливите екосистеми, во согласност со законските акти, надлежности, мерки и процедури, со ангажирање на неопходните ресурси на општината, регионот и Република С. Македонија.

Сеопфатниот пристап, содржи и компонента на планирање, каде се превенира и спречува создавање на нови ризици, пошумување и менаџмент на вегетација, што има функција на забавување на водата и стабилизирање на сливното подрачје како и да се забрза процесот на

трансформација од чисто реактивен одговор на поплавите кон интегрално и системско управување со **опасностите**, **ранливоста и изложеноста на заедниците**.

**МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.
Спроведувањето на Програмата е претставено со превземање на одредени мерки и активности за намалување на ризикот од поплавите.

Наведените **активности** се однесуваат на чистење и уредување на речните корита во сливот на Преспанското Езеро.

1. Анализа на терен
– Период за спроведување на овие активности е месец Март – Април 2024 година

2. Утврдување на приоритетните критични точки за чистење
– Период за спроведување на овие активности е месец Март – Април 2024 година

3. Чистење на речните корита
- Чистењето на речните корита ќе опфаќа чистење и отстранување на вегетацијата односно дрвната маса од речното корито, машински ископ на речен нанос и комунален отпад со проширување и продлабочување на критичните точки на речното корито, разастирање на материјали и формирање на насипи и транспортирање на отпадната маса до градската депонија.
– Период за спроведување на овие активност е месец Јули – Август 2024 година.

4. Каскадно уредување на речните корита
– Период за спроведување на овие активности е месец Август – Септември 2024 година.

5. Активностите од **точката 3** се однесуваат на речните корита на подрачјето на општина Ресен според следниот редослед:

**Речното корито на Голема Река – Делница 1** во должина од 1950 мˡ, локациите на опфатот се: мост Јанковец до мост Живинарска фарма во Ресен. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потрената работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Голема Река – Делница 2** во должина од 3500 мˡ, локациите на опфатот се: мост ЈП Македонски Шуми во Ресен до мост с.

Горна Бела Црква. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потребната работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Голема Река – Делница 3** во должина од 2000 м[l], локациите на опфатот се: мост с. Горна Бела Црква до над село – Долна Бела црква. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потребната работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Источка Река – Дел 1** во должина од 3830 м[l], локациите на опфатот се: излез од с. Болно до мостот на крстопат с. Евла – с. Болно. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потребната работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Источка Река – Дел 2** во должина од 450 м[l], локациите на опфатот се: игралиште с. Царев Двор до старото училиште во с. Царев Двор. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потребната работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Источка Река – Дел 3** во должина од 200 м[l], локациите на опфатот се: првиот мост во с. Царев Двор до вториот мост во с. Царев Двор. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потребната работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Источка Река – Дел 4** во должина од 1900 м[l], локациите на опфатот се: излезот од с. Царев Двор до манастир Иванден. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потрената работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Грнчарска Река – Дел** во должина од 700 м[l], локациите на опфатот се: с. Грнчари, во критичните делови од течењето на реката во селото. Количината на исчистениот материјал, потребната механизација, потрената работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

**Речното корито на Кранска Река – Дел** во должина од 1000 м[l], локациите на опфатот се: од џамијата во с. Крани до излезот на реката од селото во правец на с. Арвати - с. Крани (накај езеро). Количината на исчистениот

материјал, потребната механизација, потрената работна рака и потребното време за извршување на овие работи се според Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година.

Чистење на канали суводолици на подрачјето на општина Ресен.

**Мерките** за намалување на ризикот од поплави, може да ги поделиме на:

- Структурни мерки, овие мерки вклучуваат и техничката заштита од поплави преку регулација на речните корита и изградба на заштитени градби во областите загрозени од поплави.
- Административни и регулаторски мерки, во рамките на овие мерки се врши: редовно одржување на речните корита, одржување на канализационите мрежи, воспоставување на депонија за градежен шут на подрачјето на општината, подобрување на системот за одводнување на земјоделското земјиште, зонирање на урбаните области, изградба на објекти отпорни на поплави и осигурувањето од ризик од поплавите.
- Институционални мерки, кои ги вклучуваат планирњето, модернизација и развој на системот за управување со ризици, различните одговорности и сите засегнати страни како што е општината, министерства и приватниот сектор.

Генерално, покрај планирањето, потребно е спроведување на следните мерки:

- Редовно чистење на вегетацијата и отпад од речните корита во сливното подрачче;
- Рехабилитација и одржување на системот за одводнување во руралните средини
- Проширување на профилот на Голема Река во критичните точки;
- Изработка на техничко-проектна документација и одредување на временската рамка за уредување на речното корито на Голема Река во градското подрачје; и
- Градење на капацитетите и подигање на јавната свест за тоа како да се набљудува природата и што да се прави во случај на поплави.

Со реализација на предвидените мерки, во програмата, произлезени од сеопфатни студии и планови за проценка на ризикот од поплави делуваме превентивно за намалување на опасноста од поплави и ја зголемуваме отпорноста и подготвеноста на локалните заедници за справување со ризикот од поплави.

Реализацијата на Програмата ќе се одвива според приоритетот и редоследот на горе наведените активности.

Акциониот план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен за 2024 година ќе се изготви по донесувањето на оваа Програма.

**БУЏЕТ**

Финансиските средства потребни за реализација на горе наведените мерки и активности ќе се обезбедат од Владата на Република Северна Македонија согласно Акционен план за чистење на речните корита на подрачјето на општина Ресен во 2024 година, кој ќе биде доставен до надлежниот орган задолжен за чистење на речните корита, и **100.000,00 денари** кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Ресен за чистење на канали и суводолици на територијата на општината.

1. Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма, во Буџетот на општина Ресен за 2024 година.

2. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Ресен.

**3.** Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Ресен„.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр.08-2583/30 — Претседател
14.12.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**28.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активности на Мониторинг станицата на Преспанското езеро во с.Стење и инфо центарот на ПП Езерани во с.Езерани за 2024 година

Се објавува Програма за активности на Мониторинг станицата на Преспанското езеро во с.Стење и инфо центарот на ПП Езерани во с.Езерани за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/28 — Градоначалник
18.12.2023 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ број 5/02) и член 23 став (1) точка 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен гласник на Општина Ресен„ број 7/10, 13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 14. 12 .2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активности на Мониторинг станицата на Преспанското Езеро во с. Стење и Инфо центарот на ПП Езерани во с. Езерани за 2024 година**

## I. ВОВЕД

Темата за животна средина е комплексна, како на глобално, така и на локално ниво, но ние секогаш мора да преземаме акции локално, за да делуваме глобално. Токму затоа е изработена и оваа програма, преку која Секторот за животна средина ги предвидува своите активности со цел мониторирање, а со тоа и подобрување на состојбата на животната средина на територијата на општина Ресен.

Заштитата и унапредувањето на животната средина подразбира склоп на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина со цел зачувување на биолошката рамнотежа. Нејзината мултидисциплинарност произлегува од фактот што здравјето, животната средина и социјалните услови претставуваат комплекс од области и проблеми кои се во постојана интеракција. Според тоа, секое пореметување на состојбата на животната средина доведува до еколошки пореметувања и пореметување на социјалните односи, кои се меѓусебно условени и поврзани. Грижата за животната средина е од приоритетна важност за целокупното значење на општеството.

Водата претставува еден од клучните елементи за постигнување одржлив развој на животната средина. Состојбата и квалитетот на водата е од големо значање за социо-економскиот развој, заштитата на животната средина, како и за опстанокот и добра состојба на човештвото.

Водата како незаменлив ограничен ресурс, обновлив е само доколку со истиот соодветно се управува. Одржливо управување со водните ресурси претставува голем предизвик и доколку со истите се управува ефикасно и урамнотежно, водата може да има клучна улога во обезбедување на социјална добросостојба, економски просперитет, како здрави екосистеми.

Значаен дел од заштитата на животната средина зазема заштитата на водата, и тоа, како водата за пиење, така и водата од постоечките водотеци. Неконтролираното испуштање на отпад (индустриски, земјоделски, итн) доведува до зголемување на степенот на хемиско и биолошко загадување на водите, што директно се одразува врз целиот екосистем.

Трилатералното Преспанско Езеро претставува екосистем од глобално значење. Неговиот базен е богат со уникатни живеалишта и видови, кои се особено значајни како на европско, така и на глобално ниво. Езерото, како едно од најстарите езера, во последните десеттина години се соочуваше со сериозни природни нарушувања, како загадување и еутрофикација, предизвикани, примарно, од климатските промени како и

од неефективното планирање на користењето на земјата и водата. Како дел од големиот проект на УНДП и општина Ресен, за заштита на Преспанското Езеро, изградена е Мониторинг станицата за Преспанското Езеро во с. Стење, чија примарна цел е следење на состојбата и квалитетот на водата од Преспанското Езеро и речните корита на територијата на општина Ресен. Во функција на мониторинг станицата е и еко – бродот, чија примарна цел е редовен мониторинг на водата, а покрај тоа, и за дополнителни научно – истражувачки активности. Покрај еко – бродот, набавен е и чамец, како дополнителна опрема за мониторинг активностите, со оглед на намаленото ниво на Преспанското Езеро и отежнетата ситуација со користење на еко бродот. Во Мониторинг станицата се вклучени четири лица: два хемичари, биотехнолог и капетан на бродот (воедно и одговорен за техничка поддршка).

Северниот крајбрежен дел на Преспанското Езеро, заедно со дел од блатните екосистеми во непосредна близина на брегот, е значајно подрачје во национални рамки. Исклучителната местоположба и богатиот биодиверзитет резултираа со негово прогласување за Парк на Природа Езерани, согласно Законот за заштита на природата, во 2012 година. Во функција на ПП Езерани функционира Инфо центарот во с. Езерани, ренџерската служба составена од четворица ренџери, тројца помошници ренџери и три ренџерски возила, чија примарна цел е надгледување, контрола и спроведување на Законот за заштита на природата во рамките на ПП Езерани.

## II. ЦЕЛИ

Целите на функционирање на Мониторинг станицата за Преспанското Езеро во с. Стење, Инфо – центарот на ПП Езерани во с. Езерани и ренџерската служба се, пред се, зачувување на животната средина, зачувување на водниот и блатните екосистеми, чување на разновидноста и квалитетот на екосистемот, и спречување на опасностите и ризиците за животната средина. Мониторингот, непосредната заштита и промоција на регионот претставуваат главна цел за постигнување на одржливо управување и развој на животната средина.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што општина Ресен е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Една од надлежностите на ЕЛС, согласно Законот за локална самоуправа, е управување со води и заштита на водите од загадување и спречување на загадување на водата. Согласно тоа, мониторингот и следење на квалитетот на водите се неопходни за постигнување на целите за заштита на животната средина

Програмата ги утврдува активностите кои тековно се преземаат од Секторот за животна средина во општина Ресен, со цел следење на состојбата на екосистемот на Преспанското Езеро, неговото крајбрежје и сливното подрачје, вклучувајќи:

- Редовен мониторинг на водата од Преспанското Езеро,
- Редовен мониторинг на водата во сливното подрачје на Преспанското Езеро,

– Редовен мониторинг во ПП Езерани.

Тие активности се спроведуваат преку: теренски мерење и анализи во лабораторијата.

Покрај тоа, дефинирани се и дополнителни активности, кои индиректно придонесуваат за заштитата и унапредувањето на животната средина, меѓу кои:

- Организирани едукативни посети од ученици и студенти, како од регионално, така и од национално ниво,
- Работни средби и состаноци во просториите на Мониторинг станицата и Инфо центарот,
- Дополнителни активности во склоп на заеднички проекти на општина Ресен со невладини организации, научни институции и меѓународни донатори.

Во рамките на потпишаните Договори помеѓу Преспа – Охрид фондација за природа ПОНТ и Општина Ресен се изврши зајакнување на човечките ресурси. Со финансиска поддршка на ПОНТ, примени се тројца помошници ренџери, кои имаат задача да помогнат во расчистување и одржување на патеките во ПП Езерани, како и помош при извршување на секојдневните активности на постојната ренџерска служба. Тие, исто така ќе бидат од помош и во активностите кои ги извршува МЕД во рамките на заштитените подрачја кои се од интерес за општина Ресен.

Преку финансиска поддршка на ПОНТ, а за помош во работата на општина Ресен се примени биотехнолог и хемичар кои ќе ги извршуваат своите работни обврски во Мониторинг станицата во Стење и ќе земаат активно учество во спроведување на сет на мерки и активности како и предвидените обуки кои ќе ги врши ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид.

Зајакнувањето на капацитетите на Мониторинг станицата во Стење и ренџерската служба преку обуки на персоналот е дел од 5-годишната стратегиска рамка и приоритетите за финансирање на ПОНТ, насочени кон развој на капацитетот и подобрување на управувањето со заштитените подрачја, како и Стратешкиот план на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид (2019-2023), во рамки на проектот "Идентификација на антропогените влијаниа на Преспанското Езеро 2021-2024„ Обуките на персоналот на Мониторинг станицата во Стење и ренџерската служба, ќе го зајакне капацитетот на управувачкото тело на заштитеното подрачје.

Обуките од страна на Хидробиолошки завод – Охрид ќе доведат до подигнување на Мониторинг станицата во Стење на повисоко ниво преку:

− Проширување на активностите на станицата,

− Дополнување на методологијата на работа, со што ќе се зголеми бројот на параметри и покомплексни анализи за добивање целосна слика за состојбата на екосистемот - квалитетот на биолошка разновидност,

− Помош во развојната програма на станицата заснована врз потребите на заштитеното подрачје утврдени во плановите за управување.

Обуките на постојната ренџерската служба ќе овозможи активностите на ренџерите, покрај ПП Езерани да бидат проширени и на Преспанското Езеро и

неговите притоки, со што ќе се зголеми ефикасноста на мониторингот на езерото во целост.

**Со теренските истражувања ќе се постигне:**

- Добивање нови резултати за состојбата со водните екосистеми (Преспанско Езеро и неговото сливно подрачје) и биолошката разновидност;
- Обезбедување добра основа за подготовка на предлог-проекти за научно-истражувачки истражувања

**Со практичната обука ќе се постигне:**

- Колекционирање и конзервација на материјалот;
- Транспорт во лабораторија;
- Анализа на материјалот

**Со теоретска обука ќе се постигне:**

- Основно познавање на принципите на лимнологијата и екологијата

  Во рамките на соработката со МЕД активностите ќе бидат насочени кон:
- Реставрација на влажни ливади
- Возобновување – реставрација на евлова шума.

## IV. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Со цел зголемување на степенот на заштита на животната средина, секоја општина е должна да воведе програма со активности и мерки кон кои ќе се придржува во текот на предвидениот период. Што се однесува на заштитата на водата од СП Преспанско Езеро и неговиот речен слив, како и заштитата на ПП Езерани, предвидени се следните мерки и активности:

### IV.1. Активности и мерки на Мониторинг станицата за Преспанското Езеро во с. Стење

- Теренски активности
- Лабораториски активности
- Активности со еко – брод (и чамец)
- Организирани посети од ученици и научни истражувачи
- Организирација на работилници
- Дополнителни активности
- Дополнителни услуги

### IV.2. Активности и мерки на Инфо центарот на ПП Езерани во с. Езерани

- Планирање, организирање и спроведување на едукативни настани за ученици, посетители и сл.
- Одржување на инфо денови за настани врзани за заштита на природата
- Одржување на активности во функција на промоција на заштитеното подрачје
- Дополнителни активности

### IV.3. Активности и мерки на чуварската служба на ПП Езерани

- Редовни, дневни и вечерни патроли во ПП Езерани
- Вонредни контролни интервенции во случај на илегални активности
- Вонредни контролни интервенции во случај на пожари, поплави и сл.
- Планирање, организирање и спроведување на едукативни/еколошки прошетки низ заштитеното подрачје ПП Езерани
- Набљудување и следење на состојбата во заштитеното подрачје
- Надзор врз спроведувањето на дозволените активности во заштитеното подрачје
- Грижа за одржувањето на инфраструктурните објекти во заштитеното подрачје и
- Дополнителни активности согласно Законот за заштита на природата

### IV.4. Дополнителни активности и мерки за одржување на Мониторинг станицата во с. Стење и Инфо центарот во с. Езерани

### IV.1. Активности и мерки на Мониторинг станицата за Преспанското Езеро во с. Стење

Определбата за вршење на мониторинг во заштитеното подрачје, е неопходна, за реализација на следните цели:

- Да се добијат статистички факти/податоци за квалитетот на водата во СП ПЕ;
- Идентификување и следење на севкупните параметри што влијаат на квалитетот на водата;
- Идентификување на заканите

- Градење на капацитетите на локалната самоуправа за вршење на ефикасен мониторинг на водите на СП ПЕ и сливното подрачје

Главните активности на Мониторинг станицата во с. Стење се реализираат согласно мониторинг програмата изготвена од Хидробиолошки институт од Охрид, објавена на 22 јуни 2014 година, во рамките на проектот за заштита на Преспанското езеро. Согласно програмата, техничките капацитети и опремата која ја поседува мониторинг станицата во с. Стење активностите генерално се распределени по долунаведениот редослед.

1. **Теренски активности**

❖ **За физичко-хемиски истражувања**

- Одредување на квалитетот на водата во литоралната и пелагијалната зона на Преспанско Езеро - (влијанието на реките што се влеваат во Преспанското Езеро, што се манифестира посебно во крајбрежјето на езерото, односно во литоралната зона);
- Анализа на водата од реките во сливното подрачје на Преспанско Езеро;
- Определување на внесот на органски материи, нутриенти, суспендирани материи од реките,кои влијаат врз еутрофикацијата и биодиверзитетот на Преспанско Езеро;
- Пресметка на индекс на трофичка состојба-статус на водниот екосистем и класификација;
- Утврдување на заканите, односно утврдување на изворите на загадување на екосистемите.

Одредување на квалитетот на водата врз основа на физичко-хемиски параметри:

- основни физичко-хемиски параметри (температура, боја, pH, спроводливост, транспарентност, вкупна алкалност, речен проток);
- определување на вкупно растворени цврсти материи и определување на вкупно суспендирани материи (органски и неоргански) ;
- анализа на органското оптоварување преку анализа на концентрација на растворен кислород, биохемиска потрошувачка на кислород и органски материи како потрошувачка на калиум перманганат;
- нутриентното оптоварување преку анализа на азотните соединенија (нитрити, амонијак, и вкупен азот по Kjeldahl) и анализа на вкупен фосфор и растворлив фосфор.
- Хлорофил α – индикатор на трофичката состојба на водата

Со истражувањата ќе се опфатени сите четири сезони, за да може да се даде комплетна слика за состојбата на акватичните екосистеми од физичко-хемиски и биолошки аспект.

❖ **За микробиологија**

**Микробиолошки параметри**

- Одредување на квалитетот на водата во литоралната и пелагијалната зона на Преспанско Езеро-(влијанието на реките што се влеваат во Преспанското Езеро,што се манифестира посебно во крајбрежјето на езерото, односно во литоралната зона);
- Анализа на водата од реките во сливното подрачје на Преспанско Езеро;
- Утврдување на заканите, односно утврдување на изворите на загадување на екосистемите;
- Параметар од еколошки аспект – присуство и количина на хетеротрофи
- Параметар од санитарен аспект на состојбата на водата *Escherichia coli.*

Со истражувањата ќе се опфатени сите четири сезони, за да може да се даде комплетна слика за состојбата на акватичните екосистеми од физичко-хемиски и биолошки аспект.

***Реализацијата на програмата за микробилогија ќе зависи од набавката на потребните инструменти.**

### 1.1. Редовни активности на езеро

Излегување на терен по езеро, во пелагијална зона, вршење in situ анализи и собирање примероци за лабораториски испитувања од 9 определени точки, од кои, на 3 точки се врши профилно анализирање (се анализира вода од 4 различни длабочини).
**Анализирани точки**: SP1 – Казан (0m, 17m, 15m, 25m); SP 2 – Пред остров (0m, 5m, 10m, 19m); SP3 – Централна (0m, 5m, 10m, 15m); SP4 – Наколец (0m); SP5 – Сливница (0m); SP6 – Асамати (0m); SP7 – Езерани 1 (0m); SP8 – Езерани 2 (0m); SP9 – Отешево (0m).
Додека, излегување на терен по езеро, во литоралната зона, вршење in situ анализи и собирање примероци за лабораториски испитувања се врши од 5 определени точки. **Анализирани точки:** SP1 – Штрбово (0m); SP 2 – Сливница (0m); SP3 – Претор (0m); SP4 –Отешево(0m); SP5 – Стење (0m).

- **Забелешка: Поради намалувањето на нивото на езерото, постои можност некои од предвидените анализирани точки да не бидат реализирани, или, истите да имаат замена во согласност со самата состојба на терен.**

**Фреквенција на активности**
Во зависност од временските услови, предвидените излегувања на терен се следните:

- Јануари – мај: 1 излегување / месечно (на секои 30 денови)
- Јуни – Септември: 2 излегувања / месечно (на секои 15 денови)
- Октомври – Декември: 1 излегување / месечно (на секои 30 денови)

### 1.2. Редовни активности на реки

Во мониторинг програмата се опфатени сите поголеми речни водотеци кои директно се влеваат во Преспанското Езеро. Целта на нивното мониторирање е следење на степенот на загадување кое тие го предизвикуваат врз Преспанското Езеро.
**Се анализираат**: Голема, Источка, Кранска и Брајчинска Река, со вкупно 8 испитувани точки: SPR 1 – Голема Река (горен тек - Избиште); SPR 2 – Голема Река (Макпетрол); SPR 3 – Голема Река (долен тек); SPR 4 – Источка Река; SPR 5 – Брајчинска Река (горен тек- Брајчино); SPR 6 – Брајчинска Река (долен тек – Наколец); SPR 7 – Кранска Река (горен тек – Арвати); SPR 8 – Кранска Река (долен тек – Крани).

- **Забелешка: Поради непостојаниот проток на вода (водостој) во дел од реките, особено во летната сезона, не се земаат примероци за анализа.**

**Фреквенцијата на испитувања**
во зависност од временските услови, е 1 излегување / месечно, меѓутоа, во случај на забележани абнормални резултати и појави, се излегува и до 2 пати / месечно.

### 2. Лабораториски активности

Покрај in situ испитуваните параметри (температура, боја, провидност, pH, кондуктивитет, растворен кислород и TDS), излегувањата на терен се проследени со лабораториски испитувања на примероците вода. Лабораториски испитувани параметри, и кај езерската и кај речните водни примероци се:

- Концентрација на вкупен азот,
- Концентрација на вкупен фосфор,
- Концентрација на амонијак,

- Концентрација на фосфати,
- Концентрација на нитрити,
- Концентрација на растворен кислород (Winkler-ова метода),
- Биохемиска потрошувачка на кислород (БПК)
- Определување органски материи со помош на калиум перманганат
- Определување на алкалитет
- Концентрација на Хлорофил α

Времетраењето на лабораториските активности зависи од бројот на проби за анализа, најчесто, 3-4 работни денови после излегувањето на терен.

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка со ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид и пет годишната стратегиска рамка и приоритетите за финансирање на ПОНТ, насочени кон развој на капацитетот и подобрување на управувањето со заштитените подрачја, како и Стратешкиот план на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид (2019-2023) во рамки на проектот "Идентификација на антропогените влијанија на Преспанското Езеро 2021-2024", се спроведува дополнителена мониторинг програма од нивна страна и тоа:

**Теренски активности**

❖ **За физичко-хемиски истражувања**

- Одредување на квалитетот на водата во литоралната и пелагијалната зона на Преспанско Езеро - (влијанието на реките што се влеваат во Преспанското Езеро, што се манифестира посебно во крајбрежјето на езерото, односно во литоралната зона);
- Анализа на водата од реките во сливното подрачје на Преспанско Езеро;
- Определување на внесот на органски материи, нутриенти, суспендирани материи од реките,кои влијаат врз еутрофикацијата и биодиверзитетот на Преспанско Езеро;
- Пресметка на индекс на трофичка состојба-статус на водниот екосистем и класификација;
- Утврдување на заканите, односно утврдување на изворите на загадување на екосистемите.

Одредување на квалитетот на водата врз основа на физичко-хемиски параметри:

- основни физичко-хемиски параметри (температура, боја, турбидитет, pH, спроводливост, вкупна алкалност, транспарентност);
- определување на вкупно суспендирани материи (органски и неоргански) и вкупен остаток после испарување (органски и неоргански);
- анализа на органското оптоварување преку анализа на концентрација на растворен кислород, биохемиска потрошувачка на кислород и органски материи како потрошувачка на калиум перманганат;
- нутриентното оптоварување преку анализа на азотните соединенија (нитрити, нитрати, амонијак, и вкупен азот по Kjeldahl) и анализа на вкупен фосфор.

Со истражувањата ќе се опфатени сите четири сезони, за да може да се даде комплетна слика за состојбата на акватичните екосистеми од физичко-хемиски и биолошки аспект.

❖ **За микробиологија**

**Микробиолошки параметри**

- Одредување на квалитетот на водата во литоралната и пелагијалната зона на Преспанско Езеро - (влијанието на реките што се влеваат во Преспанското Езеро,што се манифестира посебно во крајбрежјето на езерото, односно во литоралната зона);
- Анализа на водата од реките во сливното подрачје на Преспанско Езеро;

- Утврдување на заканите, односно утврдување на изворите на загадување на екосистемите;
- Параметри од еколошки аспект – присуство и количина на поважните физиолошки групи на бактерии кои укажуваат на специфичноста на органското загадување): хетеротрофни (сапрофитни, органотрофни), протеолитички, амилолитички, липолитички и фосфо-минерализаторни бактерии;
- Параметри од санитарен аспект на состојбата на водата (колиформни бактерии, фекални индикатори) за детерминација на нејзиниот хигиено-епидемиолошки статус: вкупен број на колиформни бактерии, ентерококи, *Escherichia coli, Clostridium perfringens.*

Со истражувањата ќе се опфатени сите четири сезони, за да може да се даде комплетна слика за состојбата на акватичните екосистеми од физичко-хемиски и биолошки аспект.

❖ **За фитопланктон**

- Одредување на квалитетот на водата во литоралната и пелагијалната зона на Преспанско Езеро - (влијанието на реките што се влеваат во Преспанското Езеро,што се манифестира посебно во крајбрежјето на езерото, односно во литоралната зона);
- Утврдување на заканите, односно утврдување на изворите на загадување на екосистемите.

**фитопланктон** (состав и промени; хлорофил а - индикатор на трофичка состојба на вода; цијанобактерии – присуство на токсини во водата како ризик по здравјето на луѓето и живиот свет во водата)

Со истражувањата ќе се опфатени сите четири сезони, за да може да се даде комплетна слика за состојбата на акватичните екосистеми од физичко-хемиски и биолошки аспект.

❖ **За зоопланктон**

- Одредување на квалитетот на водата во литоралната и пелагијалната зона на Преспанско Езеро - (влијанието на реките што се влеваат во Преспанското Езеро,што се манифестира посебно во крајбрежјето на езерото, односно во литоралната зона);
- Утврдување на заканите, односно утврдување на изворите на загадување на екосистемите.

**Инвертебратна фауна (Rotifera, Copepoda, Cladocera) во пелагијалот и литоралот на езерото:** квалитативен и квантитативен состав, просторна и сезонска дистрибуција,абундантност, индекси, биоиндикатори

Со истражувањата ќе се опфатени сите четири сезони, за да може да се даде комплетна слика за состојбата на акватичните екосистеми од физичко-хемиски и биолошки аспект.

❖ **За хидроботаника**

Во согласност со Рамковната директива за води; следење на состојбата на макрофитската вегетација, а и промените во распоредот на макрофитите предизвикани од намалувањето на нивото на вода од Преспанското Езеро

Со активностите ќе се покриени летните месеци. Теренските истражувања ќе се одвиваат на три локалитети кои според досегашните истражувања се одликуваат со најинтензивен антропоген притисок и промени во еколошкиот статус. Ќе се работи со стандардни лимнолошки методи според Директивата за води, користејќи го методот на вертикални трансекти до границата на простирање на макрофитската вегетација.

❖ **За фауна на дно**

Во согласност со Рамковната директива за води; одредување на негативното влијание на промените на нивото на езерото врз макрозообентосот

Со активностите ќе се покриени летните месеци. Теренските истражувања ќе се одвиваат на три локалитети кои според досегашните истражувања се одликуваат со најинтензивен антропоген притисок и промени во еколошкиот статус. Ќе се работи со

стандардни лимнолошки методи според Директивата за води, користејќи го методот на вертикални трансекти до границата на простирање на макрофитската вегетација.

❖ **За молекуларна биологија**

1. хистопатолошка анализа (парче од жабри, црн дроб, црево и гонади) и
2. молекуларна анализа (крв – за изолирање на ДНА)

❖ **За ципринидна фауна**

Анализа на еколошки параметри на уловените примероци риби од Преспанското Езеро

- детерминирање на видовата застепеност на рибната популација,
- еколошки индекси на рибните популации,
- должина и должински состав,
- тежина и тежински состав,
- должинско-тежински односи,
- полов состав,
- старосен состав,
- Коефициенти за кондиција на претставниците од рибната фауна од Преспанското Езеро,
- Одредување на други коефициенти кај претставниците од рибната фауна од Преспанското Езеро.

❖ **За болести на риби**

Паразитолошка анализа на риби

❖ **За Салмонидна фауна, практично рибарство и аквакултура**

Обуката ќе има за цел да се претставaт основните хидролошки, физичко-хемиски и биолошки особености на системот и подетално осознавање на видливо забележителни атипични состојби на системот и неговиот жив свет. Обуката ќе биде изведувана во тек на два работни денови, во просториите на Мониторинг Станицата Стење по пат на презентации, дискусии и проверка на знаењата. Истата ќе биде распределена во неколку поглавија и тоа:

- Клима, хидрологија, батиметрија, ветрови, водни струења;
- Основни физичко-хемиски карактеристики на екосистемот;
- Застапеност на биолошките компоненти во Преспанското Езеро со посебен осврт на ихтио и орнитофауната;
- Улога на ренџерите во одржливото управување со екосистемот;
- Атипични визуелни појави во екосистемот и нивниот начин на детектирање од страна на ренџерската служба;
- Начин на евиденција и известување за истите до релевантните институции;
- Проверка на осознавањето на представените теми.

**3. Активности со еко брод и чамец**

Покрај примарните активности, мониторинг на водата од Преспанското Езеро, еко бродот се користи и за дополнителни, научно – истражувачки активности поврзани со заштитата и унапредувањето на водениот екосистем. Ваквиот тип на истражувања, кои најчесто се дел од проекти на надворешни институции во соработка со општина Ресен, се спроведуваат преку претходен договор на Секторот за животна средина од општина Ресен и институцијата која го спроведува истражувањето, со претходно одреден ценовник за користење на просториите и еко бродот. Фреквенцијата на ваквите активности зависи од потребите на проектите. Покрај еко бродот, и обезбедениот чамец е наменет за спроведување на тековните активности.

**4. Организирани посети од ученици**

Тековно, Мониторинг станицата во с. Стење е посетувана од групи ученици, како од регионално, така и од национално ниво. Целта на ваквите посети е добивање на примарно познавање за функционирањето и примарната намена на станицата, како и за мерките и активностите кои се преземаат за заштита на Преспанското Езеро.

**5. Организација на работилници**

Мониторинг станицата со нејзините капацитети е место за одржување на работилници и конференции од научен карактер за потребите на тековните проекти.

**6. Дополнителни мониторинг активности**

Покрај вообичаените мониторинг активности, вработените во станицата, заедно со ренџерската служба, се директно вклучени во мониторинг на карактеристични видови во и околу Преспанското Езеро. Станува збор за видови кои се на листата на заштитени, вклучувајќи: мониторинг на птици, мониторинг на видра, мониторинг на хабитати, мониторинг на вилински коњчиња. Активностите се реализираат како дел од проект на Општина Ресен со Македонското Еколошко Друштво (МЕД), чија основна цел е зачувување на биодиверзитетот во ПП Езерани и Споменикот на природата Преспанско Езеро, и истите се најфреквентни во текот на пролетниот и летниот период.

**7. Дополнителни услуги**

Врз основа на претходно одреден ценовник, донесен со Одлука на Советот на општина Ресен, просториите во Мониторинг станицата, хемиската и биолошката лабораторија и еко бродот се достапни за изнајмување за научно – истражувачки цели. Покрај тоа, како тековни услуги кои ги нуди станицата, се и издавање на сместувачките капацитети на групи истражувачи од земјата или странство.

**IV.2. Активности и мерки на Инфо центарот на ПП Езерани во с. Езерани**

Инфо центарот за ПП Езерани, лоциран во ОУ Браќа Миладиновци во с. Езерани, е пуштен во функција во октомври 2013 година, со примарна цел, спроведување на посети, пречек и запознавање на посетители за состојбата на ПП Езерани, со сите природни богатства и видови кои егзистираат на неговата територија.

**IV.3. Активности и мерки на чуварската служба на ПП Езерани**

Во функција на ПП Езерани е ренџерската служба, составена од четворица ренџери и тројца помошници ренџери, чија основна задача е контролирање и спроведување на Законот за заштита на животната средина во рамките на заштитеното подрачје.
Генерално, активностите на ренџерската служба/чуварската служба, се сведуваат на:

**1. Редовни, дневни и вечерни контроли во ПП Езерани**

Поради потребата од секојдневно следење на состојбата во ПП Езерани, ренџерската служба врши секојдневни контроли во ПП Езерани, опфаќајќи го подрачјето од Сирхан до Езерани. Во зависност од временските услови, контролите се

спроведуваат со ренџерските џипови, чамец и пешки, со цел, секојдневно добивање информации за ситуацијата на заштитеното подрачје. Контролите се реализираат групно или поединечно, во зависност од потребата за мониторирано подрачје.
**Фреквенцијата на контроли:** секојдневно, дневни и вечерни.

2. **Вонредни контролни интервенции во случај на илегални активности, пожари, поплави и сл.**

Во ПП Езерани, како заштитено подрачје, се забранети сите активности кои опфаќаат искористување на неговите природни богатства. Тука влегуваат: забрана за лов и риболов, забрана за ископување на песок и забрана за сечење дрва. Поради традиционалните навики на локалното население за искористување на природните ресурси, неопходни се вонредни интервенции од ренџерската служба, без разлика на работното време. Покрај тоа, не ретко е и палењето на пожари, што повторно, ја наметнува потребата за излегување на терен.
**Фреквенцијата на вонредните активности** зависи од тековните потреби во ПП Езерани.

3. **Планирање, спроведување и организирање едукативни/еколошки прошетки низ ПП Езерани**

Постојано, ПП Езерани е локација од интерес за ученици, научни соработници и други групи на посетители од регионално и пошироко ниво. Вообичаено, турите се сведуваат на пречек и краток вовед за ПП Езерани во Инфо центарот од страна на ренџерската служба, а потоа упатување кон ПП Езерани, пропратени од ренџерите, со цел разгледување на заштитеното подрачјето со сите природни убавини. Најчесто, групите се упатуваат до посматрачницата во ПП Езерани од каде имаат најубав преглед на целата локација.
**Фреквенцијата на тури:** зависно од потребите на училиштата и другите посетители.

4. **Надзор врз спроведувањето на дозволените активности во заштитеното подрачје**

Постојано, во рамките на своите активности, ренџерската служба/чуварската служба е присутна со засегнатите страни кои вршат некои од дозвелените активности во границата на паркот.
**Фрекфенцијата на присуство,** секогаш кога има такви активности

5. **Грижа за одржувањето на инфраструктурните објекти во заштитеното подрачје**

Една од обврските на ренџерската служба, согласно Законот, е одржување на инфраструктурните објекти во заштитеното подрачје, како што се: инфо центарот во Езерани, едукативните патеки, посматрачницата, инфо таблите и др.

6. **Дополнителни активности**

Покрај вообичаените активности, Инфо центарот во с. Езерани и ренџерската служба, се дел од дополнителни активности, работилници, едукативни тури и семинари, во склоп на проекти на општина Ресен, самостојни или во соработка со невладини организации. Меѓу нив се вклучуваат и теренски активности за мониторинг

на заштитените видови во и околу Преспанското Езеро: птици, видра, вилински кончиња, како и мониторинг на специфични хабитати.
**Фреквенцијата на дополнителните активности** зависи од потребите, додека мониторингот на видовите и хабитатите се најфреквентни во текот на пролетниот и летниот период.

**IV.4. Дополнителни активности и мерки за одржување на Мониторинг станицата во с. Стење и Инфо центарот во с. Езерани**

Покрај вообичаените, дел од активностите и мерките на вработените во Мониторинг станицата во с. Стење и ренџерската служба од ПП Езерани, се и одржување на просториите и дворните површини, кои вклучуваат, постојано чистење и одржување на хигиената, косење на тревата, како и одржување на ренџерските џипови,чамец, трактор и еко бродот.

Крајната цел на управувањето со екосистемот, како што е водата, е подобрувањето на управувањето со водните ресурси со кој ќе се овозможи финансиска самоодрживост на системот.

За постигнување на таква цел потребно е во иднина да се интензивираат активностите во насока на: воспоставување на сеопфатен мониторинг систем на водите во заштитеното подрачје, воспоставување на систем за процена и изработка на Планови за управување со ризици, зајакнување на институционалните капацитети на локално и централно ниво за спроведување на политики во сектор води и секако зголемување на степенот на инвестиции во подобрувањето со управувањето со водните ресурси како природни екосистеми.

Составен дел на оваа Програма е следниот табеларен преглед на мерки и активности, како и преглед на извори на финансирање на мерките и активностите во Програмата.

| ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Планирана активност** | **Носител** | **Период на реализација** | **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | | | | **ВКУПНО** |
| | | | | **Буџет на Општина Ресен** | **Буџет на Република Македонија** | **Донации** | **Останато** | |
| **I. Активности и мерки на Мониторинг станицата за Преспанското Езеро во с. Стење** | | | | | | | | |
| 1. | Теренски активности (со еко брод, чамец и ренџерски џип) | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 | | 30.000 | | 60.000 |
| 2. | Лабораториски активности-потребни работи | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 | | 90.000 | | 120.000 |
| 3. | Дополнителни активности (огрев, опрема, струја) | Општина Ресен | 2024 год. | 20.000 | | / | | 20.000 |
| 4. | Одржување на просториите и дворните површини | Општина Ресен | 2024 год. | 25.000 | | / | | 25.000 |
| 5. | Одржување на еко - бродот | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 | | / | | 10.000 |
| 6. | Одржување на престаништото | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 | | / | | 30.000 |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.1** | | | | **145.000** | **Вкупно од мерка 4.1** | | | **265.000** |
| **II. Активности и мерки на Инфо центарот на ПП Езерани во с. Езерани и ренџерската служба** | | | | | | | | |
| 7. | Редовни дневни и вечерни патроли | Општина Ресен | 2024 год. | 180.000 | | / | | 90.000 |
| 8. | Вонредни контролни интервенции | Општина Ресен | 2024 год. | | | / | | 90.000 |
| 9. | Дополнителни активности (огрев, опрема, струја) | Општина Ресен | 2024 год. | 20.000 | | / | | 20.000 |
| 10. | Одржување на просториите и дворните површини | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 | | / | | 10.000 |
| 11. | Одржување на двата ренџерски џипови | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 | | 30.000 | | 60.000 |
| 12. | Набавка на потребна опрема за ренџерската служба | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 | | 120.000 | | 150.000 |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.2** | | | | **270.000** | **Вкупно од мерка 4.2** | | | **420.000** |
| **III. Дополнителни активности и мерки за одржување на Мониторинг станицата во с. Стење и Инфо центарот во с. Езерани** | | | | | | | | |
| 13. | Дополнителна опрема/работи | Општина Ресен | 2024 год. | 20.000 | | / | | 20.000 |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.3** | | | | **20.000** | **Вкупно од мерка 4.3** | | | **20.000** |

## V. ФИНАНСИСРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активности на Мониторинг станицата на Преспанското Езеро во с. Стење, Инфо центарот на ПП Езерани во с. Езерани и ренџерската служба за 2024 година, ќе биде финансирана од Буџетот на општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на општина Ресен за 2024 година.

| Мерка | Средства од Општина Ресен | Останати Средства | Вкупно средства |
|---|---|---|---|
| **I** | 145.000,00 денари | 120.000,00 денари | 265.000,00 денари |
| **II** | 270.000,00 денари | 150,000,00 денари | 420.000,00 денари |
| **III** | 20.000,00 денари | / | 20.000,00 денари |
| **ВКУПНО** | **435.000,00 денари** | **270.000,00 денари** | **705.000,00 денари** |

## VI. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од створените услови, како и од обезбедувањето на средствата во Буџетот на општина Ресен.

## VII.ПРОЕДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Ресен
2. За реализација на мерките и активностите содржани во Програмата надлежен е Секторот за животна средина при општина Ресен
3. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ресен„.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр. 08-2583/31
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**29.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Програма за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/29
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02 ) и член 23 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен” број 7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за заштита на животната средина и природата**
**на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година**

## *I. ВОВЕД*

***“Спасот на светот лежи во човековото срце, во човековата моќ да се изразува, во човековата кроткост и во човековата одговорност. Ние сé уште се движиме во насока на деструктивното и празно верување дека човекот е врвот на создавањето, а не само дел од него... Ние сé уште не знаеме како да го поставиме моралот пред политиката, науката и економијата. Ние сме сé уште неспособни да разбереме дека единствениот столб на сите наши дејства – ако се тие морални – е одговорноста. Одговорноста е нешто повеќе од моето семејство, мојата земја, мојата фирма, мојот успех„.***
***Тоа го рекол Вацлав Хавел, а се однесува на:***

Прашањето за животната средина со децении наназад е во центарот на вниманието на глобално ниво. Од појавата на првите загрижувачки сигнали за деградацијата на “животната средина„ со намалувањето на биодиверзитетот и климатските промени во светот па до денес, одржани се бројни конференции и донесени се различни меѓународни, национални, регионални декларации, договори, стандарди и инструменти за заштита и унапредување на животната средина. Науката сериозно го апострофира значењето на ова “животно„ прашање на планетата Земја. Но, секоја сериозна стручна расправа за животната средина постојано предупредува за негрижата на човештвото на овој план. Денес, нема дилеми, проблемите одамна се препознаени и детектирани, но во практиката неретко затајуваат мерките за нивно решавање. Оттука, не изненадува што сѐ погласно се зборува дека “загрозувањето на животната средина е дијагностицирана болест на модерното општество„. Не е фраза дека заштитата на животната средина значи заштита и зачувување на здравјето и животот на луѓето, на квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и на културните добра чијшто творец е човекот, зачувување на рамнотежата и на еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси, здрав развој на општеството. Ниту, пак, е фраза дека заштитата на животната средина е човеково право, со што се штити човекот, неговата личност и интегритет, но и животното опкружување во кое живее и работи. Затоа, за неа еднаква одговорност имаме сите, како институционално (државата) така и индивидуално (граѓаните), како на макро (светско) и средно (државно, регионално)

така и на микро (локално) ниво. На тоа нè потсетува 5 јуни, кога се одбележува Светскиот ден на животната средина, којшто од 1974 година, на иницијатива на ОН, се претвори во глобална платформа за јавен дијалог и за соработка со земјите во светот за прашања поврзани со заштитата на животната средина. Нема оправдување за “негрижата„ за животната средина, без оглед на причините (недоволна свест, неинформираност, економски интерес, отсуство на политичка волја и слично), а цената што треба да се плати е сè повисока и повисока.
Човекот е неразделен дел од животната средина и ја дели нејзината судбина, но со своето дејствување влијае врз околината нанесувајќи ѝ штета, загадувајќи ја и уништувајќи ја. А последиците од загрозувањето на животот на планетата секаде се исти, од климатски промени, загаден воздух и вода, уништени шуми, изумирање на голем број животински видови, кисели дождови итн. Исти се и апелите за преземање мерки за заштита. Можеби на микро, локално ниво, чекорите што се преземаат за зачувување на животната средина се чинат “мали и незабележителни”, но не само што водат кон промени туку и учествуваат во создавањето на “големата слика„ за животната средина во светски рамки.

***Наша одговорност е да сториме сè што е во наша моќ да создадеме планета што ќе обезбеди дом не само за нас, туку и за целиот живот на Земјата. Рекол Дејвид Атенборо***

Општина Ресен во настојувањето да развива и да спроведува ефективна политика за животната средина, се раководи од променливите рамки на еколошките, економските и од политичките фактори на локално, национално и меѓународно ниво. Потребата за заштита на животната средина, се заснова на принципите на одржливиот развој, кој се повеќе се зголемува, паралелно со растечките потреби на населението за поквалитетни услови за живеење, чиста вода за пиење и здрава храна. Активностите за заштита на животната средина се превземаат врз основа на определби утврдени во Националниот еколошки акционен план и локалните еколошки акциони планови, определбите во законската регулатива од областа на животната средина, како и во согласност со меѓународните конвенции и договори во оваа област.

Анализите на степенот на загадување во медиумите на животната средина на годишно ниво, вклучувајќи ги и мерките кои се превземаат за заштита на истите, овозможуваат увид во поврзаноста помеѓу индустрискиот развој, состојбата и квалитетот на животната средина, активно следење на евентуалните промени во медиумите и областите на животната средина, односно влијанијата врз здравјето на човекот, и создаваат добра основа за креирање на одржлива политика за заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на животот во иднина.

Во делот на законодавството општина Ресен во спроведувањето на оваа Програма се раководи од ингеренциите согласно Законот за животна средина, Законот за заштита од бучава, Законот за управување со отпад, Закон за управување со отпад од пакување, Закон за амбиентен воздух, Закон за води, Закон за заштита на природата, Законот за прогласување на локалитетот Езерани на Преспанското Езеро за Парк на природата, Законот за прогласување на Преспанското Езеро за Споменик на природата, Рамковната конвенција на

Обединетите нации за климатски промени (UNFCCC)-1997 година, Протоколот од Кјото-2004 година, Договорот од Париз-2017 година, 3 Национална Комуникација за климатски промени (2013), Национални придонеси кон климатски промени (2017), Втор двогодишен Извештај за климатски промени на Република Македонија (2017).

Согласно законските обврски, постојат јасно укажани насоки за реализација на активностите. Токму затоа, приложената Програма се однесува на обврските на општината кон реализација на позитивната законска регулатива, а во насока на подобрување на квалитетот на животната средина и здравјето на жителите на општина Ресен. Исто така, во Програмата се опфатени активности за подигање и одржување на зелените површини кои се основа за унапредување на животната средина.

## ***II. ЦЕЛИ***

Главна цел на Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на општина Ресен е постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Целите за заштита на животната средина се: чување и заштита на здравјето на луѓето, интегритетот, разновидноста и квалитетот на екосистемот, плодноста на земјиштето, природните убавини и просторните вредности, културното наследство и добрата кои ги создал човекот, обезбедување на услови за ограничено, разумно и одржливо управување со живата и неживата природа, зачувување на еколошката стабилност на природата, зачувување на природните богатства и спречување на опасностите и ризиците за животната средина, како и развивање и преземање на активности кои ќе го намалат ризик факторот по здравјето и благосостојбата на населението, вклучително и ранливите категории на граѓани со аспект на самохраните родители како и лицата над 65 години кои се особено осетлива категорија на население.

## ***III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА***

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што општина Ресен е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина на подрачјето на општина Ресен за 2024 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, вода, почва) и области на животната средина (отпад, бучава, нејонизирачко зрачење, природа, биодиверзитет, клима и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина).

Со програмата се дефинираат конкретните мерки, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

## *IV. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ*

Програмата за заштита на животната средина и природата дефинира мерки за поинтензивно инвестирање од страна на општината. Притоа, се утврдуваат и неинвестициони мерки, со цел да се овозможи спроведување на Програмата, односно институционално зајакнување, надградба на човечките ресурси, како и подготвување проекти/студии и проектна документација со имплементација на родовата перспектива што ќе понуди подобра и поефикасна вклученост на целокупното население.

За таа цел се превземаат следните мерки и активности:

**4.1. Активности и мерки поврзани со Управувањето со заштитени подрачја;**
**4.2. Активности и мерки поврзани со Управувањето со отпадот;**
**4.3. Активности и мерки поврзани со Управувањето со водите;**
**4.4. Активности и мерки поврзани со Управувањето со амбиентниот воздух;**
**4.5. Активности и мерки поврзани со еколошката едукација и подигнување на јавната свест во делот на животната средина во општина Ресен;**
**4.6. Активности и мерки поврзани со меѓусекторската соработка и соработката на општина Ресен со меѓународни институции во делот на животната средина;**
**4.7. Климатските промени и управување со климатските промени;**
**4.8. Изготвување на стратешки и плански документи поврзани со животната средина, климатски промени и родовата еднаквост; и**
**4.9. Останати активности.**

### 4.1. Активности и мерки поврзани со Управувањето со заштитените подрачја

Општина Ресен согласно Законот за прогласување на локалитетот Езерани на Преспанското Езеро за Парк на природата (“Службен весник на РМ„ број 24/12) и Законот за прогласување на Преспанското Езеро за Споменик на природата (“Службен весник на РМ„ број 51/11 ) е назначена за управувач со двете заштитени подрачја и тоа ПП Езерани и СП Преспанско Езеро.

- Активностите поврзани со управувањето со ПП Езерани се поврзани со годишната Програма за заштита на природата во Паркот на природата Езерани за 2024 година која како посебна програма ја усвојува Советот на општина Ресен и добива согласност од надлежното министерство. Исто така, во 2024 година се очекува изработка и донесување на нов План за Управување со Парк на природата Езерани.
- Активностите поврзани со управувањето со Споменикот на природата Преспанско Езеро, општина Ресен ќе ги реализира пред се со официјалното донесување на Планот за Управување со Споменик на природата Преспанско Езеро кој во моментот е во фаза на донесување на начин предвиден со законската регулатива. Изготвен е Нацрт План за Управување со Споменик на природа и добиена е согласност од надлежното министерство по однос на влијанието на овој Нацрт план врз животната средина. Се очекува во најкус можен рок овој процес да

се заокружи и општина Ресен да добие План за Управување со Споменикот на природата Преспанско Езеро (2024-2033).

## 4.2. Активности и мерки поврзани со Управувањето со отпадот во општина Ресен

Општина Ресен ќе ги насочи своите активности на полето на координација и консултација во изработката, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на годишните програми на ЈКП Пролетер за 2024 година, кое претставува и главна оперативна институција во општината која е поврзана со прашањата за управување со отпадот во општината. Општина Ресен како дел од Пелагониски плански регион во наредниот период, исто така, ќе биде посветена на реализација на сите потребни мерки и активности содржани во концептот на регионалното управување со отпад и во согласност со Законот за управување со отпад, Советот на општината, на предлог на меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад, донесува Регионален план за управување со отпад за регионот, со кој се уредуваат и усогласуваат заедничките цели во управувањето со отпадот на регионално ниво. Исто така во согласност со законската регулатива, лицата кои во вршењето на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад или повеќе од 100 тони неопасен отпад, донесуваат програми за управување со отпадот во согласност со Стратегијата за управување со отпадот, Планот за спречување на создавањето на отпад и регионалните планови за управување со отпад.
Општина Ресен ќе го донесе ОРПУО за општина Ресен за период 2024-2025 година кој изработен во соработка со САЛАР Интернационал (SALAR International) и е дел од проектот **"Одржливо управување со отпадот на локално ниво„ кој се спроведува во Северна Македонија од 2022 до 2027 година** на иницијатива на Шведската асоцијација на локални власти и региони со финансирање на Шведската влада. За реализација на дел од мерките и активности содржани во Акцискиот план на општината финансиска подршка ќе дава САЛАР.

## 4.3. Активности и мерки поврзани со Управувањето со Водите

Значаен дел од надлежностите во севкупниот систем за користење, заштита и управување со водите е лоциран во општините. Поради таа причина, на полето на активности и мерки поврзани со користење, заштита и управување со водите на подрачјето на општина Ресен, општината ќе спроведува систематски пристап за реализација на мерките и активностите распределени во следните насоки:
- Спроведување на Акциони Планови за чистење на реки, речни корита, речишта и канали;
- Мониторирање на квалитетот на водите во Преспанското Езеро и сливното подрачје;
- Учество во изготвување на проектно-технички документации кои ја третираат проблематиката за воспоставување на канализациони мрежи и системи;
- Активно учество на претставниците на општината во реализација на проектните активности на инфраструктурната компоненета во рамките на ЕУ за Преспа; и

- Активно учество на претставниците на општината во сите тела и активности на управувачкото тело на речниот слив на "Црн Дрим" и телото на упаравување со "Преспа Парк".

Согласно потпишаниот Финансиски Договор за спроведување на Проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија„ склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвенстициона банка, и Законот за здолжување на РСМ, во наредниот период ќе се спроведува II фаза од Проектот “Водоснабдување и одведнување на отпадни води во РСМ„ кој го спроведува МЖСПП.
Општина Ресен, согласно барањето од надлежното министерство имајќи ги предвид доделените средства согласно Одлуката за распределба на средствата (“Службен весник на РСМ„ број 166/2023), до МЖСПП поднесе барање со листа на проекти кои во наредниот период ќе бидат реализирани во рамките на овој проект.

**4.4. Активности и мерки поврзани со управувањето со амбиентниот воздух**

Мерките и активностите во овој дел се, пред се, во сферата на воспоставување на систем или вклучување кон постоечките национални системи за обезбедување на соодветна информација за квалитетот на амбиентниот воздух во општина Ресен, при што треба да се добие базична информација која ќе ги утврди и мерките за спречување и намалување на загадувањата кои би предизвикале промена на климата и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

**4.5. Активности и мерки поврзани со еколошката едукација и подигнување на јавната свест во делот на животната средина во општина Ресен**

**Секој граѓанин треба да има право да добие лесен пристап до информации за животната средина, да може да учествува во донесувањето одлуки за животната средина и да има пристап до правда за прашања поврзани со животната средина.Сето тоа ќе води кон подобрена соработка на граѓанскиот сектор и бизинис-секторот, локалната самоуправа или владините институции на полето на донесување одлуки од областа на животната средина. Просторот за дејствување на граѓанските организации, со спроведување на активности поврзани со еколошката едукација и подигнување на јавната свест, е широк и зависи од капацитетот на самата граѓанска организација, пред сè, од човечките капацитети и од нивната стручност, но и од пристапот до информациите, интегритетот на членовите и организациите, меѓусебната вмреженост и пристапот до изворите на финансирање.**
**Информираните граѓани се иницијатори и промотори на општествената одговорност и заштитата на животната средина.**

Бидејќи веруваме дека јавната свест за животната средина и биодиверзитет и нивната заштита може да се подигне само преку постојаното присуство на терен, преку информирање, комуникација, размена на мислење и добрата соработка и координација.

Затоа, ги прифативме сите иницјативи посветени на заштитата на животната средина и природата и заедно ќе ја подигнаме јавната свест, особено преку еколошката едукација на младите (идни активни чинители) во Преспанскиот регион.

Во овој дел општина Ресен во 2024 година ќе се концентрира кон реализирање на следните мерки:

1. Поттикнување на населението на соработка со локалната самоуправа заради заштита и унапредување на квалитетот на животот,
2. Подигнување на свеста за чиста животна средина, климатските промени и родовата еднаквост,
3. Залагање за примена на обновливи извори на енергија,
4. Едукација и организирање на активности за подобрување на енергетската ефикасност,
5. Организирање на активности за ограничено користење на пестициди и ѓубрива со цел заштита и обнова на почвата,
6. Изготвување и предлагање решенија за правилно користење на медиумите од животната средина, и
7. Обезбедување на интеграција и координација во процесот на реализација на еко-стандардите во основните училишта.

Преку:

- Реализација на кампањи од областа на животната средина;
- Организирање на едукативни активности наменети за локалното население;
- Организирање на едукативни активности, помеѓу заштитените подрачја во Преспанскиот регион, за заштита на природата и промоција на нејзини вредности;
- Промоција на природните вредности кои и даваат белег на општина Ресен;
- Поттикнување на образовните институции на територијата на општина Ресен за вклучување во проекти и активности поврзани со екологијата;
- Поддршка на проекти од НВО кои водат кон зголемување на јавната свест и едукација на локалното население;
- Одбележување на значајни настани поврзани со значењето на заштитата на животната средина со одбележување на денови од ЕКО календарот (Ден на планетата земја, Ден за заштита на водите, Ден на екологијата, Ден без автомобили, Ден на Мочуриштата, Ден за борба против пушењето и слично) со организација на активности како трки со велосипеди и ролери, садење на садници, манифестации и сл.; и
- Одржување на трибини и јавни расправи. По барање на граѓаните се со цел нивно запознавање со состојбите на загадувачите или со животната средина кои неопходно повлекуваат средства за реализација на истите.

### 4.6. Активности и мерки поврзани со меѓусекторската соработка и соработката на општина Ресен со меѓународни институции во делот на животната средина

Во насока на мерките и активностите поврзани во соработката на општина Ресен со националните и меѓународните институции се предвидуваат и редовни

консултации и соработка за програмски активности со ЈНУ Хидробиолешки завод-Охрид, МЕД, Националните Паркови Галичица и Пелистер кои по територија и по влијание имаат индиректна причинско-последична зависност со заштитените подрачја кои ги управува општина Ресен.

Во насока на меѓународната соработка на полето на заштита на животната средина и природата општина Ресен ќе превземе активности во насока на нејзино активно учество и давање на придонес кон следните процеси и институции:

- Активно учество и превземање на мерки, активности и чекори за спроведување на проектот "3 (три) годишна Оперативна програма", финансирана од Фондот за природа "Преспа-Охрид" (ПОНТ).
- Продолжување со прекугранична соработка со заштитените подрачја и НВО-и кои работат на заштитата на животната средина и природата.
- Воспоставување и на други соработки по приоритет во текот на годината со институции од национален и меѓународен карактер од областа на животната средина.
- Одредување на средства за кофинансирање на апликации за проекти од национален и меѓународен карактер од областа на животната средина кои општина Ресен би ги реализирала, би била партнер во реализацијата или би била засегната страна со одредено учество за поддршка.
- Поддршка на телата на Преспа паркот и активно учество во креирање на проекти од прекугранично значење.

## 4.7. Климатските промени и управување со климатските промени

***"климатски промени се промени кои се предизвикани директно или индиректно од човечка активност и влијаат на составот на атмосферата и придонесува за природните климатски промени„***

Промените може да бидат различни во зависност од природата, варијабилноста, јачината, брзината на случување, чувствителноста на областа, локацијата и сл. но сите имаат една заедничка константа - сиромашните, маргинализираните и ранливите луѓе се најпогодени групи во општеството од страна на сите варијации на климатските промени!

***жените и мажите различно ги погодуваат последиците од климатските промени***

### Ранливоста на климатските промени

Северна Македонија се вбројува помеѓу најранливите земји во светот, поради неповолните климатски, социо-економски и културни услови. Најранливи сектори се водните ресурси, земјоделството, шумарството, здравството, биолошката разновидност, туризмот и културното наследство.

Согласно FAO , Република Северна Македонија е држава со високо среден приход, која е особено ранлива на климатските промени. Економскиот раст на државата зависи од природните ресурси, кои, пак, зависат од климата, меѓу кои и

**биолошката разновидност, земјиштето, шумите и водата**, поради што трошоците за адаптација и ублажување се релативно високи.

**Ублажување и адаптација на климатските промени**

Борбата со климатските промени не е можна без преземање синхронизирани и координирани мерки од различни ресорни министерства и сектори. Координацијата на политиките и активностите наменети за ублажување и за адаптирање кон климатските промени е неопходна, не само помеѓу различните сектори, туку и помеѓу националните, регионалните и локалните чинители.

Затоа, За да се управува со климатските промени, потребни се итни акции за адаптација и/или ублажување. ***Климатската адаптација*** ги означува прилагодувањата на еколошките, социјалните и економските системи како реакција на реалните или очекуваните климатски стимулации или нивните влијанија. Ги означува и промените во процесите, практиките и структурата, чија цел е да се ублажат потенцијалните штети или да се искористат можностите што се јавуваат поради промените во климата. ***Климатското ублажување*** ги означува напорите и на јавниот и на приватниот сектор да ги намалат емисиите на стакленичките гасови кои се ослободуваат во атмосферата и да ја намалат моментната концентрација на јаглеродниот диоксид (CO2) преку зголемување на понорите на стакленичките гасови (на пример, зголемување на површините со шуми).

Разбирањето на последиците од климатските промени врз најранливите сектори е прв чекор кон подобро управување, приспособување и зголемување на нивната отпорност на климатските промени.

За таа цел, неопходно е следното:

- Спроведување на студии за оцена на ранливоста базирани врз теренски анализи и долготраен систематски мониторинг со користенување на современи алатки за далечинско сензорирање или други софтвери во рамките на географските информациски системи.
- Воспоставување единствен координативен механизам и вработување и мотивирање на стручните лица во надлежните институции.
- Воспоставување на сеопфатни и целосно оперативни системи за собирање информации од интерес за мониторинг, известување и верификација на политиките и мерките од областа на климатската акција.
- Воспоставување партнерство меѓу науката – политиките – бизнисот – заедницата – јавноста, што е важен предуслов за нискојаглероден развој и адаптација на климатските промени.
- Подигнување на јавната свест за негативните последици од климатските промени и за начините како климата да се заштити, односно општеството и поединците да се приспособат на нејзините негативни ефекти.

## 4.8. Изготвување на стратешки и плански документи поврзани со животната средина

Во своето тековно работење општина Ресен, континуирано има потреба од ревидирање на постоечката стратешка документација од областа на животната средина, изготвување на нова или пак учество и давање допринос во стратешки и плански документи од поширок регионален и меѓународен карактер. За таа цел, општина Ресен планира во 2024 да ја изготви следната стратешка документација:

- Донесување на Планот за Управување со СП Преспанско Езеро,
- Изработка и донесување на План за управување со ПП Езерани,
- Изработка и донесување на нов ЛЕАП на општина Ресен,
- Учество во процесот на донесување на САП на Преспа Парк,
- Изработка и донесување на План за регионално управување со отпад,
- Изработка на Акционен план и Програма за управување со бучава,
- Изработка на Регистар за загадувачи, и
- Изработка на анализа за состојбата со родовата еднаквост со осврт на ризик факторите врз човековото здравје предизвикани од климатските промени.

**4.9. Останати активности**

Законот за животна средина предвидува обврски и можности за изработка на различни стратешки документи во процесот на планирање и спроведување на планови и конкретни активности, оценки, еколошки дозволи и сл., кои се неопходни во процесот на носење на одлуки за животната средина.

- Членот 65 предвидува изготвување **Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на замјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи.
- Членот 76 предвидува изготвување **Оцена на влијанија врз животната средина** за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.
- Членот 24 предвидува изработка на **Елаборат за заштита на животната средина** за дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.
- Општина Ресен е обврзана да ги почитува овие одредби при спроведување на своите програмски активности.

**Активности:**

- Утврдување на потребата од изготвување на ОВЖС/Елаборат за животна средина,
- Изготвување на ОВЖС/Елаборат за животна средина, и

 Доставување до МЖСПП за одобрување.

- Општина Ресен е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура.
- Согласно Законот за животна средина, општина Ресен е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се пропишани во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје.
- Организирање на обуки за родова еднаквост и климатски промени (осврт на ризик факторите врз човековото здравје предизвикани од климатските промени врз ранливите категории на граѓани)

Составен дел на оваа Програма е следниот табеларен преглед на мерки и активности, како и преглед на извори на финансирање на мерките и активностите во Програмата.

| ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Планирана активност | Носител | Период на реализација | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | | | | ВКУПНО |
| | | | | Буџет на Општина Ресен | Буџет на Република Македонија | Донации | Останато | |
| **4.1 Активности и мерки поврзани со управувањето со заштитените подрачја** | | | | | | | | |
| 1. | Подигање на јавната свест на локалното население за важноста од донесувањето и реализацијата на ПУ со СП ПЕ и ПП Езерани | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 2. | Организирање на едукативни презентации за значењето на заштитата на природата и природните вредности на подрачјето за учениците од основните училишта и женските здруженија во општина Ресен | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 3. | Организирање на јавни расправи во процесот на донесување на плановите за управување со ПП Езерани | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 4. | Изработка и донесување на план за управување со Паркот на природата Езерани | Општина Ресен | 2024 год. | / | / | 770.000 ден. | / | 770.000 ден. |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.1** | | | | **30.000 ден.** | **Вкупно од мерка 4.1** | | | **800.000 ден.** |
| **4.2 Активности и мерки за управувањето со отпадот во Општина Ресен** | | | | | | | | |
| 5. | Координирање и консултирање со генераторите и операторите на отпад и други засегнати страни | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 6. | Превземање на финансиски обврски и други активности поврзани со проектот “Воспоставување на интегрален и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагонискиот регион” | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 7. | Организирање на јавна презентација и трибина за информирање на јавноста за концептот: Регионално управување со отпад | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 8. | Спроведување на кампања за подигнување на свеста за придобивките од селекција на отпад | Општина Ресен | 2024-2025 | / | / | 200.000 ден. | | 200.000 ден. |
| 9. | Спроведување детална анализа за техничките, финансиските и други предуслови за воспоставување систем за примарна селекција на отпадот | Општина Ресен, ЈКП Пролетер | 4/2024 | / | / | 60.000 ден. | / | 60.000 ден. |
| 10. | Формулирање на пилот-проект за примарна селекција на отпад | Општина Ресен, ЈКП Пролетер | 4/2024 | / | / | / | / | |
| 11. | Воспоставување на база на податоци за сите видови на отпад кој се генерира | Општина Ресен, ЈКП Пролетер | 2024 год. | / | / | / | / | |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.2** | | | | **30.000 ден** | **Вкупно од мерка 4.2** | | | **290.000 ден** |
| **4.3 Активности и мерки поврзани со управувањето со водите** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Поддршка при означување на зоните за капење и превземење мерки за заштита на водите за капење од загадување | Општина Ресен | Април – Мај 2024 год. | 30.000 ден. | / | / | / | 30.000 ден. |
| 13. | Поддршка при редовен мониторинг на водите на подрачјето на Општина Ресен во соработка со Центар за јавно здравје | Општина Ресен | Јануари-Декември 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 14. | Поддршка при означување на заштитните појаси покрај речните корита и долж брегот на П. Езеро | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 ден. | / | / | / | 30.000 ден. |
| 15. | Подршка при изготвување на техничка документација за системи за управување со води | Општина Ресен | 2024 год. | 90.000 ден. | / | / | / | 90.000 ден. |
| 16. | Поддршка при реализација на инфраструктурните проекти за системи за (водовод и канализација) | Општина Ресен | 2024 год. | 120.000 ден. | / | / | / | 120.000 ден |
| 17. | Реконструкција на постоечкото пристаниште во Стење | Општина Ресен | 2024 год. | / | / | 600.000 ден. | / | 600.000 ден. |
| 18. | Подршка при учество во работата на управувачките тела на Црн Дрим и Преспа Парк | Општина Ресен и донатори | 2024 год. | 90.000 ден. | / | 720.000 ден. | / | 810.000 ден. |
| 19. | Поддршка при учество во работата на прекуграничниот форум за води | Општина Ресен | 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 20. | Поддршка при реализација на обуки, работилници и мониторинг во соработка со ХБЗ-Охрид | Општина Ресен и ХБЗ-Охрид | 2024 год. | 30.000 ден | / | / | / | 30.000 ден. |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.3** | | | | **410.000 ден.** | **Вкупно од мерка 4.3** | | | **1.730.000 ден.** |
| **4.4 Активности и мерки поврзани со управувањето со амбиентниот воздух** | | | | | | | | |
| 21. | Воспоставување на систем за проценка на влијанијата на атмосферското загадување врз населението | Општина Ресен и МЖСПП | 2024 год. | 30.000 ден. | 30.000 ден. | / | / | 60.000 ден. |
| 22. | Воспоставување и одржување на Катастар на загадувачи на воздухот | Општина Ресен | Јануари – Декември 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 23. | Воспоставување и одржување на Регистар на загадувачки материи и супстанции на воздухот | Општина Ресен | Јануари – Декември 2024 год. | 10.000 ден. | / | / | / | 10.000 ден. |
| 24. | Изработка на студија како стратешки документ за влијанието на загадувачите на амбиентниот воздух од мобилните загадувачи и други извори на загадување | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 ден. | 30.000 ден. | / | / | 60.000 ден. |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.4** | | | | **80.000 ден.** | **Вкупно од мерка 4.4** | | | **140.000 ден.** |
| **4.5 Активности и мерки поврзани со еколошката едукација за подигнување на јавната свест** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25. | Реализација на годишни кампањи за промоција на вредностите на животната средина во општина Ресен<br>- Поттикнување на населението на соработка со локалната самоуправа заради заштита и унапредување на квалитетот на животот<br>- Подигнување на свеста за чиста животна средина, климатските промени и родовата еднаквост<br>- Залагање за примена на обновливи извори на енергија<br>- Едукација и организирање на активности за подобрување на енергетската ефикасност<br>- Организирање на активности за ограничено користење на пестициди и ѓубрива за заштита и обнова на почвата<br>- Изготвување и предлагање решенија за правилно користење на медиумите од животната средина<br>- Одбележување на значајни настани поврзани со значењето на заштитата на животната средина со одбележување на денови од ЕКО календарот ( Ден на планетата земја, Ден за заштита на водите, Ден на екологијата, Ден без автомобили, Ден на Мочуриштата, Ден на Натура 2000, Ден на Динаридите и слично )<br>- Едукација и организирање на активности за зголемено учество на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки од областа на животната средина и климатските промени | Општина Ресен, ЈКП Пролетер, ПОНТ, МЕД, Хидробиоло шки институт Охрид и Меѓународни институции | 2024 год. | 30.000 ден. | / | 30.000 ден. | / | 60.000 ден. |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.5** | | | | **30.000 ден** | **Вкупно од мерка 4.5** | | | **60.000 ден** |
| **4.6 Активности и мерки поврзани со меѓусекторската соработка и соработката на општина Ресен со меѓународни институции во делот на животната средина и природата** | | | | | | | | |
| 26. | Одржување на консултативни состаноци за усогласување на програмските пакети и други активности со:<br>- Националните Паркови,<br>- Меѓународни организации и други заштитени подрачја | Општина Ресен НП-и | 2024 год. | 10.000 ден. | / | 30.000 ден. | / | 40.000 ден. |
| 27. | Национални акции<br>- Ден без отпад<br>- Ден на ренџери<br>- Ден на водите и ден на Натура 2000 | Општина Ресен | 2024 год. | 20.000 ден. | / | 30.000 ден | / | 50.000 ден. |
| 28. | Обуки, едукации за зголемување на капацитетите на Секторот за животна средина при општина Ресен | Општина Ресен | 2024 год. | 20.000 ден. | / | / | / | 20.000 ден. |
| 29. | Одредување на средства за кофинасирање на апликации за проекти од национален и меѓународен | Општина Ресен | 2024 год. | 300.000 ден. | / | / | / | 300.000 ден. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | карактер од областа на животната средина и природата кои би ги реализирала општина Ресен, би била партнер во реализацијата или би била засегната страна со одредено учество за поддршка | | | | | | | |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.6** | | | | **350.000 ден.** | **Вкупно од мерка 4.6** | | | **410.000 ден.** |
| **4.7 Климатските промени и управување со климатските промени** | | | | | | | | |
| 28. | Спроведување на студии за оцена на ранливоста | Општина Ресен | 2024 год. | / | / | 90.000 ден. | / | 90.000 ден. |
| 29. | Градење на капацитетите на локално ниво од областа на климатските промени | Општина Ресен | 2024 год. | / | / | 90.000 ден. | / | 90.000 ден. |
| 30. | Воспоставување база на податоците од интерес за мониторинг, известување и верификација на политиките и мерките од областа на климатската акција | Општина Ресен | 2024 год. | / | / | 60.000 ден. | / | 60.000 ден. |
| 31. | Воспоставување партнерство меѓу науката – политиките – бизнисот – заедницата – јавноста | Општина Ресен Научни институции и НВО-и | 2024 год. | 30.000 ден. | / | / | / | 30.000 ден. |
| 32. | Подигнување на јавната свест за негативните последици од климатските промени и за начините како климата да се заштити | Општина Ресен и НВО-и | 2024 год. | 30.000 ден. | / | / | / | 30.000 ден. |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.7** | | | | **60.000 ден.** | **Вкупно од мерка 4.7** | | | **300.000 ден.** |
| **4.8 Изготвување на стратешки и плански документи поврзани со животната средина** | | | | | | | | |
| 33. | Изработка и донесување на ЛЕАП на општина Ресен за период 2024-2029 | Општина Ресен | 2024 год. | 61.500 ден. | / | 123.000 ден. | / | 184.500 ден. |
| 34. | Спрроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за планот за управување со ПП Езерани | Општина Ресен | 2024 год. | / | / | 155.000 ден. | / | 155.000 ден. |
| 35. | Донесување на План за регионално управување со отпад за Пелагонскииот плански регион | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 ден. | / | / | / | 30.000 ден. |
| 36. | Изработка на Акционен план и програма за управување со бучавата | Општина Ресен | 2024 год. | 300.000 ден. | / | / | / | 300.000 ден. |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.8** | | | | **391.500 ден** | **Вкупно од мерка 4.8** | | | **669.500 ден.** |
| **4.9 Останати активности** | | | | | | | | |
| 37. | Изработка на веб / мобилна апликација за пријава на проблеми – медиуми од областа на животната средина | Општина Ресен | 2024 год. | 30.000 ден. | / | 90.000 ден. | / | 120.000 ден. |
| 38. | Воспоставување и одржување на Катастар за животната средина | Општина Ресен | Јануари-Декември 2024 | 15.000 ден. | / | / | / | 15.000 ден. |
| 39. | Воспоставување и одржување на Катастар на | Општина | Јануари- | 15.000 ден. | / | / | / | 15.000 ден. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | создавачите на бучава во животната средина | Ресен | Декември 2024 год. | | | | | |
| 40. | Ставење во функција на WEB порталот на заштитените подрачја СП Преспанското Езеро и ПП Езерани и оддржување на истиот | Општина Ресен | 2024 год. | 50.000 ден, | / | / | / | 50.000 ден |
| **Вкупно од Општина Ресен за мерка 4.9** | | | | **110.000 ден.** | **Вкупно од мерка 4.9** | | | **200.000 ден.** |

## *V ФИНАНСИСРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на општина Ресен за 2024 година, како и преку средства кои би биле обезбедени од меѓународни донатори и национални програми.

| Мерка | Средства од Општина Ресен | Останати Средства | Вкупно средства |
|---|---|---|---|
| **4.1** | 30.000 ден. | 770.000 ден. | 800.000 ден. |
| **4.2** | 30.000 ден. | 260.000 ден. | 290.000 ден. |
| **4.3** | 410.000 ден. | 1.320.000 ден. | 1.730.000 ден. |
| **4.4** | 80.000 ден. | 60.000 ден. | 140.000 ден. |
| **4.5** | 30.000 ден. | 30.000 ден. | 60.000 ден. |
| **4.6** | 350.000 ден. | 60.000 ден. | 410.000 ден. |
| **4.7** | 60.000 ден. | 240.000 ден. | 300.000 ден. |
| **4.8** | 391.500 ден. | 278.000 ден. | 669.500 ден. |
| **4.9** | 110.000 ден. | 90.000 ден. | 200.000 ден. |
| **ВКУПНО** | **1.491.500 ден.** | **3.108.000 ден.** | **4.599.500 ден.** |

## *VI ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од обезбедувањето на средства во Буџетот на општина Ресен.

***VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Ресен
2. За реализација на мерките и активностите содржани во Програмата надлежен е Секторот за животна средина при општина Ресен
3. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Ресен„.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/32
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**30.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програма за одржување на комуналната хигиена во 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен

Се објавува Заклучок по Програма за одржување на комуналната хигиена во 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/30 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако ја разгледа Програма за одржување на комуналната хигиена во 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програма за одржување на комуналната хигиена во 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен, заведена под арх.бр.01-454 од 28.11.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/33 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
30.11.2023
08 | 2505/5

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ ,,ПРОЛЕТЕР"
Бр. 03-454
28.11.2023 год

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА ВО 2024 ГОДИНА**




Ресен, Ноември 2023 год.

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

## КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА

Комуналниот цврст отпад, попознат како ѓубре се состои од предмети за секојдневна употреба, како што се пакувања за производи, откосена трева, мебел, облека, шишиња, остатоци од храна, весници, уреди, бои и батерии.

Тоа е првенствено отпад собран од домаќинствата или од собирни центри, како на пример отпад и остатоци од рециклирање. Тоа вклучува биоразградливи материјали, материјали кои може да се рециклираат како шишиња, хартија, картон, алуминиумски конзерви и широк спектар на неразградливи материјали вклучувајќи боја, бела техника, стар мебел и апарати за осветлување. Главните извори за комунален цврст отпад се:

- отпад од домаќинствата које се собира во домот, а подоцна се собира од тротоарите или сопственикот директно го носи во објект за собирање отпад; или
- други видови на отпад од домаќинство (домашно расчистување, мебел и станбен-градинарски отпад); или
- отпад создаден во локалната самоуправа (пр. отпад од чистење на улиците, канти за отпадоци и паркови); или
- комерцијален отпад што се создава од подготовка на храна (простории, супермаркети и сл)

Одделение на " КОМУНАЛА ХИГИЕНА" при ЈКП„Пролетер"изработува Оперативна програма за собирање, танспортирање и депонирање на комуналниот отпад од подрачјето на градот и руралните населени места опфатени со системот на изнесување.

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комунален отпад во една урбана средина во рамките на законската регулатива што има директно влијание за зачувување на животната средина гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад од подрачјето на град Ресен се утврдува во зависност од:

- Густината на населеност;
- Количеството на создаден комунален отпад;
- Структурата на комуналниот отпад;
- Начинот на однесување на корисниците во урбаната средина;

- Инфраструктурните сообраќајни услови;
- Видот и бројот на поставените садови за комунален отпад

Одделението на Комунална Хигиена се состои од:

- едно одговорно лице ,
- 10(десет) изнесувачи на отпад,
- 5(пет) шофери ангажирани за управување со специјални возила за управување со отпад „автосмеќари"и
- 2(два)механичари.

## 2.ДИНАМИКА НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО РЕСЕН

***РЕОН-1 се изнесува во понеделник***

-Корчуланска

-Ленинова

-Ул.4та и 6та

-11ти Октомври-од Ленинова до 29ти Ноември

-Коле Неделковски

-Мите Богоевски- од Ленинова до 29ти Ноември

-Димитар Божиновски

-Никола Карев

-Христо Грасовски

-Михајло Бочкаровски

-Населба Пролет

- ***РЕОН- 2 се изнесува во вторник***

  -Иво Лола Рибар

  -Борис Кидриќ

  -7ма Македонска Бригада

  -Крсте Мисирков

  -Таше Милошевски

  -Охридска

  -Крсте Трајчевски

  -11ти Октомври-од 29ти Ноември до Ј Јосифовски

  -Ј.Јосифовски- од 11ти Октомври до Наум Веслиевски

  -Гоце Делчев

  -Мите Богоевски-од 29ти Ноември до плштад

  -Илинденска

  -Кочо Рацин

  -Кузман Јосифовски

  -Мите Трајчевски

- ***РЕОН-3 се изесува во среда***

  -Преспанска

  -Милан Думов

  -Наум Божиновски

  -11ти Септември

  -Бигла

  -11ти Октомври – чикмаци

- ***РЕОН-4 се изнесува во четврток***

  -Јосиф Јосифовски

  -Наум Веслиевски

  -Мирче Ацев

  -4ти Јули

- ***РЕОН-5 се изнесува во петок***

  -Индустриска

  -Славејко Арсов

  -Никола Вапцаров

  -Нијази Бег

  -11ти октомври-од 29 ти Ноември до Јосиф Јосифовски

  -Јосиф Јосифовски-од 11ти Октомври до Н.Веслиевки

  -Гоце Делчев

  -Илинденска

  -Таше Милошевси-од Илинденска до Плоштад

  -Мите Богоевски-од 29ти Ноември до Плоштад.

  -29ти Ноември

  -Мите Трповски

  -Стив Наумов

## 3. ДИНАМИКА НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА ОТПАД ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

- ***РЕОН – 1***

  -Стење

  -Волкодери

  -Шурленци

  -Покрвеник

  -Горно и Долно Перово

- ***РЕОН – 2***

  -Болно

  -Царев Двор

  -Дрмени

  -Лавци

- ***РЕОН – 3***

  -Сопотско

  -Подмочани

  -Грнчари

  -Асамати

  -Курбиново

  -Крани

-Арвати

-Претор

-Рајца

- ***РЕОН – 4***

-Наколец

-Љубојно

-Брајчино

-Долно Дупени

-Јанковец

-Сливница

-Избишта

-Штрбово

- ***РЕОН – 5***

-Горна Бела Црква

-Долна Бела Црква

-Козјак

-Езерени

## 4.СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГ НЕОПАСЕН ОТПАД.

Динамика на изнесување на отпад е секојдневно во централното градско подрачје и еднаш неделно во другите делови на градот и рурални средини . За да се реализира успешно оваа динамика целото опфатено подрачје е поделено на три реони. Секој реон има точно утврден ден на собирање и изнесување, а критериум за нивно димензионирање се; бројот на домакинствата и територијалната поврзаност на населените места.

Претпријаитјето за 2024 година подготви програма за собирање, изнесување и депонирање на отпадот од градот Ресен и 33(триесет и три) рурални средини или конкретно во:

Коњско,Стење,Отешево,Шурленци,Волкодери,Покрвеник,ГорноПерово,Долно Перово,Дрмени ,Царедвор,Езерени,Козјак,Горна Бела Црква, Долна Бела Црква, Подмочани,Грнчари,Рајца,Асамати,Вилска Населба Претор,Претор Сливница, Крани,Арвати,Штрбово,Наколец,ДолноДупени,Љубојно,Брајчио,Сопотско,Јанковц, Избишта,Болно,Лавци.Од вкупниот бр на рурални места во општина Ресен останати се уште 6(шес) села од кои не се вклучени во динамиката на изнесување на отпад :

**Горно Крушје,Евла,Златари,Кривени,,Лева Река,Лескоец,**

Имајќи ја предвид определбата на нашата Општина за здрава животна средина и за чиста и еколошки Преспа се налага потреба од проширување на услугата и во овие средини. Нивното опфаќање треба да е предмет на договарање помеѓу Општината, одборите на месните заедници и комуналното претпријаитје. При тоа треба да се има предвид прифаќањето на услугата од страна на жителите на тие месни заедници, а со тоа и обврската за плаќање на истата.

Во колективните згради,собирањето на отпадот се врши со контејнери од 1000 л,и 1 котејнери од 7 м3 . За таа намена низ градот се поставени 60 контејнери и динамиката за нивно изнесување е секојдневно,како и по потреба колку пати ќе се наполнат со отпад од страна на корисниците.

## 5.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Понудената програма за одржување на комуналната хигиена во Општина Ресен за 2024 год. е реална и со голема можност за нејзина целосна реализација. Реализацијата на предвидената динамика во истата може да се наруши само во одредени периоди од годината или конкретно во зимскиот период ако се неисчистени улиците од снег и пристапот до одредените реони ќе е отежнат или оневозможен

За да се реализира програмата квалитетно покрај доброто организирање и функционирање на претрпијаитјето треба да постојат и некои други предуслови кои треба да ги исполнат корисниците на услугата. А тоа се; да се снабдат со соодветни садови за собирање на отпад ( корисниците кои до сега не го имаат направено тоа), како и обврската садот за собирање на отпадот да го држат од надворешната страна на нивниот двор и доколку возилото нема пристап до местото на поставување на садот истиот да се доближи до местото од каде ќе биде подигнат.(Согласно правни акти кои ја регулираат оваа материја.

ЈКП „Пролетер“,освен од домакинствата ќе врши изнесување на отпадот и од стопански и нестопански субјекти, но само на тој што е сличен на отпадот од домакинствата. Од некои субјекти кои се лоцирани по улиците каде што редовно се движат возилата отпадот ќе се изнесува според утврдената динамика на реонот, додека од останатите ќе се изнесува со посебни комерцијални договори и на повик од нивна страна.

## 6.Селекција на комуналниот отпад

Селекцијата на употребливи состојки од комуналниот отпад на местото на создавањето допринесува за квалитетот на урбаното живење, намалување на вкупната количина на отпад, носи економски бенефит и ја зголемува свеста и одговорноста на создавачите и давателите на услугата.

ЈКП„Пролетер" во 2024 год очекува да добие 4(четири) камиони за изнесување на отпад од хартија,контејнери и канти кои треба да се поделат по домаќинства и колективи згради.

На територијата на општина Ресен во 2024 година ќе се започни со селекција на отпад од пакување.За таа намена на терен каде ќе ја реализираме услугата имаме поставено 58 контејнери 1/1м³ за селектирање на отпад од пакување картони и хартија.Во поголемите маркети ќе се постават големи контејнери од 5-7 м3 кои ќе се подигнуваат со специјално возило автоподигач со ланци.

Во 2019 год со цел подобрување на животната средина и намалување на отпадот од стакло од домакинста и намалување на отпадот од стакло на самата депонија Општина Ресен заедно со Пакомак донираја 8 глеми контејнери за селектирање на стакло кои беа распоредени низ централното гратско подрачје, поделени се и пластични канти од 120 л по кафичи,ресторани, низ градот се поделени 21 канта , во т.н.Претор 12 , во Слвиница 8,Автокамп крани 4 и МВР 4 за селектирање на отпадот од стакло, во 2021 го се зголеми собирањето на стакло со тоа што од страна на Пакомак се добија уште 11 звонасти контејнери кои се распоредија низ поголемите улици во градот со цел да бидат опфатени цела територја на градот.Се оди кон зголемување на бројот на звонасти контејнери кои ке се расопредат и во руралните средини со цел намалување на отпадот од стакло и целосна територијална покриеност на Општина Ресен.

Во 2023 год во соработка со Нула Отпад и Општина Ресен распоредени се контејнери за селекција на електричен отпад,во нареден период ке се зболеми бројот на контејнери и во руралните средини.

**Во прилог ви ја претставуваме мапата со локација на контејнери за отпад од стакло и електричен отпад.**






## 6.ФИНАНСИСКИ ПЛАН

**За реализација на Предлог програмата за одржување на комуналната хигиена за 2023 год.**

Според предлог програмата се планирани следните приходи и расходи:

| Реден Бр. | Приходи и расходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **12.888.856** |
| - | Приходи од смет на домакинства | 9.445.681 |
| - | Приходи од смет на претпријатија | 3.443.175 |
| 2. | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **15 180 063** |
| - | Трошоци за суровини и материјали и разни | 2.913.807 |
| - | Разни услуги за одржување на опремата | 1.646.256 |
| - | Надомест на трошоци на вработени | 370.000 |
| - | Амортизација | 350 000 |
| - | Бруто плата | 8.200.000 |
| - | Набавка на половно специјално возило | 1.700.000 |
| | | |
| 3. | **ЗАГУБА** | **2.291,207** |

Според прикажаните резултати во табелата произлегува дека од приходите ќе се покриваат делумно расходите ,а тоа значи дека треба да се изнајдат дополнителни финансиски средства за покривање на разликата од **2.291,207**ден. Според Нас истата може да се надомести со корекција на цената на услугата за комунална хигиена (кај домаќинствата и кај претпријатијата ) или од Буџетот на Општина Ресен.

**31.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програма за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен

Се објавува Заклучок по Програма за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/31
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако ја разгледа Програмата за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2024 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2024 година, заведена под арх.бр.01-457 од 28.11.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/34
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН
Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 03-457
28.11.2023 год.

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАД РЕСЕН ЗА 2024 ГОДИНА



Ресен,Ноември 2023 год.

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

## 1.Општо за јавно Прометни Површини

Под поимот Јавни Површини (ЈП) спаѓаат сите јавни површини на територијата на Општина Ресен.

Јавно Прометни Површини (ЈПП) кои се во функција на граѓаните за одвивање на сообраќај на граѓани и возила и тоа:
– Тротоари
– Улици
– Плоштади
– Спортски терени

Јавно Прометни Површини - Паркови и Зеленило (ЈППЗ) кои се во функција на граѓаните за одмор и рекреација се:
– Паркови со ниска вегетација
– Паркови со висока вегетација

За изработка на организационен план за чистење на ЈПП меѓу другото потребна е и категоризација на ЈПП.
Категоризацијата на ЈПП зависи од:
– Густината на населението
– Густина на сообраќај
– Правците на движење на граѓаните и возилата до фирмите, домовите и секојдневните потреби.

Според програмата, одржувањето на јавната чистота во јавните површини во Ресен ќе се реализира преку:

1. **Чистење-метење на Јавните Површини (ЈП)**
2. **Миење-поливање на Јавните Површини (ЈП)**
3. **Одржување на зеленилото на градскиот плоштад**

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањетона јавната чистота на јавните површини и патишта ,како клучни фактори се земени:
- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните
површини (категоризацијата);
- Димензиите,типот и формата на јавните површини (големина);

- Начинот на одржување на јавната чистота;
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата,работната
рака и механизацијата

## 2.Потекло и вид на сметот на јавно сообраќајните површини

Според начинот на живеење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:
- Густина на населеност;
- Градскиот собракај;
- Станбениот простор;
- Културните навики на населението;
- Стандардот на граѓаните;
- Самодисциплината на граѓаните;
- Придружување на позитивните прописи;

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на ЈПП начинот и динамиката на одржување на истата.

**1. Секојдневен смет**:

*А) Обичен уличен смет*
- кутии од цигари и кибрити, отпадоци од цигари;
- искористени билети, хартија од разни пакувања;
- останати отпадоци од сличен карактер;

*Б) Отпадоци од возила кој настануваат при:*
- при превоз на разновиден материјал(градежен материјал,овошје зеленчук и технолошки материјал)
- при товарње и растоварање на разни стоки;
- при собирање на домашен смет;
- при косење на тревни површини.

*В) Загадување од атмосверата*
- загадување од чад, прав;
- индустриски оџаци;
- гасови од моторни возила;

*Г) При интензивно врнење на дождови*
-наноси од земја,песок,лисја и друго

**2. Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида:
- лисја од дрвјата,земјоделски отпад, суви гранки и слично
- песок ,згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на ЈПП површини заради намалување на лизгавоста која по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се острани

## 3.Чистење-метење на Јавните Површини (ЈП)

Динамиката на чистење на ЈП се утврдува врз основа на следните приоритети:

1. **ЈП од I приоритет.** Во овој приоритет спаѓаат ЈП кои се чистат секој ден и во лето и во зима. Такви се градскиот плоштад и улиците во и околу центарот на градот.
2. **ЈП од II приоритет.** Во овој приоритет се сврстени ЈП кои се чистат еднаш месечно. Такви се улиците кои водат кон центарот на градот.
3. **ЈП од III приоритет.** Во овој приоритет се сврстени ЈП кои се чистат два пати годишно-во лето и во зима. Такви се делови од приодите кон градот кои имаат и третман на градски улици.

Поголемиот дел од ЈП ќе се метат машински. Но поради што ваквиот начин на метење не може да се спроведи и во услови кога има снег,во месец Декември и Јануари предвидените површини ќе се метат рачно.Потребните часови и извршители за редовно одржување на хигиената во ЈП ќе се пресметаат според методологија за таа намена.

Методологијата е земена од Прирачникот за нормирање на работите и работните задачи за чистење на ЈП. Овој прирачник е издаден од страна на здружението за комунални дејности при Стопанската комора на Македонија.

## 4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД I ПРИОРИТЕТ

| Ред.бр. | УЛИЦА | Бруто површ. во м² | Повр. што се метат во м² | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ м² | Вкупно часа | Тротоари | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ м² | Вкупно часа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Плоштад | 4 250 | 4 250 | Плочки | 0,0003 | 1,17 | / | / | / | / |
| 2 | Ј.Јосифовски<br>Од х.Китка до Г.Џамија | 3 500 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,26 | 1 650 | Асфалт | 0,0040 | 6,36 |
| 3 | 11-ти Октомври<br>Од х.Китка до 29ти Ноември | 1 910 | 380 | Асфалт | 0,0003 | 0,14 | 628 | Асфалт | 0,0040 | 2,30 |
| 4 | Т.Милошевски<br>Од Центар до Б.Кидрич | 1 820 | 967 | Асфалт | 0,0003 | 0,35 | 1 150 | Асфалт | 0,0040 | 4,36 |
| 5 | Илинденска<br>Од Пошта до Лебара | 960 | 192 | Асфалт | 0,0003 | 0,07 | / | | / | / |
| 6 | М.Богоевски<br>Од Центар до 29-ти Ноември | 1 450 | 1 170 | Плочки | 0,0003 | 0,21 | 140 | Асфалт | 0,0040 | 0,34 |
| 7 | 29-ти Ноември<br>Од Полиција до Б.Кидрич | 6 810 | 1 362 | Асфалт | 0,0003 | 0,49 | 3 550 | Плочки | 0,0040 | 14,12 |
| 8 | Б.Кидрич<br>Од фурна до Г.Џамија | 6 130 | 1 226 | Асфалт | 0,0003 | 0,44 | 760 | Асфалт | 0,0040 | 3,02 |
| 9 | Паркинг зад општина | 1 750 | 1 750 | Асфалт | 0,0003 | 0,31 | / | / | / | / |
| 10 | Гоце Делчев<br>Од Ј.Јосифовски до Т.Милошевски | 1 900 | 1 900 | Плочки | 0,0003 | 0,34 | / | / | / | / |
| ВКУПНО: | | 30 480 | 12 350 | | | 5,38 | 7 878 | | | 31,30 |

Од табеларниот преглед се гледа дека за едно чистење-метење на ЈП од овој приоритет се потребни вкупно 5,38 часа машинско миење и 31,30 часа за рачно метење.Постапката за мачинско метење трба да се пофтори 200 работни денови. Истите површини во Декември и Јануари ќе се метат рачно за што се потребни 49,4 часа или (12,350 м² х 0,0040 ч/м² = 49.24 часа) тогаш вкупниот потребен фонд на часови годишно ќе е: За машинско метење 5,38 ч/ден х 200 ден/год =1,076 часа За рачно метење 31,30 ч/ден х 253 дена/год = 7.919 часа За рачно метење 49,24 ч/ден х 53 дена/год = 2,610

## 5.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД II ПРИОРИТЕТ

| Реден број | УЛИЦА | Бруто површина во $м^2$ | Површини што се метат $м^2$ | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ $м^2$ | Вкупно часа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Корчуланска Од Ленинова до 29-ти Ноември Кај полициска станица Ресен | 2 450 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| 2 | 11-ти Октомври Од Ленинова до 29-ти Ноември (раскрсница) до Ј.Јосифовски кај такси постројка центар | 2 450 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| 3 | Мите Богоевски со Ленинова до 29-ти Ноември | 2 100 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| 4 | Иво Лола Рибар од Ленинова до 29-ти Ноември | 2 100 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| ВКУПНО: | | 9 100 | 2 800 | | | 0,52 |

Од табеларниот преглед се гледа дека за едно машинско чистење-метење на ЈП од овој приоритет се потребни 0,52 часа. Ако се има предвид дека оваа постапка треба да се повтори 12 пати во годината, секој месец, тогаш вкупниот број на потребни часови годишно ќе биде: 0,52 часа х 12 пати годината = 6.24 часа/годишно

## 6.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД III ПРИОРИТЕТ

| Реден број | УЛИЦА | Бруто површина во $м^2$ | Површини што се метат $м^2$ | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ $м^2$ | Вкупно часа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ленинова Од Корчуланска до Б. Кидрич | 6 650 | 1 900 | Асфалт | 0,0003 | 1,08 |
| 2 | Борис Кидрич Од гробишта до 29-ти Ноември | 5 600 | 1 600 | Асфалт | 0,0003 | 0,58 |
| 3 | Јосиф Јосифовски Од Г.Џамија до бензинска кон Битола | 4 900 | 1 400 | Асфалт | 0,0003 | 0,50 |
| 4 | Наум Веслиевски Од Ул. Бигла до Голема Река | 4 900 | 1 400 | Асфалт | 0,0003 | 0,50 |
| ВКУПНО: | | 22 050 | 6 300 | | | 3,46 |

Од табеларниот преглед се гледа дека за едно машинско чистење-метење на ЈП од овој приоритет се потребни 3,46 часа. Ако се има предвид дека оваа постапка треба да се повтори 2 пати во годината, тогаш вкупниот број на потребни часови годишно ќе биде:

3,46 часа x 2 пати годината = 6,55 часа/годишно

Ако се собере потребниот годишен фонд на часови на соте три приоритети,вкупно годично за машинско метење ќе се потребни 1.089 часа или:
1.076,00 часа I Пр. + 6,24 часа II Пр + 6,55 часа III Пр. = 1.089,19 ~ 1.089
За да се утврдат вкупниот број на потребни работници за рачно метење на ЈП,за делови каде што тоа не може да се направи машински како на пример на тротоарите,треба да се подели со вкупните работни денови во годината (253 работни денови ) и со редовни саати за еден работник во еден работен ден. Истото треба да се направи и за деловите кои се метат машински за месец Делември и Јануари за кога се претоставува дека може да има снег (53 работни денови) и метењето мора да е рачно или :

[(7.919+2.610 час/год) : (253+53 раб.ден/год)] : 8 час/ден=4,30 раб~4 раб.

Според резултатот за да се реализира понуденото ниво на хигиена во градот ЈП според утврдените приоритети во текок на годината се потребни : 1.089 часа за

машинско метење и 4 извршители-работници за рачно метење а нивно организирање и нивната работа ќе ја кординира еден одговорен работник-шеф. Според направените калкулации на параметрите во цената на чинење на услугата машинско метење (потрошеното гориво , амортизацијата на возилото и надоместокот за возачот ), утврдена е цена од 1.000 ден/час.

Зависно од периодот на извршување-реализација на услугата во јавната чистота разликуваме:

-Летен период кој трае од 01.04. – 31.10. во траење од 7 месеци,

-Зимски период кој трае од 01.11. – 01.04. во траење од 5 месеци

Чистењето-метењето во летниот период ќе започне од 05 часот и ќе заврши до 13 часот, со тоа што од 01.06 -31.08. ќе се организира дежурство со еден работник од 12 – 20 часот, додека во зимскиот период редовното работно време ќе биде од 06-14 часот.

Ако временските услови наметнуваат потреба за поинакво организирање на работите тогаш ќе се постапува според Планот за зимско одржување на ЈП.

Во продолжение приложуваме финансиски план за реализација на делот чистење-метењена ЈП од сите три приоритети.

## 7.Миење – поливање на Јавните Површини

Освен со метење во летниот период хигиената во ЈП се одржува и со миење или поливање со цистерна. Со оваа услуга се планира да се започне од 01 мај до 31 август или по месеци се нуди следната динамика:

1. 1. МАЈ 1 (ЕДНО) МИЕЊЕ НЕДЕЛНО ИЛИ 5 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ
2. ЈУНИ 2 (ДВЕ) МИЕЊА НЕДЕЛНО ИЛИ 8 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ
3. ЈУЛИ 3 (ТРИ) МИЕЊА НЕДЕЛНО ИЛИ 13 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ
4. АВГУСТ 3 (ТРИ) МИЕЊА НЕДЕЛНО ИЛИ 13 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ

Со миење ќе бидат опфатени ЈП од трите приоритети. Според досегашното искуство за извршување на оваа услуга се потребни 4 часа и истата ќе се реализира од 02 -06 часот наутро. Треба да се напомене фактот дека при извршување на оваа услуга возилото троши огромни количини на гориво така што при пресметување на цената на чинење на оваа услуга главен параметар е потрошеното гориво.

***Во програмата за одржување на ЈПП за 2024 г. се предвидени и следниве активности:***

- Расчистување на диви депонии;
- Расчистување гробишта
- Вршење повремени работи;

- Подигање на згазени и умрени животни од јавни површини;
- Вршење на дополнителни и вонредни активности;

## 8.Одржување на зеленилото на градскиот плоштат

Во нашиот град зеленилото кое се одржува организирано е застапено во релативно мали површини. Паркот на градскиот плоштад зафаќа површина од 2274м$^2$ во кој има украсни дрвја и разни грмушки, паркот на раскрсница помеѓу улицата Корчуланска и Ленинова како и еден дел од мултидисциплинарното игралиште во Црквиште.

Гореспоменатите површини во текот на 2024 година ќе се одржуваат со :

-одржување и оформување на укрсните дрвја и грмушките,

-заштита на истите од разни болести,

-одржување,косење како и наводнување на тревата од паркот,

-собирање и транспортирање на разни видови на отпад од тревната површина и др.

Големо внимание во текот на годината му посветуваме и на садењето на сезонско цвеќе.Тоа ќе го направиме со садење на двапати кај столбот кај јаболкото,додека на канделабрите на плоштадот Цар Самоил и на улица Мите Богоевски ќе посадиме украсни висечки цвеќиња.

Во делот на одржување на дрворедите низ улиците исто така му посветуваме големо внимание и тоа со обликување ,фарбање на истите до висина од 1 метро од асфалтот,како и прскање со заштитните средства за заштита од штетници и болести.

Редовното одржување на градското зеленило во текот на целата година ќе се реализира со еден работник, додека во текот на годината кога има повеќе работа за нивно одржување ќе ангажираме дополнително и други работници од останатите делови од претпријатието.

## 9.ФИНАНСИСКИ ПЛАН

**За реализација на програмата за одржување на јавната чистота во Ресен за 2023 год потребни следните финансиски средства**

| Рб | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Бруто плата за 1 одговорен работник –шеф<br>1шеф 38.855,00ден x 12месеци = 466.260,00 | 466.260,00 |
| 2 | Бруто плата за 7 работници<br>6 работници x 36.902,00 x 12месеци = 2.656.944,00 | 2.656.944,00 |
| 3 | Др.надоместок за работа | 120.000,00 |
| 4 | Средства за лична заштита при работа | 22.300,00 |
| 5 | Рачен алат за работа | 60.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **3.325.504,00** |

| | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ПО АКТИВНОСТИ** | |
|---|---|---|
| **РБ** | Активности | |
| **1** | За чистење -метење на ЈПП | 3.325.504,00 |
| **2** | За миење-поливање на ЈПП | 315.500,00 |
| **2** | За одржување на зеленило | 486.316,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.127.320,00** |
| | **Планирани Приходи по видови** | |
| **1** | Приходи од домакинство<br>2.400 дом.x 60 ден x 12 месеци | 1.728.000,00 |
| **2** | Приходи од препријатија<br>290 преп x180 ден x 12 месеци | 626.400,00 |
| | **ВКУПНО** | **2.354.400,00** |
| | **РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ПРИХОДИ И РАСХОДИ (II-I)** | **1.772.920,00** |

Според прикажаните резултати во табелата произлегува дека од планираните приходи утврдени според Одлуката за одржување на јавната чистота во Оппштина Ресен (Сл. Гласник бр.10 од 2009 год) ќе се покриваат делумно,а тоа значи дека треба да се изнајдат дополнителни финансиски средства за покривање на разликата од **1.772.920,00**ден. Според Нас истата може да се надомести со корекција на цената на услугата за јавна чистота (кај домаќинствата е 60денари, кај претпријатијата е 180) или од Буџетот на Општина Ресен.

**32.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програма за работа на градските гробишта - Ресен за 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен

Се објавува Заклучок по Програма за работа на градските гробишта - Ресен за 2024 година на ЈКП Пролетер Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/32 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Брз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако ја разгледа Програмата за работа на градските гробишта- Ресен за 2024 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за работа на градските гробишта- Ресен за 2024 година, заведена под арх.бр.01-456 од 28.11.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/35 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

Јавно комунално претпријатие ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 03-456
28.11 2023 год.
РЕСЕН


# ЈКП „Пролетер“- РЕСЕН

**Ул. Обиколна бр. 22, Тел: 047 451-643, фах: 455-461**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 30.11.2023
08 | 2535/4

Програма за работа на Градските гробишта - Ресен
за 2024 година




Ресен, 2023 година

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ЦО

Во ЈКП Пролетер постои посебно одделение чија функција е управување со градските гробишта Ресен.

Во состав на ова одделение се наоѓа раководител којшто по професија е архитект и до скоро еден работник, додека по потреба се ангажираат дополнителни вработени од други одделенија на ЈКП Пролетер. Во 2024 година е предвидено вработување на едно лице.

Во опсегот на активности кои ќе се спроведуваат за одржување и управување на градските гробишта спаѓаат следните:

1. Редовно чистење и изнесување на отпадот. Во текот на годината редовно се создава отпад од страна на корисниците како и од други лица како каменорезачи кои изработуваат споменици. Отпадот кој се создава е комунален но вклучува и градежен шут. Отпадот кој се создава редовно се изнесува од страна на ЈКП Пролетер Ресен. За оваа цел се поставени контејнери од 1 $м^3$ и буриња на повеќе места низ градските гробишта.

2. Редовно косење на тревата. Во текот на целата година се врши редовно косење на тревата на гробиштата. Косењето се врши онолку пати колку што е потребно.

3. Одржување и кастрење на дрвата но и целосно отстранување на истите, бидејки постои опасност да настане штета по надгробните споменици.

4. Одржување на патеките кои се наоѓаат во градските гробишта.

5. Одржување на водоводната мрежа во гробиштата. Низ гробиштата се наоѓаат чешми кои се дел од градскиот водовод и чие одржување е обврска на ЈКП Пролетер Ресен.

6. Чистење на патеките од снег во зимскиот период. Ова се прави со цел да се овозможи непречено движењеи вршење на функцијата.

Други активности кои се работа на ЈКП Пролетер Ресен како управител на градските гробишта се:

1. Водење на дневник и регистар на погребаните лица.

2. Водење евиденција за корисници на гробни места.

3. Истражување и собирање информации за постоечки стари искористени гробни места, гробни места кое се руинирани и кои не се одржувани со цел воспоставување контакти со роднини на починатите.

4. Се работи на ажурирање на книговодствената евиденција и споредување на фактичката ситуација со ситуацијата на терен. Со таа цел се расчистуваат неплаќачите.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

- Гориво за косачките – паушал .......................................................60.000,00 ден.
- Трошоци за одржување на косачките ..........................................10.000,00 ден.
- Гориво за багер, камион ..................................................................40 000,00 ден.
- Бруто плата за раководителот...............................................51.124,00 ден x 12 месеци=613.488,00 ден.
- Бруто плата за работникот ............................................................30.657,00 x 12 месеци =367.884,00 ден.
- Бруто плата за работниците кои повремено работаат 4 месеци 36.902,00 x 4 месеци ......................................................................147.608,00 ден.
- Опрема и алат за работа ..................................................................11.060,00 ден.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - 1 зимско одело | x | 1.840,00 ден | = | 1.840,00 ден. |
| - 1 летно одело | x | 2.600,00ден | = | 2.600,00 ден. |
| - 1 работен мантил | x | 500,00 ден | = | 500,00 ден. |
| - 4 пара нараквици | x | 200,00 ден. | = | 800,00 ден. |
| - работна маица | x | 200,00ден | = | 400,00 ден. |
| - 2 пара чизми | x | 660,00 ден. | = | 1.320,00 ден. |
| - 2 лопати | x | 500,00 ден. | = | 1.000,00 ден |
| - 2 казми | x | 500,00 ден. | = | 1.000,00 ден. |
| - 2 вили | x | 550,00 ден. | = | 1.100,00 ден. |
| - очила и маска за заштита | x | 500,00 ден. | = | 500,00 ден. |

ВКУПНО ЗА ОПРЕМА И АЛАТ ЗА РАБОТА .....11.060,00 ден

**ВКУПНО РАХОДИ: 1.250.040,00 ден.**

- Изведба на пристапни патеки................................ 13.000,00 ден./m$^3$ (набавка транспорт и вградување)
- Изведба на бетонски рамки за гробно место ....... 13.000,00 ден./m$^3$ (набавка транспорт и вградување)
- Тампон за пристапни патеки............................... 1.300,00 ден./m$^3$ (набавка транспорт и вградување со набивање и балирање)
- Асфалтирање 5цм..................................................... 1.000,00 ден./m$^2$ (набавка транспорт и вградување)

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ:**

1. Приходи од пристап на гробишта на оператор за превоз
   60 случаеви годишно x 1.000,00 ден.........................60.000,00 ден.
   - Приходи од пристап на гробишта на оператор за споменици
     12 случаеви годишно x 1.000,00 ден.........................12.000,00 ден
   - Приход и од одржување на гробни места
     1.875 гробни места x 30,00 ден x 12 месеци..........675.000,00 д
   - Приходи од продажба на гробни места
     12 нови гробни места годишно x 5.000 ден. ..............60.000,00 ден

**ВКУПНО ПРИХОДИ: 807.000,00 ден.**

Од горната табела се гледа дека расходите се значително поголеми од приходите, поради тоа ќе бидат потребни дополнителни средства при што мора да се подигне цената за одржување, а со изведба на бетонски рамки на новите гробни места ќе мора да се подигне и цената на ново гробно место и останатите услуги.

**33.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програма за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2024 година

Се објавува Заклучок по Програма за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/33 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако ја разгледа Програмата за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2024 година на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2024 година на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен, заведена под арх.бр.01-455 од 28.12.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/36 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 03-455
28.11 2023 год.
РЕСЕН

# ЈКП „Пролетер"- РЕСЕН

Ул. Обиколна бр. 22, Тел: 047 451-643, фах: 455-461

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2024 ГОДИНА



Ресен 2023 година

## Канализација

Меѓу активностиите за кои е задолжен ЈКП Пролетер од Ресен вклучено е и одржување на канализационата мрежа на територијата на општина Ресен како и системот за прочистување на отпадни води односно Пречистителната Станица Ресен.

Канализационата мрежа за чие одржување е задолжен ЈКП Пролетер Ресен се сотои од фекална канализација со должина од 45 км и атмосферска канализациона мрежа со должина од 7 километри. Канализационата мрежа го покрива градот Ресен и селата: Јанковец, Царев Двор, Езерени, Горна Бела Црква, Долна Бела Црква и Козјак.

Фекалната канализациона мрежа ги спроведува фекалните отпадни води во Пречистителната Станица Езерени каде се врши нивно пречистување и испуштање во Езеренско Блато. Спроведувањето на отпадните води во најголем дел се врши гравитационо но исто така и со помош на три препумпни станици кои се наоѓаат во селата Езерени, Царев двор и Долна Бела Црква.

Во 2024 година ЈКП Пролетер Ресен ќе бидат преземени низ активности со цел да се осигура непречена функција и работа на канализационата мрежа. Во овие активности спаѓаат:

1. Отпушување на запушена канализација. Една од најчестите активности кои се редовно преземаат е отпучувањето на канализационата мрежа која најчесто настанува поради цврстиот отпад кој несовесните граѓани го фрлаат во канализацијата. Отпушувањето најшесто се врши со специјално возило канал-џет.

2. Поправка на помали оштетувања на системот за канализација како што е замена на капаци од шахти и замена на оштетени цевки.

3. Редовна проверка и чистење на сливниците од песокот кои со тек на време може да се наталожи поради врнежи.

4. Редовна проверка на работата на пумпите и опремата во препумпните станици и нивна поправка и чистење ако за тоа има потреба.

Работите поврзани со одржувањето, чистењето и поправките на канализационате мрежа во општина Ресен ќе се извршуваат од страна на вработените на ЈКП Пролетер од Ресен. За оваа цел во одделението за канализација има еден работник што е намалување од претходната година кога беа двајца вработени, додека по потреба се ангажираат вработени и од други единици на ЈКП Пролетер, најчесто возачи за специјалното возило за отпушување на канализација.

Одржувањето на специјалното возило ќе се врши од вработени на ЈКП Пролетер, додека ако има потреба од сервисирање на пумпи од препумпните станици тоа се врши од надворешни лица. При ова мора да се спомене дека специјалното возило кое е во сопственост на претпријатието е старо често вон функција со што се налага потреба за навака на ново.

Предвидени трошоци за одржување на канализационата мрежа за 2024 година се следните:

| Потреби за 2024 година | Предвидени трошоци (ден.) |
|---|---|
| Материјали и резервни делови | 300.000 |
| Гориво за специјално возило | 60.000 |
| ХТЗ опрема за вработени | 25.000 |
| Ново возило за интервенции | 2.000.000 |
| Сервис на пумпи и електромотори | 200.000 |
| Плати за вработени | 360.000 |
| **Вкупно** | **2.945.000** |

## Прочистување на отпадни води

Отпадните фекални води кои се собираат од градот Ресен и селата Јанковец, Езерени, Царев Двор, Долна Бела Црква, Горна Бела Црква и Козјак преку постоечката канализациона мрежа се спроведуват до Пречистителната Станица за Отпадни Види во Езерени каде ќе севри нивко пречистување. По пречистувањето тие се испуштаат во Езеренско Блато а високот мил се одлага во сушни полиња кои се наоѓаат во кругот на станицата.

Пречистителната станица Езерени се наоѓа на еден километар од селото Езерени кое се наоѓа јужно од градот Ресен. Проектираниот капацитет на станицата е 12.000 еквивалент жители, а во текот на 2024 година се очекува реалното оптоварување да биде помало, односно околу 9.000 еквивалент жители.

Во Пречистителна Станица Езерени се врши механичко и биолошко третирање на отпадната вода. Пречистувањето на отпадните води во станицата пред нивно испуштање во Езеренско Блато се врши согласно важечките законски прописи. Во текот на 2024 година како и во претходните години ќе се изврши испитување на квалитетот на водата која се испушта од страна на акредитирана лабораторија.

Во текот на 2024 година се планираат низа редовни активности кои ќе бидат превземени со цел на обезбедување на понатамошно успешно работење на ПСОВ и исполнување на законските барања во однос на квалитетот на пречистената вода.

Редовни активностите кои ќе се превземат во текот на 2024 година се следните:

1. Редовно одржување на машините и опремата. Под ова се подразбира навремено подмачкување на машинските делови, замена на масло и антифриз, замена на истрошени каиши на компресори и следење на нивната работа.

2. Следење на квалитетот на работата на станица преку испитување на квалитетот на испусната вода во акредитирана лабораторија.

3. Одржување на кругот на пречистителната станица. Во ова спаѓа косење на тревата, изнесување на отпад и редовно чистење.

Работата поврзана со работата на Пречистителната Станица Езерени ја вршат во најголем дел вработените во станицата. Вработените го имаат потребното искуство и стручност за да се осигура успешна и непречена работа на станицата. Исклучок претставуваат работи како испитување на квалитетот на водата кое се врши во акредитирани лаборатории надвор од ЈКП Пролетер, и сервис на пумпи и специфична опрема која исто така ја вршат надворешни лица.

Во текот на 2024 година за работење на Пречистителна Станица Езерени се предвидени следните трошици. При тоа треба да се напомене дека некои од нив се пренесени од минатата година бидејќи предвидените активности од разни причини не се реализираа.

| Потреби за 2024 година | Предвидени трошоци(ден.) |
|---|---|
| Набавка на нова сонда за кислород | 80.000 |

| | |
|---|---|
| Сервисирање на пумпи и ел. мотори | 90.000 |
| Поправка на ограда | 12.000 |
| Санирање на зидови на сушни полиња | 6.000 |
| Набавка на модул за PLC | 20.000 |
| Плата за вработени | 3.000.000 |
| ХТЗ опрема за вработени | 30.000 |
| Поправка на покрив на главен објект | 10.000 |
| **Вкупно** | **3.248.000** |

**34.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програма за работата на Општинската установа Дом на кутура ,,Драги Тозија’’ – Ресен за 2024 година

Се објавува Заклучокот по Програма за работата на Општинската установа Дом на кутура ,,Драги Тозија’’ – Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/34 Градоначалник
18.12.2023 година Јован
Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако ја разгледа Програмата за работата на Општинската установа Дом на култура ,,Драги Тозија’’ – Ресен за 2024 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за работата на Општинската установа Дом на култура ,,Драги Тозија’’ – Ресен за 2024 година, заведена под арх.бр.01-46/1 од 11.12.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/37 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**ОПШТИНСКА УСТАНОВА**

**ДОМ НА КУЛТУРА “ДРАГИ ТОЗИЈА”-РЕСЕН**

**ПРОГРАМА ЗА 2024 год.**



**ПРОГРАМА ЗА 2024 ГОДИНА**

Културата претставува интегрална целина на човековото знаење, верување и однесување ,која е резултат на целосниот човечки капацитет за учење и пренесување на наученото кон следните генерации.Културата исто така се состои од : јазик,идеи, верувања,обичаи, табуа, кодови, институции, алатки,техники, уметнички дела,музика, ритуали, церемонии и симболи. Културата игра важна улога во човековата еволуција,која му овозможува на човекот да ја приспособува природата кон своите потреби,наместо да зависи од природната селекција.

Секое опшество има своја култура или социјокултурен систем . Варијацијата на културата произлегува од различните навики,обичаи и ресурси , од палетата на можностите наследени од реонот во кој живееме како што се јазикот, ритуалите и социјалната организација ,како и историскиот феномен кој не поврзува со другите култури. Низ културата се расветлуваат тајните кои одсекогаш биле догма за човештвото. Културното и духовнот движење навлегло во сите свери на животот и речиси промовира разум,наука и образование.

Двигател на културата во нашиот регион Преспа , и амбасадор на културите однесувања,вредности и идеали е токму Домот на Култура “Драги Тозија”-Ресен. Домот на културата има визија за културни промени кои резултираат со успех некогаш,сега и во иднина. Располага со континуирани промени во обласста на слободното уметничко творештво кое го гаи како културно наследство и богатство што се пренесува од генерации на генерации. Домот на култура е нераскинлива врска помеѓу минатото и денес, како и предводник на иднината со своите богати и неисцрпни идеи за индивидуален и колективен културен развој на населението во Преспа и пошироко.

Низ годините Домот на културата “Драги Тозија”бил носител на идеите за културиот развој и може да се пофали со многубројни реализирани проекти

и маифестации, културно-уметнички работилници,музејски и ликовни изложби,промоции на книги и други трудови од областа на книжевноста, музички и инструментални, вокални изведби на многубројни домашни и страни изведувачи. Развојот на библиотекарството како една и единствена гранка за културно воздигнување се обновува и збогатува со книжевниот фонд,како и фондот на читатели. Драмската дејност е со збогатен карактер со аматерски и професионални изведби на локални и страни драматурзи. Драмата како еден од белезите на културата се доближува до преспани со сета своја богата палета на жанрови и стилови. Едукативните работилници се поврзани со секој настан било да е верски,просветен,музички или ликовен поврзан со секојдневито. Се афирмираше и македонскиот јазик и кириличното писмо преку подршка на малди талентирани уметници низ проектот “Цртај на македонски”. Домот на културата “Драги Тозија ” по основ на проектот “Убавината е во различностите”-може да се пофали со една успешна реализација,како и за две годишниот проект “Креативна Преса”. Така и оваа 2024год. аплицираше за годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес и активности, за 2024год. предизвик и на точка чекање е одобрувањето на проектите насловени како :

“Дигитален детокс низ културни настани”

“Иванки  2024”

“Градиме еднаков свет за сите”

“Заборавените бабини игри во мултиетничка Преспа”

Домот на културата од општина Ресен има една цел за свое мото:

Потикнување институции и уметници да творат и афирмираат нашите културно историски вредности во општината и пошироко сето тоа преку програмата предвидена да се реазлизра за следниве дејности :

-библиотечна дејност,

-музичко – сценска дејност,

-драмска дејност,

-визуелни уметност,архитектура и дизајн.

**Библиотечна дејност**

Покрај позајмувањето книги на своите редовни членови и читатели, библиотеката пред се има огромна културна и образовна дејност, која ја создава базата на умотворење на сопственото локално население. Постојаната надградба со дела кои претставуваат новост во светот на белетристиката, но и научните сознанија, библиотеката има огромно едукативно влијание врз локалното население, особено врз помладата популација.

За таа цел во 2024 година планираме обновување на книжниот фонд на библиотеката со литература која недостасува за задоволување на потребите на читателите, како и замена на веке дотраена и неупотреблива литература. Исто така планираме да обновиме и дел од лектирните изданија за основно и средно образование, како и набавка на белетристика од домашни и странски автори.

со што дополнително би се зголемил бројот на читатели, кој од година во година се повеќе се зголемува. Последните 5 години, библиотеката располага со континуирано зголемување на своето членство, што е резултат на богатиот фонд на книжни единици.

Активностите во библиотеката се поврзани со промоции на книги, литературни читања, средби со читатели, средби со автори, популаризација на книгата, како и средби со писатели од земјата и соседните држави. Преку организирањето на различни натпревари и наградни конкурси, ја зголемуваме желбата за литературно творење и создавање натпреварувачки дух кај младите.

Планирани се и понатамошни соработки и продлабочување на стекнатите соработки со други библиотеки, како и давање стручна помош на локалните училишни библиотеки во нашиот град.

Библиотеката активно учествува и во одбележување на Светскиот ден на книгата и авторското право.

Нема да изостанат ниту роднокрајните автори, чија презентација на нивното творештво мора да биде промовирана, со цел да се доближи до пошироката публика и да се зголеми вредноста на локалните творци.

Постојаното надополнување на стручна литература, белетристика, лектирни изданија за средно и основно образование е наша најголема заложба.

За да нашите членови во библиотеката и корисници имаат полесен увид и пристап до сите книги на нашата библиотека, библиотеката е полноправен

член во библиотечно информатичкиот систем COBISS, во кој што од година во година се надградуваме.

Годишната програма за 2024 година ќе опфаќа:

Набавка на книги, белетристика и лектирни изданија

Поетско читање и одбележување на денот на виното и љубовта

Награден конкурс по повод 8 Март – Меѓународниот ден на жената и одбележување на Светскиот ден на поезијата

Одбележување на Светскиот ден на книгата и авторското право и Светскиот ден на литературата за деца

Награден конкурс на тема за Св. Кирил и Методиј, со поетско читање и доделување на награди. Организација на Општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ – 2024 и учество на Републичкиот натпревар „Млади библиотекари“ – 2024.

Поетска манифестација и одбележување на Меѓународниот ден на децата

Промоција на книга

Одбележување на Меѓународниот ден на младите

Промоција на книга, поетско читање и одбележување на Меѓународниот ден на писменоста

Набавка на книги, белетристика и лектирни изданија

Одбележување на Светскиот ден на детето, посета на ученици од градинката и ученици од прво до петто одделение на библиотеката, со цел нивно запознавање со работата на библиотеката.

Награден конкурс на тема за Св. Климент Охридски, со поетско читање и доделување на награди

За реализација на програмата од библиотечна дејност, планирани се 150,000 ден

## Музичко-сценска дејност

Музиката му предходи на пишаниот збор и е тесно поврзана со уникатноста на човековата култура. Музиката е моќ и знаење на сите јазици и во сите култури. Музиката е историја. Музиката мора да ја истражуваш,зошто е сепак уметност и сака посебно внимание.

Домот на културата,има за цел да им ја представи оваа модерна и уникатна гранка на преспани. Да ги насочи како е да се биде вистински човек, човек кој знае да цени естетика ,морал,убавина и како да ги поврзе минатото,сегашноста и иднината, накратко сака да им покаже како живеат луѓето надвор од овој секојдневен круг. Музиката е есенцијална гранка во оформувањето на духот на човекот. Домот на Култура има за цел и оваа година да го доближе и да направи да е поприсутна музиката во животот на преспани. Музиката е како наука која се изучува,култура која се пренесува, светлина која не просветлива.

Музиката е музика на сите јазици,кај сите возрасти,кај сите генерации. Само Домот на Културата умее да ја промовира на свој начин и низ 2024год. со сета своја вредност. Акцент пред се ќе се нагласи на младите таленти од општината,кои сакаат да ја промовираат својата макотрпна работа,како и на нашите локални музички групи.

Фолк вечерите и фолк музиката како жарн чија основа се народните музички изведувачи, ќе бидат обележани со гостувања на фолк групи и фолк изведувачи локални и гости од други градови ширум републикава.Оваа музика допридонесува до поврзување и со народните обичаи и народните игри кои низ танц и оро ќе ни ги раскажат нашите културно уметнички друштва од реонов како што се КУД “’Таше Милошевски” и турското уметничко друштво “Кардашлик”- без кои не може да се замисли ни еден настан поврзан со историските обележја на градот Ресен, а целта е размена на култури и искуства со други друштва од останатите градови, гостување и промовирање на нивните таленти.

Новитет во музичката култура на Ресен се промовирање на хорот и хорското пеење,. Хорот како гласовен ансамбл сака да ја промовира својата изведба во развој на една нова културна сфера на нашив народ. Хорот е замислен со концертни изведби на детски изведувачи. Гостување на детски фестивали и музички групи. Љубителите на црковната музика ќе имаат чест да уживаат во изведувањето на црковната музика од византискиот хор "св.Ахил Преспански"-талентот низ грлата на нашите епископи и вероучители ќе не доближе до духот на верата и хрисијанството. Гостување на хорот ''Стив Наумов"- Битола.

Поп  и рок изведби на значајни локации низ градот кои го кријат жарот на поп-рок амбиентално доживување.

Концентри од виолинисти и вилинските изведувачи, флејти и мандолински оркестар ...таленти на пиано со несекојднево поврзување на класичната и народната музика,нивни гостувања и конценртни изведби на сериозна и класична музика во просториите на Сарајот и во Ресен.

Низ перцето и жиците на гитарата нека се слушнат акордите низ брановте на Преспанското езеро како една езерска бајка ги пееме и уживаме во езерските широчини и гласот на песната. Нека езерската променада биде загатка и синоним за новост во музичкиот колаж.

Сето ова музичко имплементирање е нагласување и афирмирае на младите таленти,промоција и истакнување на локалната уметност и локалните музички уметници.

Домот на културата "Драги Тозија" во соработка со локалната самоуправа нема да изостане а да не учествува во заедничко спроведување и реализирање на досегашните и идните  настани  како"Преспански јаболкобер", "Априлијада", "Велигденски хепенинг", "Новогодишна програма", " Дочек на Стара Нова Година ".

За реализација на сите планирани активности во музчката дејност  за 2024год. се предвидени  150 000ден.

## Драмска дејност

Драмската дејност опфаќа изведување на сцена пред публика. Таа е посебна форма на фикција која прикажува а не  раскажува. Театарските изведби се во директна корелација со публиката. Ресен заслужува едно поинакво културно возвишување кое ќе му го доловат нашите драматурзи. Преспа е расадник на млади таленти кои почетоците ги носат токму од активностите кои низ годините ги гаи Домот на Културата” Драги Тозија”. Со сите овие ангажирања  Домот на Културата на млади талентирани уметници актери ,му всадил голема љубов и ги направил нивен животен сон и трајна професионална определба.

Овогодишниот план и прогама на Домот на Културата е да допре до сетилата на секој еден низ изведувањата на професионалните и аматерските тетарски претстави кои ќе го збогатат нивото на свеста за посетување и уживање на настани од овој тип.

Драмската дејност за време на изолацијата во периодот на короната за жал беше во мирување,како и другите културни настани во светов. Но денес и во последниве две години  Домот на Културата може да се пофали со експлозивна изведба на представата “Пепелашка”-која беше во рамките на проектот  “ Убавината е во различностите”. Преполна сала од посетители од сите старосни граници,и многубројните прикажувања на представата се доказ дека на Ресен му недостига  ваков тип на културни збиднувања и забава.

Идеата на Домот на културата е да во оваа 2024год. не застане тука,туку да му одговори на предизвикот и да склопи уште две нови представи кои се во подготовка и разработка. Активно се работи на планот за реализација на предновогодишната представа која е замислена да биде мини мјузикал  со наслов“Кога Гринч го украде Божиќ”. Низ оваа представа младите аматери,деца драматурзи ќе ја доловат новогодишната атмосфера до најмладите посетители. Со голем ентузијазам и силна желба, на барање на

публиката и на барање на актерите ќе се спрема и вториот чин од драмата "Пепелашка"-" Пепелашка II" во неа на наше задоволство а и на задоволство на публиката ќе бидат повторно вклучени децата со посебни потреби од "Дневниот центар на деца со попреченост". Овие активности и искуства Домот на Култура има намера да ги размене со другите општински домови на култура низ републикава. Токму за таа цел ќе се промовира и ќе се прикажува претставата на повеќе локации во републикава.

Тука нема да ставиме крај, затоа што сме отворени за соработка со театарските куќи кои ќе ги поканиме да бидат гости во нашиот град со професионални тетарски представи. Соработката со Битолскиот , Охридскиот, Струмичкиот, Кавадаречкиот дом на култура и други како и Театар за Деца и Млади и многу други тетатарски институции и ќе овозможи соработка и реализација на гостувања и представувања на различни представи,драми,монодрами,комедии,трагедии,стенд ап представи и слично,со професионални уметници.

Од досегашното гостување на стенд-ап комичарите се забележа посебен апетит на посетеност кај Преспанчани, затоа ќе се промовираат и низа други такви стенд-ап представи со наши комичари кои ќе ни го разубават секојдневието и ќе ни го направат повесело.

На нашата Преспа и недостига овој културно забавен живот а Домот на Култура ''Драги Тозија'' има план, идеа и мотив како тоа да го долови,реализира и спроведе на граѓаните, а не само да го има на хартија како предлог кој никогаш нема да се оствари. Збогатувањето на драмската дејност ќе е од особен интерес кај преспани и околината.

Планирани средства за реализација на овие активности од делот на драмската дејност за програмата предвидеена за 2024год. се 150 000ден.

## Визуелни уметности,архитектура и дизајн

Уметноста е таа која треба да се овековечи.Преку нашата работа во областа на уметноста, ние се трудиме д изнајдиме нови начини на поврзување едни со други и на меѓусебно разбирање , им помагаме на уметниците да освојуваат нови територии, ја поврзуваме креативноста и иновациите,ги јакнеме капацитетите преку градење вештини за поддршка на основните потреби на размена на креативност и придонесуваме кон развој на визуелната уметност.Главно активностите ни се насочени кон бројни изложби, разни работилници , професионални посети од истакнати македонски уметници,врвна соработка и развој на секторот за архитектура, дизајн и музејски драгоцености.

Домот на Култура има за цел да ја развие и поттикне креативнста на родокрајните уметици и колекционери на уметнички дела. Ресенскиот сарај е уметност со афтентично историско значање кое што ќе биде идеално место за реализирање на самостојни и групни ликовни изложби, ликовни колонии во соработка со врвни професори по уметност, собирачи на фотографии и нивни изложувања, склуптури, ракотворби разни изработки,на локални и страни уметници.

Поттикнување на младите да го развијат и унапредат својот талент,како и развивање на талент кај неталентираните ученици низ разни работилници како и досегашните “skver art”,”Креативна Преспа”, “Цртај на кирилица ”и други изложби на деца низ ликовни детски работилници.

Со овие активности Домот на Културата има за цел да ја зачува македонската ликовна традиција, да афирмира уметност и дизајн во сечиј културен развој како и да поттикне, посета и поддршка на ликовните таленти.

Во делот со интерактивните едукативни работилници, Домот на Култура “Дарги Тозија”- во планот и програмата има за цел да го промовира и реализира рекреативно,забавниот и едукативен квиз на знаења”Мали сезнајковци”-во кој активно учество ќе имаат надарени ученици во разни

области од основните локални училишта. Овој квиз ќе биде со забавен карактер во кој ќе се одценува меморија,брзина,вештина ,логичко размислување а пред се ќе се акцентира тимска работа и дружење.

За реализација на активностите и во оваа дејност се планирани 150 000 ден.

Подносител

В.Д. Директор

Васко Василевски

**35.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Програма за дел од активностите и работа на Општинска организација на Црвен Крст на Ресен за 2024 година

Се објавува Заклучок по Програма за дел од активностите и работа на Општинска организација на Црвен Крст на Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/35
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако ја разгледа Програмата за дел од активностите и работа на Општинската организација на Црвен крст на Ресен за 2024 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за дел од активностите и работа на Општинската организација на Црвен крст на Ресен за 2024 година, заведена под арх.бр.03-252/1 од 28.11.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/38
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Обезбедувајќи континуитет во работењето како и понатамошна надоградба Општинската организација на Црвениот крст од Ресен, со својата кадровска екипираност, екипата од волонтери и младината, создава неопходни услови за рационално и ефикасно задоволување на интересите и потребите на граѓаните од нашата Општина.
Како би имале непречено и навремено организирање и тек на активности, надоградување и постојана обука на волонтери и вработени, целосно следење и почитување на Статутарните одлуки, Стратешките развојни цели, зголемување на бројот на волонтери, едукации и активности за добробит на заедницата како и поедини целни групи, потребно е целосна подршка и помош од Локалната самоуправа.

Долунаведените активности се дел од нашите Програмски годишни активности за кои е потребна соработка од страна на Локалната самоуправа:

1. **Здравствено воспитна дејност, хуманитарна дејност - крводарителство** - организирање и водење на крводарителски акции, помош и обезбедување на оптимални количини крв и крвни продукти во секое време и за секој граЃанин кој има потреба од истата.
   Обезбедување на стимулативни средства за дарителите за помасовно вклучување во крводарителските акции и зголемување на нивниот број. Одбележување на Денот на дарителите 17- Март иобезбедување на награди за јубилејни дарувања и др.активности- **20.000,оо ден**.

2. **прва медицинска помош,здравствено воспитание и образование како и примарна превенција на болестите кои добиваат поголемо значење во услови на намален животен стандард,** - вклучува оспособување на населението за пружање на прва медицинска помош во ризични ситуации, обука и едуцирање на подмладокот и младината за давање на прва помош, организирање и одржување на натпревари по прва медицинска помош. Покрај првата помош се одржуваат и одбележуваат сите календарски активности со едукативни предавања на школската популација како и редовни известувања и предавања на локални медиуми-веб страни.
   Се одбележуваат неделите на борба против сидата,СПБ, наркоманија, никотинизам ,алкохолизам, борба против ракот, туберкулозата итн.
   -одржување и припрема и учество на натпревари по прва помош - **15.000,оо ден.**

3. **Социјално - хуманитарна дејност** - една од најважните дејности на организацијата обезбедување,прием, складирање и дистрибуција на социјална помоШ (прехрамбени продукти, облека, средства за хигиена итн), организирање на собирни акции, водење на грижа за стари лица, бегалци, раселени лица, инвалидите, самохрани мајки...
   Помагање и активности во корист на сите лица кои се во лоШа материјална положба, со целосно почитување на нормативните акти.
   Тука се и организирањата на собирни акции на парични, хигиенски и прехрамбени средства кои во целост се користат за лицата кои имаат потреба од истите.Средствата за обезбедување на хум.помоШ ги обезбедува Општинската организација на Црвен крст-**15.000.оо ден**.

4. **Дејствување-подготвеност при катастрофи, вонредни состојби - припрема на планови и техничко опремување,прифаЌање и згрижување на бегалци, дисеминација...**
Активностите на организацијата во областа на оваа проблематика воглавно се одвиваат према нормативните акти на опШтинската организација како и на Организацијата на Црвениот крст на РМ. Поаѓајќи од состојбите во минативе години кога се јави потреба од поголема активност на овој план, како би можела поефикасно да се одговори при појава на вакви состојби потребно е **10.000 ден.**

5. **Служба барање** - размена на семејни пораки, пронаоЃање на лица, поврзување, средби, контакти и се она Што произлегува од Женевските конвенции и човековите права.
Активностите ги организира врз програмските активности на органите на Црвениот крст на РМ кои пак произлегуваат од Женевските конвенции и дополнителните протоколи 1и2, Законот на Црвениот крст на РМ како и Статутот на ЦКРМ и Статутот на ОпШтинската организација.
Според Законот на Црвениот крст на Република Македонија донесен на 26 јули 1994 година и објавен во Службен весник **бр.41/94** зацртани се програмските активности на Организацијата како и начинот на нивното финансирање. **Според член 26 од Законот на Црвениот крст на РМ, дел од финансиските средства за активностите на организацијата треба да ги обезбеди Локалната самоуправа.**
- потребна сума за реализирање на активностите и покривање на троШоците околу нив **- 5.000,оо денари.**

6. **Организација, развој и соработка** – функционирање на основна организација на ЦК во Општина Ресен- годишна членарина на членство и раководство 20 члена – **3.000,оо ден.**

7. **Младите на Црвениот крст** -Голем дел од програмските активности на организацијата се насочени кон младите членови на О.О. на Црвениот крст на Ресен кои се основната клетка на организацијата врз која треба да се темели движењето на Црвениот крст. Организацијата врШи омасовување на членството на младите со посебен акцент на приемот на првачињата во Организацијата. Редовно се врШи и Дисеминација -запознавање со улогата, задачите, целите како и значењето на организаціата и Женевските конвенции за Што досега младите покажуваат посебен интерес. Младите се вклучени и во работните тела и органите на организацијата.
- обезбедување на средства за присуство на семинари за обука на млади лидери во повеќе области како и ПХВ котизација за национална програма на млади – **вкупно 40.000,оо ден.**

8. **Котизација** за наш член во собранието и органите на Цвен крст на Р.Северна Македонија - **30.000 ден.**

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

-За финансирање на наведените програмски активности на организацијата

-Здравствено воспитна дејност, хуманитарна дејност - крводарителство - **-20.000,оо ден**.

-прва медицинска помош,здравствено воспитание и образование како и примарна превенција на болестите кои добиваат поголемо значење во услови на намален животен стандард, **-15.000,оо ден.**

-Социјално - хуманитарна дејност - **15.000.оо ден**.

-Дејствување-подготвеност при катастрофи, вонредни состојби - припрема на планови и техничко опремување,прифаЌање и згрижување на бегалци, дисеминација – **10.000 ден.**

-Служба барање - **5.000,оо денари.**

- Организација, развој и соработка членство – **3.000,оо ден.**

-Младите на Црвениот крст и ПХВ национална програма за млади - **40.000,оо ден.**

- Котизација за наш член во собрание на ЦКРСМ - **30.000 ден.**

---

**Вкупно - 138.000,оо денари.**

**Напомена:** Средства ќе бидат побарани само по оние горенаведени точки и активности по кои и реално би се направил трошок во годината. Трошоците за активности и реализација ги обезбедува општинската организација, наведените се само дел од планираните средства.

Општинска организација на Црвен крст - Ресен

Претседател

Др.Кире Доновски

Секретар

Веловска Наташа

**36.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Финансиски план за 2024 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија'' – Ресен

Се објавува Заклучок по Финансиски план за 2024 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија'' – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/36
18.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако го разгледа Финансискиот план за 2024 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија'' – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансискиот план за 2024 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија'' – Ресен, заведен под арх.бр.05-45/2 од 11.12.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/39
14.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН
# ЗА 2024 ГОДИНА
# НА

# ОПШТИНСКА УСТАНОВА
# ДОМ НА КУЛТУРА
# „ДРАГИ ТОЗИЈА“ РЕСЕН

Блок дотацијата за култура за 2024 година изнесува 4.159.610,оо денари. Од овие средства за бруто плати планирани се 2.940.000,оо денари од кои на конто 401 се- 1.905.000,оо за основни плати и 195.000,оо за персонален данок од плати и надоместоци на конто 402 се - 800.000,оо за придонеси од плати, на конто 404 надоместоци за годишен одмор 40.000,оо.

За програмски активности и материјални трошоци за работење на установата се планирани 1.219.610,оо ден. кои се распоредени по програми:
програма К1 – библиотечна дејност – 230.000,оо денари, програма К2 - музичко-сценска и уметничка дејност – 759.610,оо денари и програма К3 - ликовна и галериска дејност – 230.000,оо.

Домот на култура „Драги Тозија“ Ресен има и сметка на сопствени приходи, кои ги остварува од : членарини од библиотека, приходи од билети од театарски претстави, концерти и закупнина на простории. Во текот на 2024 година со ангажирање на вработените во Домот на култура планирано е да се остварат 250.000,оо ден. Овие средства се наменети за материјални трошоци и програмски активности.

Динамиката на планираните приходи и расходи е табеларно прикажана во финансискиот план.

**Финансиски план за 2024 година за Сметка на блок дотација 760010996290310**

**Вкупни приходи од блок дотација -4.159.610**

**Вкупни расходи: 4.159.610**

К1- БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

| ПРОГРАМА | КОНТО | НАЗИВ НА КОНТО | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **К1** | **420** | **Патни и дневни расходи** | **5.000** |
| К1 | 420120 | Патни и дневни расходи | 5.000 |
| **К1** | **421** | **Комунални услуги** | **70.000** |
| К1 | 421110 | Електрична енергија | 70.000 |
| **К1** | **423** | **Ситен инвентар, алат** | **50.000** |
| К1 | 423110 | Канцелар. Матер. | 20.000 |
| К1 | 423120 | Списанија весници | 20.000 |
| К1 | 423710 | Средства за хигиена | 10.000 |
| **К1** | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **5.000** |
| К1 | 424420 | Поправки и тековно одрж. | 5.000 |
| **К1** | **425** | **Договорни услуги** | **20.000** |
| К1 | 425990 | Др. Дог. услуги | 20.000 |
| **К1** | **464** | **Разни трансфер** | **80.000** |
| К1 | 464990 | Др. трансфери | 80.000 |
| **ВКУПНО** | | | **230.000** |

**К2-СЦЕНСКО-МУЗИЧКА И УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| ПРОГРАМА | КОНТО | НАЗИВ НА КОНТО | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **К2** | **401** | **Основни плати** | **2.100.000** |
| К2 | 401130 | Основни плати | 1.905.000 |
| К2 | 401310 | П. данок од плати | 190.000 |
| К2 | 401320 | П. данок од надоместоци | 5.000 |
| **К2** | **402** | **Придонеси за социјално осигуру.** | **800.000** |
| К2 | 402110 | Пио | 540.000 |
| К2 | 402210 | Здравство | 210.000 |
| К2 | 402220 | Профес. Заболув. | 33.000 |
| К2 | 402310 | Вработување | 17.000 |
| **К2** | **404** | **Надоместоци** | **40.000** |
| К2 | 404110 | Надоместоци за годишен одмор | 40.000 |
| **К2** | **420** | **Патни и дневни расходи** | **8.000** |
| К2 | 420120 | Патни и дневни расходи | 8.000 |
| **К2** | **421** | **Комунални услуги** | **80.000** |
| К2 | 421120 | Вода | 25.000 |
| К2 | 421240 | Течни горива | 10.000 |
| К2 | 421320 | Телефон | 20.000 |
| К2 | 421390 | Др. Трош. За комуник. | 25.000 |
| **К2** | **423** | **Ситен инвентар, алат** | **50.000** |
| К2 | 423720 | Матер. За разни поправки | 25.000 |
| К2 | 423810 | Ситен инвентар | 25.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **К2** | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **5.000** |
| К2 | 424420 | Поправки и тековно одржување | 5.000 |
| **К2** | **425** | **Договорни услуги** | **500.000** |
| К2 | 425990 | Др. Договорни услуги | 500.000 |
| **К2** | **426** | **Опер. расходи** | **15.000** |
| К2 | 426120 | Членарини | 5.000 |
| К2 | 426990 | Др. Оперативни расходи | 10.000 |
| **К2** | **464** | **Разни трансфери** | **101.610** |
| К2 | 464990 | Др. трансфери | 101.610 |
| **ВКУПНО** | | | **3.699.610** |

## КЗ-ЛИКОВНА И ГАЛЕРИСКА ДЕЈНОСТ

| ПРОГРАМА | КОНТО | НАЗИВ НА КОНТО | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **КЗ** | **420** | **Патни и дневни расходи** | **5.000** |
| КЗ | 420120 | Патни и дневни расходи | 5.000 |
| **КЗ** | **421** | **Комунални услуги** | **70.000** |
| КЗ | 421220 | Дрва | 70.000 |
| **КЗ** | **423** | **Ситен инвентар, алат** | **50.000** |
| КЗ | 423110 | Канцелар. Матер. | 10.000 |
| КЗ | 423710 | Средства за хигиена | 15.000 |
| КЗ | 423990 | Др. материјали | 25.000 |
| **КЗ** | **424** | **Поправки и тековно одржување** | **5.000** |
| КЗ | 424420 | Поправки и тековно одржување | 5.000 |
| **КЗ** | **425** | **Договорни услуги** | **30.000** |
| КЗ | 425990 | Др. Дог. услуги | 30.000 |
| **КЗ** | **464** | **Разни трансфери** | **70.000** |
| КЗ | 464990 | Др. трансфери | 70.000 |
| **ВКУПНО** | | | **230.000** |

**Сметка на сопствени приходи 760010996278716**
**Програма К2**
**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА**

| Конто | Назив на конто | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 723019 | Други образовни такси | 8.000 | 8.000 | 7.000 | 7.000 | **30.000** |
| 723411 | Членарини во институции од областа на културата | 15.000 | 15.000 | 10.000 | 10.000 | **50.000** |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | 25.000 | 30.000 | 30.000 | 25.000 | **110.000** |
| 723911 | Закупнина | 15.000 | 15.000 | 15.000 | 15.000 | **60.000** |
| **723** | **Вкупно Такси и надоместоци** | **63.000** | **68.000** | **62.000** | **57.000** | **250.000** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА**

| Конто | Назив на конто | Прв квартал | Втор квартал | Трет квартал | Четврт квартал | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **420** | **Патни и днев. расходи** | **5.000** | **6.000** | **6.000** | **3.000** | **20.000** |
| 420120 | Патни расходи | 5.000 | 6.000 | 6.000 | 3.000 | 20.000 |
| **421** | **Комунални услуги** | **9.000** | **8.000** | **9.000** | **9.000** | **35.000** |
| 421110 | Електрична енргија | 2.000 | 1.000 | 2.000 | 2.000 | 7.000 |
| 421120 | Вода | 1.000 | 1.000 | 1.000 | 1.000 | 4.000 |
| 421220 | Дрва | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 20.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 421310 | Пошта | 500 | 500 | 500 | 500 | 2.000 |
| 421320 | Телефон | 500 | 500 | 500 | 500 | 2.000 |
| **423** | **Ситен инвент, алат и др. матер.** | **10.000** | **15.000** | **15.000** | **10.000** | **50.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 2.000 | 4.000 | 4.000 | 2.000 | 12.000 |
| 423120 | Списанија и весници | 1.500 | 3.000 | 3.000 | 1.500 | 9.000 |
| 423190 | Др. админ. матер. | 1.500 | 2.000 | 2.000 | 1.500 | 7.000 |
| 423710 | Средства за хигиена | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 8.000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 2.500 | 3.000 | 3.000 | 2.500 | 11.000 |
| 423990 | Други материјали | 500 | 1.000 | 1.000 | 500 | 3.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **1.000** | **2.000** | **1.000** | **1.000** | **5.000** |
| 424420 | Поправки и одрж. на хард. и софтвер. опрема | 1.000 | 2.000 | 1.000 | 1.000 | 5.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **30.000** | **30.000** | **30.000** | **30.000** | **120.000** |
| 425990 | Др. договорни услуги | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 120.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **5.000** | **5.000** | **5.000** | **5.000** | **20.000** |
| 464990 | Други трансфери | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 5.000 | 20.000 |
| | **ВКУПНО:** | **60.000** | **66.000** | **66.000** | **58.000** | **250.000** |

**37.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок по Финансиски план за 2024 година на СОУ ,,Цар Самоил’’ – Ресен

Се објавува Заклучок по Финансиски план за 2024 година на СОУ ,,Цар Самоил’’ – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 14.12.2023 година.

Бр.09-2644/37 Градоначалник
18.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 14.12.2023 година, откако го разгледа Финансискиот план за 2024 година на СОУ ,,Цар Самоил’’ – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансискиот план за 2023 година на СОУ ,,Цар Самоил’’ – Ресен, заведен под арх.бр.05-175/2 од 02.12.2023 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2583/40 Претседател
14.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

Средното општинско училиште „Цар Самоил „ - Ресен во 2024 година финансиското работење ќе го остварува преку четири жиро сметки и тоа: сметка блок дотации - 903 , самофинансирачка сметка - 787, донаторска сметка 785 и по потреба од сметка од Локалната самоуправа -603 .

На сметката на блок дотации за 2023 год. на училиштето му е одобрено вкупна сума од **37.800.000,00** денари.

Сумата е поделена за исплата на плати и надоместоци во износ од **35.565.692,00** денари и материјални трошоци , комунални услуги со средства за затоплување , поправки и тековно одржување , договорни услуги ( превоз на ученици , примарна здравствена заштита и сл.), трансфери за пензионирање кои се во износ од **2.234.308,00.**

Во износот од **35.565.692,00** ден. се планирани платите и придонесите на 64 вработени во СОУ„ Цар Самоил „ Ресен, од кои 15 вработени не се со цела плата заради помал фонд на часови.

Во оваа маса на пари влегуваат и платите за сите вработени што би се јавиле на огласот на определено време за потребите на паралелките на албански и турски наставен јазик.

Од ваквата распределба се гледа дека најголем дел од средствата се користат за плати на вработени , па дури и средства за регрес на годишен одмор за 2024 година не се испланирани со овој план со оглед на тоа што мораше таа минимална сума за материјални трошоци да се искористи за покривање на најосновните потреби за нормално функционирање на наставата и тековното работење на училиштето.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **74** | | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | |
| | **741** | | **Трансфери и донации од други нивоа на власт** | **37.800.000,00** |
| | | 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 37.800.000,00 |

Овие средства од блок дотацијата за 2024 година се распределени на следниве расходи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **37.800.000,00** |
| **40** | | | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **35.565.692,00** |
| | **401** | | **Основни плати** | **25.606.148,00** |
| | | 401130 | Основни плати – други вработени | 23.631.009,00 |
| | | 401310 | Персонален данок на доход од плата | 1.975.139,00 |
| | **402** | | **Придонеси за социјално осигурување** | **9.959.544,00** |
| | | 402110 | Основни придонеси за ПИО | 6.686.547,00 |
| | | 402210 | Основни придонеси за здравство | 2.668.454,00 |
| | | 402220 | Основен придонес за проф. заболување | 177.833,00 |
| | | 402310 | Основни придонеси за агенција за вработување | 426.710,00 |
| **42** | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.234.308,00** |
| | **421** | | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **1.225.308,00** |
| | | 421110 | Електрична енергија | 600.000,00 |
| | | 421120 | Водовод и канализација и ѓубретарина | 35.308,00 |
| | | 421240 | Течни горива | 500.000,00 |
| | | 421310 | Пошта | 10.000,00 |
| | | 421320 | Телефон и телефакс | 10.000,00 |
| | | 421390 | Други трошоци за комуникација | 60.000,00 |
| | | 421410 | Горива и масла | 10.000,00 |
| | **423** | | **Материјали и ситен инвентар** | **158.000,00** |
| | | 423110 | Канцелариски материјали | 30.000,00 |
| | | 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 1.000,00 |
| | | 423210 | Материјали за АОП | 40.000,00 |
| | | 423510 | Лекови | 5.000,00 |
| | | 423610 | Наставно образовни помагала | 10.000,00 |
| | | 423620 | Училишни материјали | 1.000,00 |
| | | 423710 | Средства за одржување на хигиена | 40.000,00 |
| | | 423720 | Материјали за разни поправки | 10.000,00 |
| | | 423810 | Ситен инвентар | 10.000,00 |
| | | 423830 | Резервни делови | 10.000,00 |
| | | 423990 | Други материјали | 1.000,00 |
| | **424** | | **Поправки и тековно одржување** | **80.000,00** |
| | | 424210 | Одржување на згради | 30.000,00 |
| | | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 30.000,00 |
| | | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардвер.опрема | 10.000,00 |
| | | 424440 | Поправка и одржување на друга опрема | 10.000,00 |
| | **425** | | **Договорни услуги** | **578.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 425290 | Други финансиски услуги | 15.000,00 |
| | | 425420 | Примарна здравствена заштита | 60.000,00 |
| | | 425310 | Правни услуги | 500,00 |
| | | 425360 | Судски такси | 500,00 |
| | | 425750 | Услуги за вон училишни образовни активности | 1.000,00 |
| | | 425760 | Превозни услуги во образование | 400.000,00 |
| | | 425920 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 1.000,00 |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 100.000,00 |
| | **426** | | **Други тековни расходи** | **110.000,00** |
| | | 426120 | Членарини во домашни организации | 5.000,00 |
| | | 426310 | Семинари и конференции | 20.000,00 |
| | | 426410 | Објавување на огласи | 80.000,00 |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 5.000,00 |
| **46** | | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | |
| | **464** | | **Разни трансфери** | **80.000,00** |
| | | 464940 | Трансфери при пензионирање | 80.000,00 |
| **48** | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.000,00** |
| | **480** | | **Купување на опрема и машини** | **2.000,00** |
| | | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 1.000,00 |
| | | 480190 | Купување на друга опрема | 1.000,00 |
| | **485** | | **Вложување и нефинансирачки средства** | **1.000,00** |
| | | 485710 | Книги за библиотека и учебници | 1.000,00 |

**СОУ „ Цар Самоил „ дополнително работи со сметката - 787** -за самофинансирање која е строго наменска за потребите на учениците во образовниот процес и земјоделската дејност на училиштето. Поголем дел од средствата на оваа сметка се остварува од земјоделската дејност на стручното образование , како приходи од продажба на јаболка , сливи и цреши и дел од субвенции. Еден дел од средствата се по основ на вонредни уписи, испити и издавање на дупликати од дипломи , а мал дел од средствата се планирани по основ на закупнина од издавање на спортската сала. Оваа година се планирани и средства од спонзорства и котизации од земјоделски училишта од државата , бидејќи во нашето училиште ќе се одржува Државниот тракторски натпревар и ќе бидат потребни дополнителни средства , за кои сметаме дека ќе се најдат извори во текот на годината.

На оваа сметка планираниот износ е 2.630.000,00 денари што не значи дека ќе биде реализиран во целост во текот на 2024 година и во делот на прибрани приходи по сите намени и во делот на расходи по одделни ставки.

Од прикажанта табела јасно се гледа дека со средствата од самофинансирачката сметка се предвидени трошоци и во делот на комунални услуги, течни горива , ситен инвентар и други материјали, дезинфекцијата договорните услуги, примарната здравствена заштита кои задолжително требаа да бидат предвидени во блок дотацијата. Но доколку има недостиг на таа сметка , а со цел да има непречено работење во училиштето помали износи се планирани и од оваа сметка. А поголемиот дел се расходи кои се однесуваат на одржување и работа во насадот .

| 72 | | | **НЕДАНОЧНИ – ВКУПНО ПРИХОДИ** | **2.730.000,00** |
|---|---|---|---|---|
| | **723** | | **Такси и надоместоци** | **2.730.000,00** |
| | | 723011 | Такси за диплома и сертификат | 60.000,00 |
| | | 723012 | Такси за запишување | 60,000,00 |
| | | 723013 | Такси за испити | 60.000,00 |
| | | 723019 | Други образовни такси | 850.000,00 |
| | | 723119 | Други помошни активности во образование | 950.000,00 |
| | | 723219 | Приходи од продажба на производи и стоки | 700.000,00 |
| | | 723911 | Закупнина од објекти | 50.000,00 |

***Од овие приходи се предвидени следниве расходи:***

| | | | **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **2.730.000,00** |
|---|---|---|---|---|
| | **420** | | **Патни и дневни расходи** | **80.000,00** |
| | | 420110 | Патување во земјата - дневници | 30.000,00 |
| | | 420120 | Патување во земјата – патни расходи | 50.000,00 |
| | **421** | | **Комунални услуги, греење, комуникација транспорт** | **1.360.000,00** |
| | | 421110 | Електрична енергија | 100.000,00 |
| | | 421120 | Водовод и канализација | 10.000,00 |
| | | 421240 | Течни горива | 1.000.000,00 |
